РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО МИР И РАЗВОЈ

# "УЛОГАТА НА МИРОВНОТО НОВИНАРСТВО ВО ПРЕТСТАВУВАЊЕТО НА АКТИВНОСТИТЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ АКТЕРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2001 ГОДИНА"

- Магистерски труд -

**Ментор:**

**Проф. д-р Лидија Георгиева**

**Кандидат:**

**Марина Тунева**

**Скопје**

**мај, 2016**

# СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД ... 4**

**2. ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 6**

2.1 МИРОВНО НОВИНАРСТВО – ЕВОЛУЦИЈА, ПОИМ И ДЕФИНИЦИИ ... 7
2.2. ДОСЕГАШЕН ТРЕТМАН НА ПРОБЛЕМАТИКАТА ... 15
2.3. МЕДИУМИТЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕТО ВО УСЛОВИ НА ВОЕН КОНФЛИКТ - ОПШТИ СОГЛЕДУВАЊА ... 18
*2.3.1. Медиумите и „медиумската војна“ ... 21*
*2.3.2. Медиумите како инструменти за политичка манипулација ... 25*
*2.3.3. Сличности и разлики меѓу новинарите и решавачите на конфликти ... 28*
*2.3.4. Воениот известувач: набљудувач или своеволен учесник? ... 29*
2.4. ОБЈЕКТИВНОСТА КАКО СТАНДАРД ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО НОВИНАРСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ... 30
2.5. ЕТИКА ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ... 33
*2.5.1. Етички кодекси при известувањето ... 36*
*2.5.2. Регулативи за професионалност во работата на медиумите во Република Македонија ... 37*
2.6. МЕДИУМИТЕ И ГРАДЕЊЕТО МИР – КАКО МЕДИУМИТЕ МОЖЕ ДА ПРИДОНЕСАТ ВО РЕШАВАЊЕТО КОНФЛИКТИ? ... 38

**3. ИСТРАЖУВАЊЕ И МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА ОКОЛУ ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 41**

3.1. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 41
3.2. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 43
*3.2.1. Дефиниција на поимите и категориите употребени во истражувањето ... 44*
3.3. ХИПОТЕТИЧКА РАМКА ... 48
3.4. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ... 48
3.5. ПРИМЕРОК НА ИСПИТУВАЊЕ ... 50

**4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 51**

4.1. МЕЃУНАРОДНИТЕ АКТЕРИ И ФРЕКВЕНЦИЈА НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НИВНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО АНАЛИЗИРАНИТЕ НАПИСИ ... 51
*4.1.1. Фреквенција на известување за активностите на меѓународните актери по месеци ... 54*
4.2. ГОЛЕМИНА НА НАПИСИТЕ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ АКТЕРИ ... 57
4.3. ГЛАС НА АКТЕРОТ ... 59
4.4. ФОКУС НА АКТЕРОТ ... 60
4.5. ТРЕТМАН НА АКТЕРОТ ... 61
4.6. ПРЕГЛЕД НА ПОЧИТУВАЊЕТО НА СТАНДАРДИТЕ НА МИРОВНОТО НОВИНАРСТВО ВО АНАЛИЗИРАНИТЕ НАПИСИ ... 63
*4.6.1. Идеи за исходи дадени од страна на анализираните актери ... 65*
*4.6.2 Активности и цели со кои се претставени меѓународните актери во написите ... 67*
4.7. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ ВО КОНФЛИКТНИ СИТУАЦИИ И КОНФЛИКТОТ ВО 2001 ГОДИНА – ДЕНЕШНИ ПЕРСПЕКТИВИ ... 68

**5. ДИСКУСИЈА ... 77**

5.1. ОПШТИ СОГЛЕДУВАЊА ... 77
5.2. ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСПИТУВАНИТЕ ПРАШАЊА ... 79
*а. Општи прашања поврзани со активностите на меѓународните актери ... 79*
*б. Прашања поврзани со стандардите на мировното новинарство (посебни задачи на истражувањето) ... 82*
*5.2.1. Препораки за идни истражувања ... 90*
5.3. РЕЗИМЕ ... 91

**БИБЛИОГРАФИЈА ... 93**

**ПРИЛОЗИ ... 97**

ПРИЛОГ БР. 1 – ИДЕИ ЗА ИСХОДИ ОД СТРАНА НА АНАЛИЗИРАНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ АКТЕРИ . 97

ПРИЛОГ БР.2 - АКТИВНОСТИ СО КОИ СЕ ПРЕТСТАВЕНИ МЕЃУНАРОДНИТЕ АКТЕРИ ................ 102
ПРИЛОГ БР. 3 – ПРЕГЛЕД ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ НА МИРОВНОТО НОВИНАРСТВО СПОРЕД ГРУПИ НА АКТЕРИ ................ 109
ПРИЛОГ БР. 4 – ПРАШАЊА ЗА ИНТЕРВЈУ СО УРЕДНИЦИТЕ ................ 110

# 1. ВОВЕД

Вооружениот конфликт во Република Македонија во 2001 година беше најексплоатирана тема во медиумите во државата, како во текот на неговото времетраење, така и по потпишувањето на Рамковниот договор од Охрид на 13 август истата година, со кој официјално се стави крај на конфликтот во државата. Во медиумите, истовремено, во голема мера се известуваше и за активностите на различни актери и нивните обиди за посредство и решавање на конфликтот, за интервенциите од различен вид, како и за нивните проценки на безбедносната ситуација. Тука спаѓаше известувањето како за активностите на домашните, така и за оние на меѓународните актери.

За време на вооружени конфликти честопати се случува да не се почитуваат правилата за известување на начин што би водел кон разрешување на конфликтот и, воопшто, на правилата за професионализам и урамнотеженост во работата на медиумите. Притоа, се случува да не се обезбедат доволно информации за сите страни во конфликтот, да се даде поедноставена и субјективна слика за случувањата, а со тоа и да се избегне и обезбедување целосна слика за настаните.

Во такви околности, низ медиумите, свесно или несвесно, се провлекуваат и изјави што го обликуваат, но и го поткопуваат јавното мислење. Така, преку средствата за јавно информирање може да се пласираат скриени агенди на одредени актери, а и да се наметнуваат решенија за одредени проблеми. Од своја страна, самите медиуми можат свесно да заземат активна улога и тенденција во известувањето за одредени актери. Тие знаат да создаваат непријатели од едни, сојузници од други актери, а за трети, пак, и воопшто да не известуваат.

Улогата што ќе ја заземат медиумите во определен конфликт, како и во фазата пред и после конфликтот, зависи од комплексна целина на фактори, вклучувајќи го и односот што го имаат медиумите кон актерите во конфликтот и независноста што ја имаат медиумите во однос на носителите на моќ во општеството. Признанието за круцијалната улога на медиумите води до потребата од проучување на начините на кои медиумите може да играат конструктивна улога во разрешувањето на конфликтот.

Ова проучување е особено важно и за вооружениот конфликт во Македонија во 2001 година. Конфликтот во Македонија истовремено доведе и до проширена дебата за

моќта и улогата на меѓународната заедница. Медиумите, како и во многу други конфликти ширум светот, одиграа моќна улога. Ова не претставува модерен феномен.

Честопати не се разбира значењето на медиумите во обликувањето на модерниот конфликт, како и начинот на кој, со соодветна поддршка, тие можат да помогнат во создавањето услови за мир. Мировното новинарство се обидува да погледне зад ставовите на завојуваните страни и да ги претстави сите страни и нивните интереси.

Низ призмата на мировното новинарство и неговите стандарди е важно да се разгледа и интервенцијата, односно мировните активности на меѓународната заедница во вооружениот конфликт во Македонија. Особено треба да се има предвид дека недоволното разбирање на улогата и причините за вклучување на меѓународната заедница во разрешувањето на вооружениот конфликт потенцијално води до нејзина негативна перцепција, а тоа сериозно може да влијае и на разгорувањето на конфликтот. Медиумите имаат голема улога во креирањето на таквите перцепции.

Истражувањето би овозможило да се согледа дали на медиумите од тогашна перспектива им бил јасен и го применувале концептот на мировно известување, особено кога станува збор за информирањето околу активностите на меѓународните актери. Во исто време, истражувањето би овозможило да се согледаат и ставовите на уредниците на медиумите од сегашна перспектива во однос на начините на новинарско претставување на меѓународните актери во 2001 година и улогата и значењето на мировното новинарство.

Преку истражувањето на оваа проблематика ќе настојуваме да се рефлектира нашиот интерес за ставање поголем акцент врз концептот на мировното новинарство. Во исто време, очекуваме дека ова истражување ќе придонесе во продлабочувањето на научните и професионалните новинарски дикусии околу примената на стандардите на мировното, односно професионалното новинарство, особено во услови на вооружен конфликт, но и во конфликтите во поширока смисла на зборот.

За да се постигне оваа цел, сметаме дека соодветен пристап би било прво да се согледа состојбата „на терен“, односно дали и колку новинарството во Република Македонија ги почитувало таквите стандарди во известувањето. Со оглед на честата застапеност на активностите на меѓународните актери во медиумите поврзани со вооружениот конфликт од посебен интерес е токму известувањето за нив. Преку

давањето преглед на видот на активности со кои биле застапени анализираните меѓународни актери ќе се овозможи и да се добие една посеопфатна слика за начинот на кој медиумите известувале за нивните активности, но и една поширока слика за начините на ангажирање на актерите во однос на вооружениот конфликт во државата.

Инаку, досега не е спроведено научно истражување во однос на претставувањето на активностите на меѓународните актери поврзани со вооружениот конфликт во државата, како и почитувањето на професионалните стандарди за мировен начин на новинарско известување. Не е спроведено истражување и за препознатливоста и примената на стандардите на мировното новинарство од денешна перспектива. Наше очекување е дека со даденото истражување ќе се одговори на овие прашања, а со тоа и ќе се создаде основа за идни теоретски и практични размислувања околу постигнување поголема професионалност за новинарско известување за теми од овој вид.

## 2. Теориска рамка на истражувањето

Во овој дел од научниот труд ќе се обидеме да дадеме преглед на теоријата поврзана со дефинирањето на мировното овинарство, а ќе ја разгледаме и улогата на медиумите во услови на вооружени конфликти. На тој начин би добиле појасна слика околу посебната улога што ја имаат медиумите во вакви услови, а особено како инструменти за поттикнување на перспективите за постигнување мир и надминување на омразата, спротивставеноста и поделеноста меѓу инволвираните страни.

Намерата е преку ова да се понуди јасна теоретска рамка, што, пак, понатаму, во истражувачкиот дел, ќе ни овозможи да согледаме каков бил пристапот на новинарите при известувањето за активностите на меѓународните актери поврзани со вооружениот конфликт во Република Македонија во 2001 година. Освен тоа, таквата теориска рамка ќе послужи и при согледувањето на начините на примена на стандардите на мировното новинарство во известувањето за различни видови конфликти, а во контекст на претставувањето на меѓународните актери.

Неизбежно е да се укаже и на она што се нарекува „медиумска војна“ и начините на кои таа се случува, заради појасно согледување на случувањата во медиумскиот простор во услови на вооружен конфликт и што подобро критичко расудување. Тоа, пак, би помогнало во спречување на евентуално негативните последици од пропагаторската улога на средствата за масовно комуницирање.

А околу начините на подобрување на професионалноста во работењето на медиумите ќе понудиме и преглед на домашни и меѓународни регулативи и етички кодекси за професионалност во известувањето. Ова, воедно, се очекува да помогне и во понатамошните дискусии и согледувања околу тоа дали се потребни дополнителни регулативи или промена на постоечките кога станува збор за известување на медиумите во однос на прашања поврзани со вооружени конфликти, конфликти со насилство или кризи од друг вид. Ќе биде направен и осврт на теоретските согледувања и дефинирањето на објективноста во информирањето.

Со оглед на нашата определба преку ова истражување да се претстави концептот на мировно новинарство, ќе се обидеме дисциплината да ја претставиме преку запознавањето со соодветните стандарди на мировното новинарство и анализа на нивното почитување при известувањето за активностите на меѓународните актери поврзани со вооружениот конфликт во државата.

## 2.1. Мировно новинарство – еволуција, поим и дефиниции

Јохан Галтунг (Johan Galtung), норвешки социолог и основач на дисциплината студии за мир и конфликти, започнал да го користи терминот „мировно новинарство“ во 70-тите години. Форумите за конфликт и мир (Conflict and Peace Forums), тинк-тенк организација во Велика Британија, ги развиле оригиналните идеи на Галтунг во серија меѓународни конференции што се одржувале во периодот од 1997 – 1999 година, како и во бројни публикации, меѓу кои, „Опција за мировно новинарство“ (1998), „Зошто служат новинарите?“ (1999), „Мировно новинарство – како да се оствари“ (2000), „Користење на анализата на конфликтите при известувањето“ (2000) и „Известување за светот: Практична листа за проверка на етичкото известување за конфликтите во 21 век“ (2002), итн.

Концептот на мировното новинарство во денешно време го промовира и Центарот за глобално мировно новинарство (Center for Global Peace Journalism).

На прв поглед, се чини дека концептот на мировното новинарство звучи прилично неразбирливо. Како и многу други влијателни концепти на новинарската практика, како што се истражувачкото новинарство, граѓанското новинарство, развојното новинарство и слично, така и мировното новинарство има свои застапници, но и критичари.

Со цел, најпрво, да ја објасниме употребата на овој поим, би се послужиле со една општа дефиниција.

Една од дефинициите на **мировното новинарство** е дека тоа претставува таков пристап во известувањето со кој уредниците и новинарите прават избор за она за што треба да се известува и за начинот на кој треба да известуваат, што му овозможува на општеството во целина да го разгледа и вреднува ненасилниот одговор на конфликтот. Накратко, со ваквиот пристап се овозможува разбирање на општата слика и на причините, мотивите и последиците што стојат зад самите конфликти. Со мировното новинарство „се обезбедува нова маршрута во трасирањето на поврзаноста меѓу новинарите, нивните извори, сториите за кои известуваат и последиците од нивното известување, односно етиката на новинарската интервенција“[1].

Спротивно на овој вид известување би било информирањето што води кон зголемување на тензиите и продлабочување на поделеноста и разликите меѓу вклучените страни во конфликтот. Во оваа насока, во денешно време честопати е присутно разбирањето дека новинарите треба да известуваат само за фактите. Сепак, ова тврдење дава една нецелосна, а во некои случаи и некоректна, слика за новинарската улога. „Новинарството претставува интервенција меѓу креаторот на приказната, како на пример власта, и целната група, публиката“.[2]

Мировното новинарство, во основа, претставува начин на известување за настаните кој придонесува кон мирно решавање на конфликтите. Тоа е во потрага кон решенија преку објавените факти и стории да се дојде до мировен излез од кризата или конфликтот. „Мировното новинарство настојува да го минимизира јазот меѓу спротивставените страни преку тоа што не ги повторува ‘фактите’ што демонизираат или ја поставуваат сцената на конфликти. Според тоа, главното прашање што треба да си го постави мировниот новинар би било, пред да се креира сторијата, да си постави прашање што би можел тој да направи со својата интервенција за да ги зацврсти перспективите за мир“[3]. На тој начин, според Галтунг, во секојдневното новинарско известување се применува практиката на ненасилство и креативност, наспроти честата тенденција на новинарите од таканаречените ‘мејнстрим’ медиуми да го напуштат неразрешениот конфликт и да се фокусираат најчесто на насилството.

---

[1] McGoldrick, A., Lynch, J. (2000), Peace Journalism – What is it, How to do it, Reporting the World, London
[2] McGoldrick A. and Lynch J. (2001) "What is Peace Journalism." Activate, the quarterly journal of IMPACS, London, The Institute for Media, Policy and Civil Society
[3] Ibid

Мировното новинарство пред себе поставува неколку задачи пред да известува за кој било настан што се однесува на конфликт од каков било вид, а особено кога станува збор за вооружен конфликт. "Прва задача на мировното новинарство е да се направи мапа на конфликтот и да се утврдат сите страни и нивните цели. Наместо претпоставеното објективно известување за фактите, тоа го дискутира процесот преку кој некои факти се избрани, а други се занемарени"[4].

Анабел Мекголдрик (Annabel McGoldrick) и Џејк Линч (Jake Lynch) ја наведуваат следнава листа на принципи во мировното новинарство[5] составена од Јохан Галтунг.

1. Да се избегне конфликтот да се претстави како судир меѓу две страни кои се натпреваруваат околу една цел и каде што логичниот исход би бил едната страна да победи, а другата да изгуби. Наместо тоа, мировниот новинар би ги подвоил двете страни на многу мали групи, кои се стремат кон многу различни цели, со тоа создавајќи повеќе простор за широк спектар на исходи.
2. Да се избегне да се прават остри разграничувања меѓу 'ние' и 'тие'. Наместо тоа, 'другиот' да се бара во 'себеси' и обратно.
3. Да се избегне конфликтот да се третира како нешто што се случува на место и во време каде што има насилство. Наместо тоа, треба да постојат обиди да се трасираат врските и последиците за луѓето на други места, сега и во иднината.
4. Да се избегне да се проценуваат границите на насилството или политиката на насилство само во однос на видливите ефекти. Треба да се најдат начини на известување и за невидливите ефекти. На пример, долгорочните последици од психолошката штета и траума.
5. Да се избегне да им се дозволи на страните во конфликтот да се дефинираат себеси преку едноставно цитирање на изјавите на нивните лидери за познати барања или ставови. Треба да се навлезе подлабоко во нивните цели.
6. Да се избегне постојано фокусирање врз она што ги подвојува страните и врз разликите меѓу она што велат дека им е потребно. Мировниот новинар треба да се обиде да постави прашања кои можат да ги откријат заедничките точки.

---

[4]McGoldrick, A., Lynch, J. (2000), Peace Journalism – What is it, How to do it, Reporting the World, London
[5]Ibid

7. Да се избегне известување единствено за насилните акции и опишување на "хоророт". Треба да се покаже на кој начин луѓето се блокирани и фрустрирани или понижени во секојдневниот живот, како начин на објаснување на насилството.

8. Да се избегне другиот да се обвинува дека "почнал прв". Наместо тоа, треба да има обиди да се открие како заедничките проблеми и прашања водат до последици кои што не ги очекувала ниту една страна.

9. Да се избегне фокусирање единствено врз страдањето, стравовите и врз обесправеноста кај само една страна. Наместо тоа, страдањето, стравувањата и обесправеноста на сите страни треба подеднакво да се смета за нешто што е важно за објавување.

10. Да се избегне јазик на виктимизирање, како што се, на пример, зборовите „немоќни", „уништени", „беспомошни", „патетично", „трагедија" и слично, што само кажува што било сторено и што би можело да биде сторено на една група луѓе. Наместо тоа, треба да се известува за она што е направено и може да биде направено од страна на луѓето. Луѓето не треба да се прашуваат само за тоа како се чувствуваат, туку и за тоа како се справуваат и што размислуваат. Дали тие можат да сугерираат некакви решенија?

11. Да се избегне непрецизно користење на емотивни зборови за да се опише она што им се случило на луѓето. Секогаш треба да се биде прецизен за тоа што се знае.

12. Да се избегнат придавки на демонизирање како што се „злобен", „суров", „брутален" или "варварски". Наместо тоа, треба да се известува за она што се знае околу погрешното однесување и да се дава, колку што е можно повеќе, информации околу веродостојноста на изјавите или описите на други луѓе околку тоа однесување.

13. Да се избегнат демонизирачки етикети како „терорист", „екстремист", „фанатик" или "фундаменталист". Наместо тоа, луѓето треба да се нарекуваат со имињата што тие си ги даваат себеси. Или да се биде попрецизен во опишувањето.

14. Да се избегне фокусирање единствено врз злоупотребите на човековите права, нападите и погрешното однесување на само една страна. Наместо тоа, треба да се наведат СИТЕ оние кои што се однесуваат погрешно и како

подеднакво сериозни да се третираат обвинувањата од сите страни во конфликтот.

**15.** Да се избегне некое мислење или тврдење да се смета за утврден факт. Наместо тоа, на читателите или на публиката треба да им се каже кој што рекол.

**16.** Да се избегне да се поздравува потпишувањето документи од страна на лидери, кои што водат до воена победа или прекин на огнот, како нешто што неспорно води до создавање мир. Наместо тоа, мировниот новинар треба да се обиде да известува околу прашањата што остануваат отворени и што можат да ги водат луѓето кон извршување натамошни чинови на насилство во иднината; и

**17.** Да се избегне да се очекува лидерите на „нашата страна“ да сугерираат или да нудат решенија. Наместо тоа, треба да се изберат и да се испитуваат мировните иницијативи, без разлика од каде доаѓаат тие.

Мировното новинарство во својот фокус би требало да ги има луѓето кои не се во елитатата, но ова би подразбирало пронаоѓање на начини за нивно оспособување да дебатираат, односно да го произнесат својот глас. На тој начин, нивното сведочење би можело да придонесе за промена на дискурсот во донесувањето на одлуките, проценките, акциите и последиците. „Подготвувањето на читателот, слушателот и гледачот да ги оценува информациите бара подготвеност за консултирање различни типови знаења и за примена на перспективите што се надвор од очигледниот спектар“.[6]

Значи, една од примарните улоги на мировното новинарство е да им овозможи на луѓето да се стекнат со знаење за да можат да ги разберат случувањата, но и да проценуваат каде можат да го дадат својот придонес.

“Читателот има право да ги побара сите факти, но тој нема право да побара од новинарот или историчарот да се согласат со него“.[7] Улогата на новинарите би била постојано да го преиспитуваат своето информирање преку мислењето на јавноста. Мировното новинарство би требало да овозможи да се воспостават мрежа и тело за анализа на новинарството, информациите и медиумските програми, како и јавни дебати за нив.

---

[6]McGoldrick A. and Lynch J. (2001) "What is Peace Journalism." Activate, the quarterly journal of IMPACS, London, The Institute for Media, Policy and Civil Society

[7]Knightley P., (1975).The First Casualty, From the Crimea to Vietnam: The War Correspondent as Hero, Propagandist, and Myth Maker,New York and London: Harcourt Brace Jovanovich, 195

Доколку во новинарството при известувањето за конфликти не се почитуваат горенаведените принципи постои опасност тоа да премине во она што теоретичарите го нарекуваат „воено новинарство". Таквиот тип новинарство, преку постојаното фокусирање врз она што ги прави страните во конфликтот различни, како и врз последиците од судирите, води неминовно до создавање атмосфера на поделеност и непосакувани исходи за која било од инволвираните групи и воопшто за општеството. „Во военото новинарство привилегираните перспективи се камуфлираат како факти, притоа користејќи се со фрази како 'смета дека', 'на тоа се гледа како на...', 'се вели дека'"[8].

Јохан Галтунг дава преглед на разликите меѓу концептот на мировното и концептот на военото новинарство, претставени во табела број 1 во продолжение[9]:

| **Мировно новинарство** | **Воено новинарство** |
|---|---|
| **I. ОРИЕНТИРАНО КОН МИРОТ/КОНФЛИКТОТ**<br>➢ Го истражува создавањето на конфликтот, страните, нивните цели, проблемите<br>➢ Отворен простор, отворено време; насекаде причини и последици, а исто така и во историјата/културата<br>➢ Конфликтот се претставува транспарентно<br>➢ Им се дава глас на сите страни; емпатија, разбирање<br>➢ На конфликтот се гледа како на проблем, а постои фокус кон креативноста за време на конфликтот<br>➢ Се хуманизираат сите страни<br>➢ Проактивност: превенција пред да се случи насилство/војна<br>➢ Фокус на невидливите ефекти од насилството (траума и слава, штети врз структурата/културата) | **ОРИЕНТИРАНО КОН ВОЈНАТА/НАСИЛСТВОТО**<br>➢ Фокус врз сцената на конфликтот, две страни, една цел (победа), ориентација кон „победа – загуба"<br>➢ Затворен простор, затворено време; причини и последици од сцената на конфликтот; кој прв почна<br>➢ Конфликтите се прават нетранспарентни/тајни<br>➢ Новинарство од типот „ние наспроти вие", пропаганда, глас за "нас"<br>➢ На „нив" се гледа како на проблем, фокус на оној што доминира во конфликтот<br>➢ Дехуманизација на „тие" |

[8]McGoldrick, A., Lynch, J. (2000), Peace Journalism – What is it, How to do it, Reporting the World, London
[9]Ibid

| | |
|---|---|
| | ➢ Реактивност: се чека на насилство за да се почне со известување<br>➢ Фокус само на видливите ефекти од насилството (повредени, убиени, материјална штета) |
| **II. ОРИЕНТИРАНО КОН ВИСТИНАТА**<br>➢ Се изложуваат невистините на сите страни | **III. ОРИЕНТИРАНО КОН ПРОПАГАНДА**<br>➢ Се откриваат „нивните“ невистини/се поддржуваат „нашите“ прикривања/лаги |
| **IV. ОРИЕНТИРАНО КОН ЛУЃЕТО**<br>➢ Фокус врз сечие страдање; жени, возрасни, деца, им се дава глас на безгласните<br>➢ Се именуваат сите оние кои прават злосторства<br>➢ Фокус врз “миротворците“ | **V. ОРИЕНТИРАНО КОН ЕЛИТАТА**<br>➢ Фокус врз „нашето“ страдање<br>➢ Се именуваат „нивните“ злосторници<br>➢ Фокус врз елитните „миротворци“ |
| **V.ОРИЕНТИРАНО КОН РЕШЕНИЕ**<br>➢ Мир=ненасилство+креативност<br>➢ Се нагласуваат мировните иницијативи<br>➢ Фокус врз структурата, културата, мир во општеството<br>➢ После конфликтот: решавање, реконструкција, помирување | **V.ОРИЕНТИРАНО КОН ПОБЕДА**<br>➢ Мир=победа+прекин на оган<br>➢ Се прикриваат мировните иницијативи, пред да се дојде до победа<br>➢ Фокус врз договорите, институциите, контролираното општество<br>➢ Се продолжува со известување за друг |

| | |
|---|---|
| | војна/конфликт, се навраќа на старата војна/конфликт само ако се разгори повторно |

**Табела бр.1:** Преглед на разликите меѓу концептот на мировно и концептот на воено новинарство

Меѓу критичарите на концептот на мировното новинарство е Томас Ханиш (Thomas Hanitzsch), според кого „мировното новинарство е наивно позитивистичко верување во неограничената вистина (која во моделот на Галтунг се спротивставува со пропагандната ориентација на военото новинарство)“[10]. Тој вели дека мировното новинарство повикува да се исклучат негативните вести кога тие го загрозуваат мировниот исход од конликтот, а новинарството да заземе несоодветен пристап во застапувањето, задачи за одржување на мирот што е подобро да бидат оставени на политичките, правните или воените актери. Застапниците на мировното новинарство ги одбиваат таквите критики. „Теоријата на мировното новинарство е обновена после оригиналниот модел на Галтунг, за да се признае епистемолошкиот плурализам и децентрализирање при создавањето ново значење: наместо да ја рефлектира вистината како таква, мировното новинарство се стреми да ја утврди и деконструира пропагандата и може да се препознае како давање знаци за создавање спротивни толкувања од доминантните повторувања на значењето“[11]. Всушност, медиумските ефекти не се замислени како линеарни. Линч и Мекголдрик (Lynch an McGoldrick,

[10]Hanitzsch, Thomas (2007). Situating peace journalism in journalism studies: a critical appraisal. *Conflict and Communication*, 6(2): 1–9. [Online]. Available: www.cco.regener-online.de/2007_2/pdf/hanitzsch.pdf [Accessed 23 January 2011].

[11]Lynch, Jake & Johan Galtung (2010). *Reporting conflict: new directions in peace journalism*. St. Lucia: University of Queensland Press

2005) укажуваат на повратна врска со која претходните матрици на новинарско известување влијаат на очекувањата и стратегиите на политичките актери како извори кои ги обликуваат вестите од случувањата во конфликтни ситуации. „Во однос на тоа како да се управува со вестите што се 'несоодветни', како што се злосторствата од една страна што веќе е демонизирана, мировното новинарство не повикува на цензура, туку на контекстуализација"[12].

## 2.2. Досегашен третман на проблематиката

Што се однесува до досега направените обиди околу истражувања и публикации во Република Македонија на темата што е во рамки на нашиот истражувачки интерес, ги наведуваме следниве сознанија.

Високата школа за новинарство и односи со јавноста од јануари 2014 година е вклучена во тригодишниот проект INFOCORE, со кој се проучува улогата на медиумите во решавањето и спречувањето конфликти. Целите на овој проект се да се обезбеди сеопфатно разбирање на: (1) општествените процеси кои се во основата на продукцијата на вести за конфликти; и (2) својствената динамика на содржината на вестите за конфликти. Високата школа работи на проучување на првиот дел од комуникацискиот процес, односно продукцијата на вести за конфликтите. Притоа, се работи на утврдување на улогата на публиката во процесот на продукција на вести за конфликтите, преку истражување на интеракцијата меѓу публиката и различните видови медиуми во различни видови конфликти и на различни нивоа од конфликтот.

Професионалните стандарди во известувањето се анализирани во рамки на квалитативна анализа на Високата школа за новинарство и односи со јавноста на медиумското известување за меѓуетничките и меѓурелигиските прашања во Република Македонија, спроведена во периодот од јануари – јуни 2012 година. Предмет на оваа анализа е известувањето на медиумите за настаните поврзани со петкратното убиство кај Смиљковци и настаните што следуваа потоа. Некои од заклучоците од оваа анализа се дека е согледана практика на некритичко пренесување изјави од граѓани кои содржат

[12]Lynch, Jake & Annabel McGoldrick (2005). *Peace journalism*. Stroud:Hawthorn Press

разгорувачки тон и очигледен говор на омраза, како и изјави со кои убиството се поврзува со претходни инциденти и со меѓуетнички тензии. Воочена е и практика на изнесување шпекулативни информации и непрецизно наведување на изворите, како и практика на користење насилен, емотивен, јазик кој во комбинација со наведената етничка припадност во одреден дел од текстовите може да предизвика дополнителни тензии и поделеност кај јавноста[13].

Во извештајот на Меѓународната кризна група (International Crisis Group) од 2011 година „Македонија: 10 години по конфликтот“[14], се констатира дека медиумите се длабоко поделени и им служат на интересите на бизнисмените кои се поврзани со политиката, според што новинарите имаат малку избор и самоцензура.

Институтот за известување во војна и мир (Institute of War and Peace Reporting) од Лондон, во 2004 година, издаде публикација „Конфликтот во 2001 година во Македонија – рефлексии“ како резултат на проучувањето на конфликтот во 2001 година. Новинари од Република Македонија учествуваа со свој осврт околу улогата на медиумите во конфликтот во оваа публикација.

Улогата на медиумите во известувањето за вооружениот конфликт е анализирана во рамки на иницијативата на Институтот за мировно и воено известување (Institute of War and Peace Reporting) од 2004 година, во рамки на проект со Истражувачкиот центар за проучување на конфликтите (Conflict Studies Research Centre) од Велика Британија. Во публикацијата од истражувањето[15], се зборува за недостиг на објективност и професионални стандарди во известувањето што значително влијаело врз кредибилитетот на медиумите.

Своевиден преглед на тоа како информативните куќи од Македонија и другите балкански држави реагираа и известуваа за вооружениот конфликт во државата претставува книгата „Македонија: конфликтот и медиумите“, што ја издаде Македонскиот институт за медиуми во 2003 година.

Во издание на BIGOSS - Скопје во 2002 година излезе од печат книгата „Медиумската вона против Македонија – или зошто моќните светски медиуми не

---

[13]Види повеќе на http://vs.edu.mk/vs.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1137%3A2012-06-28-10-04-01&catid=102%3A2012-06-28-09-46-37&Itemid=170&lang=mk

[14]Достапно на: http://www.crisisgroup.org/~/media/Files/europe/balkans/macedonia/212%20Macedonia%20---%20Ten%20Years%20after%20the%20Conflict.pdf

[15]Достапно на: http://www.da.mod.uk/Research-Publications/category/66/the-2001-conflict-in-fyrom-reflections-0415-1048, извлечено на 21 јуни 2015

можеа да ја продадат скапо приказната за војната во Македонија", чиј автор е Љубе Профилоски.

Анализа на конфликтот има спроведено и Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Swedish International Development Cooperation Agency – SIDA), во чиј фокус се настаните во периодот јануари 2001 година – мај 2003 година и нивното можно влијание врз димензиите на конфликтот во државата. „Политички аналитичари заклучуваат дека медиумите во Македонија станаа дел од конфликтот за време на кризата во 2001 година. Преку контролирањето на весниците, радио и ТВ-станиците, страните во конфликтот беа во можност да влијаат врз јавното мислење за да им служи на нивните интереси...Медиумите покажаа сериозен недостиг на професионализам и одговорност, а честопати беа игнорирани и најосновните принципи на новинарството"[16].

Сепак, не е направена анализа на почитувањето на стандардите на мировното новинарство во известувањето за конфликтот од 2001 година во целото негово времетраење. Истовремено, не е направен и преглед на преставувањето на активностите на меѓународната заедница поврзани со решавањето на конфликтот и почитувањето на стандардите на мировното новинарство при известувањето за нив.

Планираното истражување за овие прашања ќе биде прво од ваков вид во државата,а тоа ќе придонесе да се утврди колку е препознатлив концептот на мировно новинарство во медиумите, а особено во конфликтни околности. Во исто време, ќе се обезбеди преглед на поглавните активности и иницијативи на актерите од меѓународната заедница пред, во текот и по завршувањето на вооружениот конфликт во државата.

Во исто време, со истражувањето ќе се согледаат и денешните ставови на уредници на поголемите медиуми во однос на медиумското претставување на мировните активности на меѓународните актери во 2001 година и препознатливоста и примената на концептот на мировно новинарство.

Имајќи го предвид значењето на ова истражување и фактот што проблематиката е континуирано релевентна, со сигурност може да се каже дека истражувачкиот проблем го заслужува потребното внимание. Освен тоа, мировното новинарство е концепт кој е тема на интерес на академски истражувања ширум светот, според што е неопходен „пробив" на овој концепт и во нашата истражувачка мисла.

---

[16]Види повеќе на http://www.sida.se/contentassets/a4319f99cc124339800aecd53db36bfa/macedonia-a-conflict-analysis_936.pdf

## 2.3. Медиумите и известувањето во услови на воен конфликт - општи согледувања

Медиумите се честопати меѓу првите елементи во општеството што се злоупотребуваат за време на конфликти. Дури и пред да се случи самиот конфликт, различни страни настојуваат да наметнат контрола врз медиумите, со цел да влијаат врз информациите и ставовите во насока на нивниот интерес. „Тие кои што не ги искусуваат конфликтите директно и лично стануваат дел од нив токму поради медиумите“[17].

Улогата што медиумите ќе ја заземат во даден конфликт, како и во фазите пред и после конфликтот, честопати зависи од повеќе фактори, вклучувајќи го и односот што го имаат самите медиуми со актерите во конфликтот и независноста во однос на носителите на моќ во општеството.

Медиумите може да придонесат кон ескалација на конфликтот, било на директен или индиректен начин. Новинарските извештаи имаат моќ да ги зголемат конфликтите, преку тоа што далечните закани ќе ги направат поблиски и преку поврзување на нечија етничка припадност со непосредна закана за нечија заедница, дом или семејство. Искусни воени известувачи велат дека самото присуство на камерите ќе ги натера страните во конфликтот да започнат со пукање. „Терористичките напади честопати се планираат за да го привлечат вниманието на медиумите и на тој начин да го привлечат вниманието кон нивната кауза. Во отсуство на медиумско известување, многу видови на тероризам би биле бескорисни“.[18]

Во однос на медиумските информации за време на војна, своевремено генерал Карл фон Клаузевиц напишал дека „голем дел од вестите што се добиваат во војна е противречен, уште поголем дел е погрешен, а најголемиот дел е подложен на голема несигурност. Накусо кажано: најголем број вести се погрешни“.[19] Обидот за

[17]Balanova, E. (2007) Media, Wars and Politics – Comparing the Incomparable in Western and Eastern Europe, Ashgate Publishing Company

[18]Christopher Young, "The Role of Media in International Conflict," Canadian Institute for Peace and Security, Working Paper no. 38, (1991).

[19]Кунчик, М., Ципфел, А. (1998) Вовед во науката за публицистика и комуникации, Скопје: Фондација Фридрих Еберт

воспоставување контрола врз медиумите честопати резултира со неверодостојни или цензурирани информации.

Наспроти активното користење на медиумите од страна на различни актери во конфликтот, тие можат и самите несвесно да придонесат кон судирот. Таквото пасивно провоцирање на насилство најчесто се случува кога новинарите имаат слаби професионални вештини, кога медиумската култура е недоволно развиена, или кога нема доволно или воопшто не постоел историјат на независност во работата на медиумите. „Во такви услови новинарите можат да го засилат гневот и да промовираат стереотипи, и покрај тоа што нивните намери не се во таа насока или, пак, не се манипулирани од некое надворешно тело. Таквото сценарио е поретко отколку она кога медиумите се активно манипулирани, но не и помалку опасно“.[20]

Токму поради тоа, медиумите се сметаат за меч со две острици. Тие можат да претставуваат застрашувачко оружје за насилство кога пропагираат пораки на нетолерантност или дезинформирање, манипулирајќи ја на тој начин и јавноста. Но, кај медиумите постои и друг аспект. Тие можат да претставуваат и инструмент за решавање конфликти, кога информациите што се изнесуваат се веродостојни, ги почитуваат човековите права и претставуваат разнолични гледишта.

Навраќајќи се, пак, на самиот конфликт, во продолжение би изнеле неколу важни напомени. Конфликтите постојат насекаде во светот, а некои теоретичари, пак, сметаат дека тие се „присутни на сите нивоа, во самите поединци и меѓу нив, заедниците, државите и културите....Она што е важно не е дали конфликтите се добри или лоши самите по себе, туку како се справуваме со нив“[21]. Тие, како што смета и Јохан Галтунг, имаат многу страни и многу цели. Оттука, конфликтотсе дефинира како несогласување во кое инволвираните страни гледаат закана за своите потреби, интереси или грижи[22]. Причините за појавување конфликти се различни. Со голема веројатност тие се случуваат кога „се ограничени ресурсите, под закана се човековите потреби, постои структурна нерамнотежа, информациите се неточни или, пак, постојат слаби интерперсонални односи“[23].

---

[20]FrohardtM., Temin J. (2003).Use and Abuse of Media in Vulnerable Societies, Washington DC, United States Institute of Peace, Special Report No.110, 2

[21]Galtung, J., Jacobsen, C. and Brand-Jacobsen, F.K. (2002), Searching for Peace – The Road to Transcend, Pluto Press

[22]Academic Leadership Support, About Conflict, достапно на http://www.ohrd.wisc.edu/onlinetraining/resolution/aboutwhatisit.htm

[23]Toit, du P, (2014), Reporting Atrocities – A Toolbox for Journalists Covering Violent Conflict and Atrocities, Internews

Конфликтите честопати доведуваат и до проширена дебата за моќта и улогата на меѓународната заедница во нивното решавање. Неретко, одговорот на меѓународната заедница се обликува и според нивото на кое медиумите му даваат приоритет на известувањето за конфликтот, на сметка на други теми во општественото опкружување. Ова, несомнено, укажува на улогата на комуникацијата за време на конфликт. Токму овде се отвора простор и за новинарството. Новинарските извештаи на граѓаните им обезбедуваат важни информации за политичката клима околу процесот на разрешување на конфликтот и постигнување мир. Медиумите, исто така, можат да влијаат врз стратегиите и однесувањето на оние кои се носители на моќта. Тие можат да ја зголемат или намалат легитимноста на политичките актери кои се вклучени во дебатата за враќање на мирот. Честопати на лидерите им се дава големо признание за успехот, а може и да им се наметне голема вина за грешките.

Сториите во медиумите за време на конфликт честопати се само „за нас", за она што се случува или би можело да се случи на „наша страна". „Кога има приказна за 'другите' таа се фокусира на начинот на кој 'тие' може да влијаат врз нас....Новинарските извештаи нудат графички описи на бруталноста на другата страна и страдањето на нашите луѓе...Тврдењата за нашите акти на агресија и страдањето на другата страна или се ингорираат, се потценуваат или се намалуваат. Ние сме секогаш жртви, а другите секогаш се агресори"[24]

Изворите на информации за време на конфликт честопати се контрадикторни, што мора да биде претставено од страна на медиумите, а тоа, пак, не остава простор за шпекулирање или создавање нови информации. За да се обезбедат веродостојни информации во јавноста за време на вооружен конфликт кај новинарите се потребни дополнителни вештини. Тие мора да разберат од што е предизвикан конфликтот и како тој се развива и завршува. Новинарите мора да знаат каде да ги бараат причините и решенијата. За да можат луѓето кои живеат во услови на конфликт да донесат одлуки врз основа на добра информираност и за да придонесат во решавањето на конфликтите мора да постои објективно, односно професионално новинарство. Друг, важен, момент е што новинарските редакции треба да бидат составени од професионалци од различни културни, верски и етнички групи. Но, редакциите честопати не се такви.

Воедно, треба да се напомене дека и известувањето на меѓународните медиуми понекогаш влијае на однесувањето на страните во конфликтот. Необјективното

[24]Wolsfeld, G. (2004) Media and the Path to Peace, New York, Cambridge University Press

претставување на случувањата на терен, како и на историјатот на конфликтот, може да придонесе кон интензивирање на конфликтот, како и до засилување на говорот на омразата. Говорот на омразата, како што е дефинирано во Препораката број (97)20 на Советот на Европа[25], ги опфаќа сите форми на изразување што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани врз нетрпеливост, вклучувајќи и нетрпеливост изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, емигрантите и лицата со емигрантско потекло.

Навраќајќи се на периодот во Република Македонија од 2001 година, тогашниот претставник на ОБСЕ за слободата на медиумите Фрејмут Дајв (Freimut Duve) во април истата година повика на апстинирање од говорот на омразата. Истиот месец, Меѓународната хелсиншка федерација извести дека се забележува „свеж наплив на говор на омраза, особено во некои печатени медиуми во државна сопственост. Етничките Македонци и етничките Албанци се демонизираат меѓусебно, а Владата не ги оствари своите обврски за справување со оваа нетолеранција“.[26]

Околу начинот, пак, на известување на медиумите за време на конфликтот во 2001 година[27] осврт е даден и во Светскиот извештај за слободата на изразување од таа година. Според Извештајот, професионалните стандарди во известувањето во Македонија претставувале проблем, како и во други држави во регионот. „За време на конфликтот, медиумите во државата беа обвинети за заобиколување на објективноста и загревање на тензиите преку неурамнотежено известување“.[28]

### 2.3.1. Медиумите и „медиумската војна“

Пропагандата како инструмент за убедување и манипулација се појавила за време на Првата светска војна. „Во Втората светска војна, пак, воените кореспонденти биле прифаќани од страна на вооружените сили како сојузници кои се борат за истата

[25]Препорака бр. (97)20 на Советот на Европа за говорот на омразата(1997). Достапна на http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/hrpolicy/other_committees/dh-lgbt_docs/CM_Rec%2897%2920_en.pdf

[26]E.Price M., Thompson M. (ed.) (2002) Forging Peace: Intervention, Human Rights and the Management of Media Space, Edinburgh University Press, 346

[27]Конфликтот од 2001 година траеше од февруари до август. Процесот на медијација од страна на дипломатката мисија предводена од САД и ЕУ резултираше со потпишување на Охридскиот рамковен договор во август 2001 година, со што и официјално заврши конфликтот.

[28]IPI Report: 2001 World Press Freedom Review (2001). International Press Institute, 186

кауза".[29] Пропагандата е клучна во генерирањето поддршка од јавноста, што е едно од поголемите очекувања за време на војна и конфликти.

Во 1927 година, Харолд Д. Ласвел (Harold D. Lasswell), професор по политички науки на Универзитетот во Чикаго, во делото „Техники на пропагандата во Првата светска војна", ги анализирал техниките што ги применувале Франција, Велика Британија и Соединетите Американски Држави против Германија и нејзините сојузници за време на војната. Според него, воената пропаганда има три тактички цели. Во нив спаѓаат „да се побуди интересот на конкретни групи, да се искоренат несоодветните идеи и да се избегне невистината која што би била во спротивност со постигнувањето на стратегиската цел"[30].

Големите медиуми куќи за време на војна на терен испраќаат свои известувачи кои ги нарекуваат воени кореспонденти. Терминот мировни кореспонденти не се користи. „Тоа можеби е случај бидејќи самите медиуми се вовлечени во сопствена војна"[31].

Страните што се вмешани во конфликтот имаат свои стратегии и очекувања во однос на медиумското известување, според што се смета дека е голема веројатноста новинарите да бидат вовлечени во своевидна пропаганда, користејќи ги токму тие извори на информации. Од тие причини, на новинарите им станува исклучително тешко да се придржуваат кон стандардите за независно и коректно известување во услови на воен конфликт. Кога пропагандата ќе се прошири преку јавниот дискурс таа неизбежно влијае врз јавното мислење. „Изворите на моќ редовно ја искористуваат медиумската рутина и зависност за да 'управуваат' со медиумите, да ги манипулираат кон следење конкретна агенда и рамка....дел од овој процес на управување се состои од прелевање стории кон медиумите што понекогаш служат за да наметнат одредена линија и рамка во медиумите....а понекогаш за да помогне да се тргнат непосакуваните стории на насловната страница или целосно вон медиумот"[32] .

Политичкиот аналитичар Мајкл Паренти (Michael Parenti) вели дека „најефективната пропаганда се потпира повеќе на врамување, отколку на лаги"[33]. Паренти ги истражувал методите според кои медиумите го одржуваат статусот на

---

[29]Aukofer F., Lawrence W., (1995). America's Team - The Odd Couple: A Report on the Relationship Between the Media and the Military, Arlington, VA, The Freedom Forum First Amendment Center, 63
[30]Lasswell, H.D. (1971). Propaganda Technique in World War I (MIT Studies in Comparative Politics), The MIT Press
[31]Conflict and Peace Courses/Transcend Peace and Development Network (1998),Peace Journalism and Media War: The Fight to Reform Journalism,Taplow Court,What are Journalists For, 63
[32]Herman, E.S., Chomsky, N. (1988) Manufacturing Consent, Pantheon Books
[33]Schon, D. (1979) Generative Metaphor: a Perspective on Problem Setting in Social Policy." In Andrew Ortony (Ed). Metaphor and Thought. Cambridge: Cambridge University Press

објективност додека, всушност, информациите ги пакуваат на начин што се создава посакуваниот ефект. Овие техники го опфаќаат обемот на време во кое се известува за сторијата, позицијата, тонот, насловот, фотографиите и визуелната опременост на приказната. Понатаму, Паренти потенцира дека „во медиумите се известува за многу нешта, но за малку од нив има објаснувања“[34].

Некои теоретичари сметаат дека за пропаганда во медиумите се смета и фокусирањето врз изјавите на лидерите. Тоа вклучува повторување на владините ставови, без давање коментари, со што „на новинарите им се овозможува да тврдат дека се неутрални поради тоа што едноставно пренесуваат информации“[35]. Меѓу другите, почести, тактики што се користат во пропагандата, според истиот извор, се и користењето селективни стории, делумните факти или историски контекст, засилување на причините и мотивациите за да се дејствува поради заканите за безбедноста на поединецот, тесен круг на „експерти“ кои обезбедуваат увид во ситуацијата, демонизирањето на „непријателот“, користење на ограничен дискурс, при што честопати се прават проценки, а не се дискутира за границите на самиот дискурс или за рамката во која се формираат мислењата. „Таквиот тесен фокус потоа помага за да им служи на интересите на пропагандистите“[36].

Новинарите се соочуваат со ризикот да се најдат во улога на прес-агенти на спротивставените страни во конфликтот и да станат адвокати за надворешна интервенција. Паѓањето во оваа стапица значи губење на способноста да се види конфликтот и тој да се опише прецизно.

Оттука, произлегува дека новинарството лесно може да се претвори во пропаганда. Некои од посигурните начини за спротивставување на таквите тенденции се „да се разработат начини за согледување на тоа што е погрешно, спречување да се повторат грешките, како и признавање на доброто новинарство и охрабрување на негово понатамошно практикување“[37].

Херман и Чомски сметаат дека е многу потешко да се забележи системот на пропаганда кога станува збор за приватни медиуми и кога е отсутна формалната цензура. „Ова е особено така кога медиумите активно се натпреваруваат, периодично

---

[34]Ibid

[35]Shah, A. “War, Propaganda and the Media.” *Global Issues*. 31 Mar. 2005. Web. 01 May. 2015. <http://www.globalissues.org/article/157/war-propaganda-and-the-media>.

[36]Ibid

[37]Bromley M., Sonnenberg U., (ed.) (1998). Reporting Ethnic Minorities and Ethnic Conflict – Beyond Good or Evil, Maastricht, European Journalism Centre

припишуваат и ги изнесуваат грешките на власта и агресивно се портретираат како гласноговорници на слободниот говор и на општиот интерес на заедницата“[38].

Медиумите се подложни на критики дека придонесуваат во таканаречената медиумска војна со тоа што во својот фокус повеќе го имаат насилството и, како што се вели, живеат од него. „За медиумите е многу повеќе ‘телегенично’ да известуваат за насилство, отколку за процесите на преговори кои претставуваат само зборување“[39]. Јавноста континуирано прашува зошто во медиумите нема повеќе добри или позитивни вести. „Новинарите одговараат дека вести не се информациите дека сите авиони успешно се приземјиле, туку информациите дека некои од нив не го сториле тоа“[40]. Или, како што своевремено изјавил Вилијам Ресбери (Wiliam Raspberry) од Вашингтон Пост, „скандалот има илјадници известувачи, додека добрите вести не можат дури да стигнат и до телефонскиот број на уредникот“[41].

Непостоењето доволно информации околу одредени настани честопати води до ескалирање на тензиите. Јавноста нема доволно факти за да добие целосна слика за случувањата, а одреден дел од неа реагира врз основа на она што го поседува како сознание понудено од медиумите. „Според тоа, нудењето широк спектар на информации што содржат разновидни факти, перспективи и ставови би претставувало мерка за де-ескалација на конфликтите“[42].

Со цел да се избегне вовлекувањето во медиумска војна, од особена важност е кога станува збор за начинот на претставување на одредени актери во написите да се застапат разновидни перспективи, со цел да се добие целосна слика околу одредени настани и случувања.

Во идеален случај, медиумите треба да служат како форум во кој пропонентите и опонентите би биле охрабрени да ги искажат своите ставови на отворен и разумен начин. Преку испитување на идеологиите на клучните протагонисти, медиумите можат да ги потенциираат аспектите од мировниот процес што се важни и кои што не можат да бидат игнорирани. Врската меѓу страните во конфликтот, политичката рамка на мировниот процес, медиумското известување и јавноста е симбиотска, односно сите се

[38]Herman, E.S., Chomsky, N. (1988) Manufacturing Consent, Pantheon Books
[39]Allyn B., Wilkinson S., (1995). Handbook on Ethnic Conflict Management in the Former Soviet Union, CMG and Institute of Ethnology and Anthropology, Russian Academy of Sciences
[40]Haiman R. (1999) Best Practices for Newspaper Journalists, Freedom Forum's Free Press/Fair Press Project
[41]Brown Alumni Magazine (1999) The Honoured Ones retrived from http://www.brownalumnimagazine.com/content/view/1671/40/
[42]Melone S., Terzis G. and Beleli O. (2002). Using the Media for Conflict Transformation: The Common Ground Experience, Berlin, Berghof Research Center for Constructive Conflict Management

потпираат едни на други во континуитет, што во себе го содржи клучот за трансформирање на конфликтот, како и корените за создавање на конфликтот.

### 2.3.2. Медиумите како инструменти за политичка манипулација

Политичките елити честопати се стремат кон изнаоѓање соодветна политичка формула, односно идеологија за да го легитимизираат своето владеење. Со оглед на моќта на медиумите да допрат до голем број луѓе преку ширењето информации, се смета дека тие во овој контекст добиваат првенствено значење.

Зголемената меѓусебна зависност на политичкиот систем од медиумите доведе до промени во односот меѓу политичарите и новинарите. „Нивниот близок однос честопати се опишува како симбиоза, каде што двете страни имаат корист една од друга. Новинарите ги добиваат потребните информации за да ја остварат својата јавна задача...Политичарите, кои секогаш имаат потреба од внимание за нивните теми и за нив самите, лесно можат да се пробијат со својата агенда и да ги пренесат своите теми преку медиумите, а и да ги врамат на начин што е од корист за нивните лични интереси“[43].

Политичките елити на моќ во секој систем поседуваат соодветна мерка на контрола над медиумите. „Но, појасот во кој политичките центри на моќ и новинарите комуницираат едни со други може да се протега од доследно почитување на правилата на правната држава и поделба на власта до самоволие“.[44] Сепак, демократската политичка култура може да помогне да се зачува автономијата на медиумите и во кризни периоди. Душан Релјиќ смета дека политичката елита може да постигне широка контрола над медиумската комуникација само ако новинарите се зависни од неа. „Таа зависност може да биде од економска природа или, пак, меѓу елитата и новинарите постои доброволна согланост во сфаќањата и целите“[45].

При комуникацијата преку медиумите секогаш постои опасност од манипулација. Инаку, постојат повеќе дефиниции за она што претставува манипулација. Елизабет Ноел-Нојман и Винфрид Шулц (Elizabeth Noel Nemann & Winfried Schulz) велат дека за манипулација се зборува „кога постојат обиди да се влијае врз луѓето, без тие да знаат

[43]Negrine, R., Mancini, P. et al. eds (2007) The Professionalization of Political Communication – Changing Media, Changing Europe, volume 3, Bristol, Intellect Limited
[44]Reljic D., (1998). Pisanje smrti, Dizeldorf, Evropski institut za medije, 103
[45]Ibid, 104

дека со нивната волја може да се управува од луѓе со повеќе знаење, а ако се успее на овој начин тие луѓе да се доведат до ставови и дејствија што според своја волја не би ги прифатиле, односно извршиле"[46].

Се вели дека манипулацијата е особено присутна за време на војни. Своевремено и британскиот политичар Винстон Черчил (Winston Churchill) изјавил дека за време на војна, вистината е толку скапоцена што таа секогаш треба да биде опкружена со телохранители на лагите"[47].

Најнепосредниот облик на контрола над медиумската комуникација може да биде цензурата. Формите на цензура се еден од начините преку кои медиумите се предмет на контрола од страна на власта. „Во одредени околности, цензурата може да биде неопходна, како на пример заради заштита на приватност или спречување на ескалација на конфликти. Но, во основа таа се користи од страна на диктаторска власт за да спречи критика на злоупотребите на власта"[48]. Новинарите може да претставуваат фактор за модерирање доколку ја имаат довербата на својата публика, според што обидите на власта да ги цензурира коректните извештаи или, пак, обидите на новинарите да занемарат некои факти со цел да се намали конфликтот се сметаат за погрешни и контрапродуктивни. Има и други мислења во оваа насока. Цензурата претставува прекршување на сите закони, но „помага да се спасат човечки животи. Таа помага да започне процесот. Нивото на омраза мора да се намали за извесен степен пред луѓето да седнат на преговарачка маса"[49].

Постојат повеќе објаснувања во однос на примената на самоцензура во новинарското известување. „Таа кај новинарите честопати се оправдува со една наивна калкулација: подобро доколку се објави нешто од вистината, отколку да не се објави ништо"[50]. Цензурата за време на воени конфликти честопати се случува поради тоа што се настојува да се прикријат информации што би му биле од корист на „непријателот", како и информации што би го обесхрабриле домашното население или сопствените вооружени сили. Или, пак, би се редуцирале или прикриле информации што би можеле

---

[46]Кунчик, М., Ципфел, А. (1998) Вовед во науката за публицистика и комуникации, Скопје, Фондација Фридрих Еберт, 66
[47]Brown, A.C. (2007) Bodyguard of Lies: The Extraordinary True Story Behind D-Day, Lyons Press
[48]Lee P., (2001) Communication and Reconciliation: Challanges Facing the 21st Century, WCC Publications, Geneva/London: World Association for Christian Communication
[49]Allyn B., Wilkinson S., (1995). Handbook on Ethnic Conflict Management in the Former Soviet Union, CMG and Institute of Ethnology and Anthropology, Russian Academy of Sciences
[50]Thompson M., (1999) (completely revised and expanded version), Forging War: The Media in Serbia, Croatia, Bosnia and Herzegovina, Bedfordshire, University of Luton Press, 26

да ги загрозат односите со сојузниците, меѓународните организации или, пак, би го загрозиле меѓународното јавно мислење.

Кемал Курспахиќ изнесува заклучоци во однос на искуството со медиумската интервенција на Балканот и во други региони или земји кои бараа сопствени патишта кон демократијата од деведесетите години. „Најопштата лекција е дека во сите идни мировни договори и во сите пописи на критериуми кои што мора да ги исполнат новородените демократии заради меѓународно прифаќање и поддршка е да се наведат јасни цели и критериуми во врска со независноста во новинарството"[51]. Во тие услови, секако, спаѓа и усогласувањето на сите закони кои се занимаваат со медиумите со меѓународните стандарди на слободата на изразување.

Неретко се случува медиумите да изберат варијанта да објавуваат речиси се' што изјавуваат официјалните претставници, сметајќи дека одговорноста за иреченото ја сносат само оние кои изјавуваат, а не и оние кои пренесуваат. Оттука и перцепциите дека новинарите со тоа се претвораат само во мегафон на авторите на овие изјави, наместо да претставуваат истражувачка сонда на граѓаните.

Во однос на тоа со какви ставови ќе се гради и негува јавното мислење и какво значење ќе им се даде на самите медиуми, важна е и улогата на владата во една држава. „Тажна вистина е што во денешно време владината пропаганда толку вешто ги подготвува луѓето што е многу веројатно дека тие нема да сакаат вистинско, објективно и урамнотежено известување"[52].

Новинарските извештаи на јавноста и' обезбедуваат важни елементи околу политичката клима што го опкружува мировниот процес. „Влијанието на медиумите врз мировниот процес најдобро се гледа преку циклусот во кој промените во политичкиот амбиент водат до промени во медиумското известување што, пак, честопати води до промени во политичката клима"[53]. Она што е корисно да се прави во такви околности е да се анализира дадениот политички контекст, да се направат обиди да се разберат начините на кои комуницираат новинарите и политичките актери, а потоа да се проучи начинот на кој последователните новинарски стории влијаат врз самиот процес.

Природата на медиумското опкружување, исто така, има значително влијание врз улогата на медиумите во мировниот процес. Медиумското опкружување би ги

[51]Kurspahic K., (2003). Zlocin u devetnaest i trideset, Balkanski mediji u ratu i miru, Sarajevo: Media Centar Sarajevo, SEEMO, 245
[52]Knightley Ph., (2000) (revised ed.),The First Casualty, London, Prion Books, 525
[53]Wolsfeld, G. (2004) Media and the Path to Peace, Cambridge University Press

подразбирало професионалните вредности, уверувања и рутини што ги имаат новинарите во процесот на креирање на вестите. Оттука, медиумите играат значителна улога во одлучувањето околу тоа како ќе ги претворат политичките настани во вести.

### 2.3.3. Сличности и разлики меѓу новинарите и решавачите на конфликти

Бил Блејкмур (Bill Blakemore) од телевизијата Еј-Би-Си Њус (ABC-TV News) своевремено навел листа на сличности и разлики меѓу новинарите и решавачите на конфликти. Во продолжение, наведуваме извадоци од листата.

„Како и решавачите на конфликтите, новинарите започнуваат со анализирање на конфликтот со цел да утврдат кои се страните во него, кои проблеми ги мотивираат, како и кои исходи се можни. Како и медијаторите и олеснувачите, новинарите се оддалечуваат од намерата за заземање страни, со цел да се претстават спротивставените гледишта на чесен и коректен начин....Новинарите обезбедуваат директен или индиректен форум за размена на гледишта и разгледување на различните опции за решавање конфликти. Понатаму, новинарите понекогаш поставуваат прашања што спротивставените страни ги водат кон идентификување и дискутирање на подлабоките интереси и потреби што лежат под нивните јавни ставови. Овој процес на "правање рамка" е стандардна процедура при процесот на решавање конфликти...За време на чувствителни преговори, новинарите се справуваат со тешката задача за редовно информирање на јавноста, истовремено штитејќи го интегритетот на процесот и доверливоста на изворите...

Новинарите известуваат за конфликтите само во ситуации на голем јавен интерес, како што е драматична ескалација или фази на де-ескалација, невообичаено насилни инциденти, мировни договори или други настани што се сметаат за новинарски значајни. Решавачите на конфликти, од друга страна, се обидуваат да интервенираат и како аналитичари и како медијатори пред конфликтот да достигне многу интензивно и деструктивно ниво....Новинарите стигнуваат до многу поголема публика од решавачите на конфликти[54].

---

[54]Rubenstein, R.E., et al (1994) Frameworks for Interpreting Conflict – A Handbook for Journalists, Institute for Conflict Analysis and Resolution, George Mason University

Новинарите покриваат настани, а не процеси. „Ова на публиката и' дава многу тесно и поедноставено гледиште за она што се случува прави на групите од интерес да имаат потешкотии во промовирањето подолгорочни политики“[55].

## 2.3.4. Воениот известувач: набљудувач или своеволен учесник?

Многумина новинари во денешно време велат дека тие се нешто повеќе од професионални набљудувачи на настаните и пренесувачи на фактите. Од нив се очекува да известуваат за фактите, но искуството во практика неретко покажало дека фактите се веќе создадени за да бидат покриени во вестите, служејќи и' на некоја агенда. „Не постои веќе улога на 'едноставни набљудувачи' – ние секогаш сме учесници, без разлика дали тоа го сакаме или не“[56]. Австралискиот новинар Филип Најтли (Phillip Knightley), пак, вели „побезбедно е да си војник отколку воен кореспондент“[57].

Се смета дека многу честа мотивација на новинарите за известување од подрачја опфатени со воен конфликт е брзо стекнување репутација или обновување на веќе постоечката.

Оттука, се смета дека е неизбежно новинарството да стане учесник во циклусот на конфликтот, а не само неутрален набљудувач. „Матриците на новинарско известување ќе влијаат врз курсот на идните настани, а политичките актери ќе го трансформираат нивното разбирање на вестите во свои пресметки и стратегии“[58].

Филип Најтли, исто така, вели дека „постојат подлабоки причини кои што се емотивни и може да покажат дека при пишувањето на фактите е невозможно соодветно да се истражува“[59]. Македонскиот новинар Зоран Иванов вели дека, како и другите луѓе, и новинарите припаѓаат некаде. „Ние имаме свои чувства и припаѓаме на одредена етничка група. Чувствуваме закана кон нашите етнички групи и нашата

[55]Hattotuwa S., (2002). The Role of the Media in Peace Processes. Proceedings of the 14th World Congress of Environmental Journalists, October 27-31, 2002, Colombo, Sri Lanka Environmental Journalists Forum
[56]McGoldrick A. and Lynch J. (2001) "What is Peace Journalism." Activate, the quarterly journal of IMPACS, London, The Institute for Media, Policy and Civil Society
[57]Dusterhoft, I. (2013), "The Protection of Journalists in Armed Conflicts", Mercourious 2013 – volume 29, issue 76, article pp. 04-22, Igitur Publishing
[58]Hackett, R.A., (2007), "Journalism versus Peace? Notes on a Problematic Relationsip", Global Media Journal – Mediterannean Edition, volume 2, number 1 (spring 2007), Simon Fraser University
[59]Knightley Ph., (2000) (revised ed.),The First Casualty, London, Prion Books

држава"[60]. Воените кореспонденти за своето известување понекогаш добиваат и награди што им ги доделува дадена страна во конфликтот. „Војската култивира воени кореспонденти, ги апсорбира, а на оние на кои им верува им нуди почесен воен статус, услуги, медали"[61].

Новинарите кои известуваат од терен треба да се обидуваат да направат колку што е можно пореална слика за корените на некој конфликт и притоа да постигнат максимално ниво на непристрасност и објективност. „Но, како и хирурзите кои не можат да извршат операција врз роднини и ние, новинарите, не сме машини кои ќе бидат во можност целосно да ги откријат сегментите што довеле до етнички конфликти"[62].

Воените известувачи неретко се соочуваат со дилеми, како, на пример, при носењето одлука дали да им помогнат на оние околу нив или да останат само како сведоци. Новинарите честопати тоа го оценуваат и како етички проблем. Од нив не се очекува да се инволвираат, туку да бидат набљудувачи и известувачи. „Новинарите кои покриваат конфликти никогаш не треба да носат оружје или да патуваат со други новинари кои носат оружје. Ако го направат тоа, тогаш ќе се загрози нивниот статус како неутрални набљудувачи, а завојуваните страни на нив ќе гледаат како на легитимни воени цели"[63].

## 2.4. Објективноста како стандард за професионално новинарско известување

Објективноста, како концепт на кој се потпира професионалното новинарство, како и очекувањата на јавноста, е двосмислен сам по себе. Тој најчесто се поврзува и се меша со поимите „вистина", „независност", „рамнотежа", „неутралност" и слично. На пример, целта на новинарот може да биде да дојде до вистината (а за да дојде до неа треба да биде независен), но тоа не значи неминовно дека средствата што ќе ги користи или што би можел да ги користи се објективни[64].

---

[60]International Media Conference on the Role of the Media in Conflicts (2001). Proceedings of the First Conference on the Role of the Media in Conflicts. Macedonian Institute of Media

[61]Knightley Ph., (2000) (revised ed.),The First Casualty, London, Prion Books

[62]International Media Conference on the Role of the Media in Conflicts (2001). Proceedings of the First Conference on the Role of the Media in Conflicts. Macedonian Institute of Media

[63]Committee to Protect Journalists (2004), On Assignment: A Guide to Reporting in Dangerous Situations, available at https://www.cpj.org/Briefings/2003/safety/journo_safe_guide.pdf

[64]Frost, C. (2000), Media Ethics and Self-Regulation, Pearson

Слично на ова, рамнотежата се однесува на еднаквиот простор и време што им се обезбедува на страните во конфликтот. Но, тоа не значи дека ова го прави известувањето „објективно“ или „вистинито“. Објективното известување се поврзува со начините на прибирање вести и нивното пренесување на непристрасен начин, кој е ослободен од вредносни проценки.

Но, од друга страна, новинарите честопати стануваат дел од нивните стории. Голем дел од нив (не)свесно прават манипулација за која известуваат. Тие имаат свој агол на гледање на работите, како и конкретен пристап во однос на приказната или сликата што ја прикажуваат. Може и да се рече дека, до одредено ниво, работата на новинарите е субјективна. „За новинарите илузијата за објективност е завршена...Станува се' појасно дека присуството на новинарите ја условува приказната за која тие известуваат, со што прават објективноста да биде невозможна“[65]. Чинот на известување наметнува ограничувања врз можноста да се известува за целата вистина. „Според тоа, произлегува потребата од селектирање и хиерархиска организација на приказната, што, пак наметнува повеќе субјективен отколку објективен резултат“[66].

Марк Томпсон (Mark Thompson) ја цитира познатата новинарка на Си-Ен-Ен Кристијан Аманпур (Christiane Amanpour) која вели дека „објективноста значи на сите страни да им се овозможи фер претставување, а не тие да се третираат подеднакво, односно на ист начин, особено не во ситуации кога сите страни не се исти“[67].

Објективноста стана основа на тврдењата за општествената одговорност во новинарската професија. Дури и во период кога традиционалните новинарски стандарди постојано се преиспитуваат, статусот на објективноста е тековна грижа во рамки на професијата. „Кога се известува за време на конфликт, правилото на објективноста може да ја ограничи способноста на новинарот да ја претстави социо-*политичката рамка на конфликтот, со оглед на тоа што може да биде обвинет за* 'уредување'“[68].

Во теоријата се наведуваат повеќе начини околу прекршувањето на правилото за објективност во новинарството. Меѓу доста споменуваните е и листата која следува во

[65]McGoldrick A. and Lynch J. (2001) "What is Peace Journalism." Activate, the quarterly journal of IMPACS, London, The Institute for Media, Policy and Civil Society
[66]Thussu, D.K., Freedman, D. ed. (2003) War and the Media, Sage Publications
[67]Thompson M., (1999) (completely revised and expanded version), Forging War: The Media in Serbia, Croatia, Bosnia and Herzegovina, Bedfordshire, University of Luton Press, 3
[68]Pedelty, M. (1995) War Stories: The Culture of Foreign Correspondents, Routledge

продолжение, а која содржи седум начини на прекршување на правилото на објективноста[69].

Еден начин е користењето погрешна терминологија и дефиниции на начин што подразбира прифатен факт, односно дека медиумите наметнуваат пристрасност под изговор дека се објективни. Потоа, медиумските извештаи честопати ја искривуваат сликата преку претставување на само една страна од приказната. Трет начин е преку затскривање на ставовите со пласирање вести. Изворот на какви било факти и стравови треба да биде јасно разграничен од извештајот или, пак, на алтернативен начин да биде споменато дека тој е намерно прикриен. Преку неуспехот да обезбедат соодветен контекст и целосни информации околу историјатот, новинарите можат драматично да ја сменат вистинската слика.

Еден друг начин на прекршување на правилото на објективноста е преку селективно испуштање, односно преку избор да се известува за одредени настани, на сметка на други. На тој начин медиумите го контролираат пристапот до информациите и манипулираат со јавниот сентимент.

Користењето на вистински факти за да се извлечат погрешни заклучоци е, исто така, начин што води до заобиколување на објективноста. Седмиот начин на прекршување на објективноста што се наведува на гореспоменатата листа е оној околу искривувањето на фактите. Во денешниот свет на конкурентност на медиумите, новинарите честопати немаат време, подготвеност или извори на соодветен начин да ги проверат информациите пред објавување на сторијата.

Се смета дека објективен извештај претставува оној кој што на јавноста и' ги дава сите информации за таа да извлече валиден заклучок. „Да се биде објективен значи да се признае дека сите гледишта не се подеднакво валидни или дека тие не заслужуваат еднаква почит“[70].

Од друга страна, строгото придржување кон дефиницијата за објективно известување може да доведе до искривено претставување на реалноста од страна на новинарите. Професор по новинарство на Универзитетот во Тексас тоа го опишува на следниов начин: „Новинарите не се доволно пристрасни. Новинарските норми за неутралност и објективност толку го ограничуваат известувањето што голем дел од

[69]Simmons, R. Sh., Seven Principles of Media Objectivity, Retrieved from the World Wide Web: http://www.aish.com/jw/mo/48914622.html
[70]Blair P., (2003). Objectivity in Journalism: Real and Imaginary, April 09, 2003, Capitalism Magazine

вестите на крај изгледаат контрадикторни"[71]. Некои, пак, велат дека „кога се покриваат појави како терор, расизам, шовинизам, фашизам, геноцид, ропство...од медиумите во либералните демократии не се очекува да бидат објективни во известувањето, туку токму спротивното: треба да ги отрфлат и осудат таквите појави"[72].

А Дејв Бери (Dave Barry) вели: „Ние новинарите знаеме многу малку за широк спектар на теми; токму така остануваме објективни"[73] Чесното информирање за насилствата е меѓу клучните принципи во слободното новинарство. „Сепак, голем дел од она што го провоцира јавното мислење не се актуелните настани, туку заканите, реториката, озборувањата, сликите, пропагандата, а сето тоа спаѓа во моќта на медиумите за контролирање, нагласување, заканување или отфрлување. Затоа, потрагата по фактите и сериозните обиди за откривање на контекстот се суштинските инструменти за новинарската објективност"[74].

## 2.5. Етика во известувањето

Сите медиуми ја сносат одговорноста за пренесување на вистината. Идеалот за вистинити информации е во сржта на секоја комуникација. Освен тоа, медиумите се должни да избегнат да и' нанесат штета на публиката на која и' се обраќаат. Тие треба да се одликуваат со кредибилитет, со цел публиката да верува на информациите и пораките што произлегуваат од нив.

Кредибилитетот на еден медиум може да се загрози на бројни начини, а еден од најчестите е преку недостигот на точност и вистинитост или, пак, поради присутност во известувањето. Потребата за сензационализам е примарна пречка во одржувањето на етичките стандарди во медиумите. Под притисокот да прават сензационалистички вести, новинарите понекогаш знаат и да измислат настани.

Една од најкорисните дефиниции за вистината доаѓа од филозофот Сисела Бок (Sissela Bok), која вели дека лажењето е еден вид на принуда. „Да лажете некого значи да ги водите кон дејствување на начин на кој не би го правеле тоа ако сте им ја кажале

[71]Jensen R., (2000). Journalists Actually Need Less Objectivity, October 11, 2000, Newsday
[72]Cohen – Almagor, R. (2008) "The Limits of Objective Reporting", Journal of Language and Politics, Vol. 7, No. 1 (2008), pp. 138-157.
[73]Aukofer F., Lawrence W., (1995). America's Team - The Odd Couple: A Report on the Relationship Between the Media and the Military, Arlington, VA, The Freedom Forum First Amendment Center, 63
[74]Drainie,B., (2000). We Must End the War of Words, February 01, 2000, The Globe and Mail

вистината"[75]. Кажувањето на вистината, исто така, подразбира дека тој што ги кажува нештата верува во она што го зборува. Ова е особено важно доколку професионалниот комуникатор го повторува тоа што некој го рекол и нема причина да се сомнева во точноста на информацијата. И новинарите мора да веруваат во вистинитоста и точноста на нивните информации и извештаи, секогаш имајќи предвид дека постои можност тоа што го велат да се покаже како погрешно.

Кога новинарите збоуваат за вистината, тогаш, во основа, се зборува за елементите што придонесуваат кон новинарската вистинитост. Меѓу нив се елементите на **точност**, **контекст** и **рамнотежа**.

Точноста се однесува на наоѓање и пренесување на фактите. Притоа, за да дојдат до вистинската слика новинарите ги проверуваат информациите преку нивните извори, разгледување и пренесување на контекстот, изјави и мислења од експерти, извештаи, итн. Друг фактор кој придонесува за точноста е начинот на кој се претставуваат директните цитати. Ниту еден новинар со професионален интегритет нема да го прекине цитатот или смести во погрешен контекст. Дури и точниот цитат може да биде разбран погрешно доколку е изваден од контекст.

Контекстот, пак, е од суштинско значење за да се разбере сторијата. Доколку важните елементи од сторијата се стават надвор од контекст тоа суштински ќе влијае врз начинот на кој ќе биде разбрана.

Рамнотежата е, исто така, важна за вистинитоста на сторијата, а таа се постигнува преку презентирање на сите страни на приказната за да се добие целосен увид во темата. Тоа значи дека рамнотежата е директно поврзана со точноста и контекст.

Примената на етички пристап во процесот на одлучување во медиумите подразбира две, суштински, компоненти: елементарно потпирање на релевантните теории за етиката и структуриран пристап во поединечната анализа на прашањата во секојдневното работење[76].

Секој медиумски систем во светот функционира под одреден вид ограничувања. Една од најефикасните заштити против рестриктивното законодавство може да биде саморегулацијата и свесноста околу одговорноста на медиумите, што би можела да се развие преку професионални здруженија и сојузи. Саморегулацијата се однесува на

---

[75]Parsons, P. (2008) 2nd ed. Ethics in Public Relations – A Guide to Best Practice, Chartered Institute of Public Relations

[76]Bivins, T.H. (2004) Mixed Media: Moral Distinctions in Advertising, Public Relations and Journalism, Lawrence Erlbaum Associates, Inc.

поставувањето етички стандарди што ќе ги почитуваат новинарите, а со тоа ќе придонесат и кон објективното известување.

За власта е многу потешко да ја предизвикува слободата на медиумите кога новинарите и уредниците во медиумските куќи работат професионално, ги верификуваат фактите и применуваат урамнотежен пристап во презентирањето на сториите. „Новинарот критичар како совест на јавноста треба да ја изнесува само вистината и да не ги премолчува фактите и податоците, да не објавува полувистини, бидејќи тие секогаш се цела лага“.[77]

Постојат различни видови притисоци и предизвици кои ги спречуваат новинарите да се однесуваат етички и професионално. „Тие варираат од мали плати, политички притисоци, комерцијализам, сопственишто...“[78].

Саморегулацијата им помага на медиумите да одговорат на поплаките од јавноста и, според тоа, да се придонесе во коригирање на грешките во известувањето на медиумите. Во контекст на професионалното работење на медиумите важно е и поврзувањето со граѓаните, а медиумите треба да работат на изнаоѓање нови и креативни начини на охрабрување граѓанско учество. Доколку грешките се поправаат брзо и доколку постои лесен пристап на публиката до редакцијата луѓето ќе се чувствуваат поврзани, а од тоа придобивка ќе извлече и новинарството.

Дијалогот меѓу граѓанското општество и медиумите е потребен за да се зголеми разбирањето за потребата од етичко размислување во одлуките на уредниците околу начинот на кој ќе се известува за различни прашања, па така и за војни и конфликти. За да функционира саморегулацијата, без разлика дали преку професионални организации или формален медиумски совет и тела каде што би се доставувале жалби во однос на објавените содржини во медиумите, треба да постои поголема соработка и меѓу самите медиумски професионалци.

Тело за саморегулација во медиумите во Република Македонија, односно Советот за етика во медиумите за прв пат е формирано во 2014 година. Практиката на досегашното работење на ова тело покажува дека граѓаните најмногу се жалат на незастапеноста на втора страна во новинарските стории, мешањето на информациите со факти, навредата, клеветата и нарушување на угледот на поединци и институции, говорот на омраза и дискриминацијата.

---

[77]Груевски, Т. (2000) Теорија на новинарството, Скопје, Студентски збор, 165
[78]Coher-Almager,R. (2001) Speech, Media and Ethics – The Limits of Free Expression, Palgrave

### 2.5.1. Етички кодекси при известувањето

Постојат различни модели на етички кодекси што се фокусираат на основните цели на новинарската професија. Кодексите се важни одредници за квалитетот во известувањето, но тие честопати се и двосмислени кога станува збор за справувањето со дневни етички прашања. Како и да е, без разлика на постоењето на таквите насоки и стандарди, тоа не ги спречило медиумите да ги прекршат и да не се придржуваат до нив.

Според Етичкиот кодекс на Светската асоцијација на професионални новинари (SPJ)[79], главните одговорности на новинарот во известувањето се: да ја бара вистината и да известува за неа, да ги минимизира штетите, да дејствува независно и да биде одговорен кон слушателите, читателите, гледачите и кон своите колеги.

Во Изјавата за етичките принципи на уредниците на Асошиејтед Прес (Associated Press Media Editors)[80] се потенцира дека весникот треба да служи како конструктивна критика на сите сегменти од општеството. Тој на логичен начин треба да ги рефлектира различните групи. Исто така, треба да се избегнува вмешување во политика, демонстрации или други надворешни настани што би можеле да создадат впечаток на конфликт на интерес. Според Изјавата, весникот треба да известува на начин што нема да ги земе предвид своите интереси, имајќи ја предвид потребата да ги открие потенцијалните конфликти.

Во Декларацијата на принципи на Меѓународната федерација на новинарите (International Federation of Journalists) за однесувањето на новинарите[81], едно од главните начела е да се почитува вистината, како и тоа дека прва задача на новинарот е да го почитува правото на јавноста да дојде до вистината.

*Објективноста како начело се бара и според Виенската декларација за јавната* радиодифузија[82], каде што се наведува дека највисока цел мора да бидат слободните и чесните информации до публиката. Сите аспекти на проблемот треба да бидат претставени со новинарски интегритет, на урамнотежен начин и во соодветен период.

[79]Society of Professional Journalists, Retrieved from the World Wide Web (May 6 2015) : https://www.spj.org/pdf/ethicscode.pdf
[80]Associated Press Media Editors, Retrieved from the World Wide Web (May 6, 2015) : http://www.apme.com/?page=EthicsStatement
[81]International Federation of JournalistsRetrieved from the World Wide Web: http://www.ifj.org/about-ifj/ifj-code-of-principles/
[82]International Press Institute, The Viena Declaration on Public Broadcasting, Retrieved from the World Wide Web: http://www.freemedia.at/about-us/declarations.html

Во Кодексот на новинарите на Македонија[83], се вели дека начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Освен тоа, „новинарот нема свесно да создава, ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и на дискриминација по која било основа..."[84]

### 2.5.2. Регулативи за професионалност во работата на медиумите во Република Македонија

Во член 16 од Уставот на Република Македонија од 1991 година се забранува цензурата, а се гарантира и слободата на говорот, јавното информирање, како и слободниот пристап кон информациите.

Во член 4 од Законот за медиуми се наведува дека „забрането е со објавувањето, односно емитувањето на содржини во медиумите да се загрозува националната безбедност, да се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, да се повикува на воена агресија или на вооружен конфликт, да се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност"[85].

Истите одредби се содржани и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[86], односно во член 48, во делот за Посебни забрани.

Промовирањето толеранција и заемно разбирање е едно од начелата за работата на радиодифузната дејност, наведени во член 121 од Законот за радиодифузна дејност на Република Македонија[87]. Понатаму, во истиот член се споменува и „низ програмите да се рефлектираат различни идеи, да се негува културниот идентитет на заедниците, да се

[83]Кодекс на новинарите на Македонија, достапен на http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440
[84]Ibid
[85]Закон за медиуми, достапен на http://www.slvesnik.com.mk/Issues/b063254742a44129b8dfe1221762ddb4.pdf
[86]Достапен на http://www.avmu.mk/images/KONSOLIDIRAN_TEKST_Zakon_za_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_od_Agencijata__18.11.2014.pdf
[87]Закон за радиодифузна дејност, достапен на http://www.avmu.mk/

почитуваат културните и религиозни разлики и да се поттикнува културата на јавен дијалог“[88].

Во 2001 година, тогашниот Совет за радиодифузија на Република Македонија усвои Препорака за начинот на известување од состојби на тензии, воени и други видови на оружени судири[89]. Во Препораката се вели дека електронските медиуми, при известувањето, треба да го промовираат и поттикнуваат духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу поединците од различно етничко потекло. Исто така, „електронските медиуми посебно треба да внимаваат при пренесувањето на изјави, соопштенија и други содржини кои со своето влијание врз публиката можат да поттикнат насилство или да охрабрат омраза, а особено емотивни изјави на претставници на власта, партиски лидери или други, истакнати, поединци и сензационалистички информации и обвинувања непоткрепени со јасни и неоспорени докази“[90]. Во деветата точка од Препораката се вели дека електронските медиуми посебно треба да внимаваат при пренесувањето изјави и информации од странски медиуми или меѓународни посредници, со чија содржина им се дава легитимитет на терористичките организации или вооружените екстремистички групи.

## 2.6. Медиумите и градењето мир – како медиумите може да придонесат во решавањето конфликти?

Медиумите речиси секогаш се наоѓаат во центарот на вниманието при покренувањето иницијативи за градење мир. Во најидеален случај, со коректното и урамнотежено известување се претставуваат разновидни гледишта, што е доволно за јавноста да донесе сопствени одлуки кои би се засновале на добра информираност.

Недостигот на информации во која било фаза од конфликтот овозможува манипулација со луѓето, зголемување на недовербата и стравувањата. Способноста да се носат одлуки врз основа на добра информираност го јакне општеството, демократските структури и перспективите за позитивен развој во иднина. Токму

[88]Ibid
[89]Достапна на https://www.itu.int/ITU-D/tech/OLD_TND_WEBSITE/digital-broadcasting_OLD/Bulgaria_Assistance_Transition/Macedonia/Strategija%20za%20razvoj%20na%20rd%20dejnost.pdf
[90]Ibid

поради оваа причина, Милениумската декларација на Обединетите Нации ја нагласува потребата „за обезбедување слобода на медиумите да ја остваруваат својата суштинска улога и правото на јавноста да има пристап до информации“[91].

Медиумите што известуваат инклузивно и ги претставуваат различностите се смета дека претставуваат рано предупредување за можното избивање конфликт со насилство. Тие служат како инструмент за надѕор над лидерите и јавните личности и ја следат нивната одговорност. Освен тоа, тие го набљудуваат и остварувањето или загрозувањето на човековите права, како и дејствувањето на другите актери на граѓанското општество. Секоја држава што ја опструира работата на слободните медиуми ги оспорува своите заложби за правда и владеење на правото.

Медиумите имаат моќ да ги намалат тензиите пред тие да стигнат до критичната точка и да вршат надѕор над власта, опозицијата и општеството. Преку обезбедувањето веродостојни информации и пристапот до широката публика, медиумите можат да помогнат во управувањето со конфликтите, додека, пак, по нивното завршување може да помогнат во процесот на помирување и поттикнувањето на општествениот развој.

Рос Хауард (Ross Howard) опишува што може да стори професионалното новинарство за решавање на конфликтите. Тој вели дека медиумите може да го сторат следново:

1. Да ја канализираат комуникацијата
2. Да прават едукација
3. Да градат доверба
4. Да ги коригираат погрешните претстави
5. Да хуманизираат преку поставување на вистинските луѓе во сторијата
6. Да ги определат заедничките интереси
7. Да овозможат емоционално искажување
8. Да прават рамка на конфликтот
9. Да овозможат да се донесе решение
10. Да охрабри рамнотежа на моќта[92].

Медиумите може да ги нагласат предностите што може да ги донесе мирот, да ги стават во фокус групите или лидерите кои се залагаат за мир и може да помогнат да се

[91]Милениумска декларација на Обединетите Нации, достапна на http://www.un.org/millennium/declaration/ares552e.htm

[92]Howard R., (2003). Conflict Sensitive Journalism, Denmark, IMPACS, 8-9

трансформираат сликите на непријателот. „Медиумите може позитивно да придонесат во борбата против нетрпеливоста, особено онаму каде што негуваат култура на разбирање меѓу различните етнички, културни и религиозни групи во општеството“.[93]

Од друга страна, тие може да дејствуваат како деструктивни фактори во мировниот процес, преку изборот негативно да информираат за ризиците и опасностите што се поврзани со компромисот, со ставањето во фокусот на оние што се спротивставуваат на отстапките и засилувањето на негативните стереотипи за непријателот.

Медиумите, освен тоа, може активно да влијаат врз стратегиите и однесувањето на различните актери во конфликтот, а и да и посветат значително место на дебатата околу мировниот процес.

Мировното новинарство е еден од можните пристапи во процесот на градење мир, што е концепт кој е претходно опишан во глава 2.1 од овој труд. Навраќајќи се на овој концепт, она што е од суштинско значење е дека преку мировното новинарство се прават заложби за истакнување на поединците и групите што користат мерки за градење мир и кои се против војната и насилството. Можните решенија и обидите за спречување натамошна ескалација на конфликтот се главните карактеристики на концептот на мировното новинарство.

Во Акциската програма на УНЕСКО за култура на мирот[94], меѓу другото, се препорачува:

- Поддршка на важната улога на медиумите во промовирањето на културата на мирот
- Обезбедување слобода на медиумите и слобода во информирање и комуницирање
- Ефикасно користење на медиумите за застапување и дистрибуција на *информации за културата на мирот.*

[93]Препоракабр. (97)20 –за промоцијата на културата на толеранција (1997) достапна на http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec(1997)020&expmem_EN.asp
[94]Достапна на http://www.unesco.org/cpp/uk/declarations/2000.htm

# 3. Истражување и методолошки објаснувања околу истражувањето

## 3.1. Предмет и цели на истражувањето

Предметот на овој труд е да се согледа начинот и улогата на новинарското известување за време на конфликти, особено низ призма на стандардите на мировното, односно професионалното новинарство. Поконкретно, предметот се однесува на медиумското претставување на актерите на меѓународната заедница во дневниот весник „Дневник" непосредно пред започнување на вооружениот конфликт во Република Македонија во 2001 година, како и во текот на неговото времетраење и еден месец по неговото официјално окончување. Предметот на истражување опфаќа и утврдување на препознатливоста и примената на концептот на мировното новинарство во денешни услови, особено кога станува збор за конфликти од различен вид, како и за време на тензии и инциденти.

Истражувачката постапка се очекува да доведе до согледување на следново:

1) Да се утврди начинот и општата улога на медиумите во известувањето за време на конфликти
2) Да се согледа на кој начин медиумски се претставени активностите, односно ставовите, сугестиите и оценките на меѓународните актери во однос на решавањето на вооружениот конфликт во државата
3) Да се утврди дали во претставувањето на активностите на меѓународната заедница во медиумското известување се применувале стандардите на мировното новинарство и во кој обем
4) Да се утврди какво е разбирањето на концептот на мировното новинарство и неговите стандарди од страна на уредниците на поголеми медиуми од денешна перспектива.

Во истражувањето се земени предвид следниве претставници на меѓународната заедница во 2001 година: дипломатите акредитирани во Република Македонија, специјалните претставници на меѓународната заедница (ЕУ и САД) за решавање на

вооружениот конфликт во Македонија, како и меѓународните организации (невладини и меѓудржавни), а кои на своевиден начин учествуваа во решавањето на конфликтот. Од меѓународните организации ќе бидат издвоени ООН, ОБСЕ, Хашкиот трибунал, Меѓународната кризна група, НАТО, ЕУ со сите нејзини тела, Хелсиншкиот комитет за човекови права, Хјуман Рајтс Воч, Амнести Интернешенел и Советот на Европа.

Критериумот за селекција на горенаведените актери е според нивната инволвираност во мировни активности и иницијативи при воени конфликти во државите и поради нивната најчеста застапеност како меѓународни актери во Република Македонија за време на вооружениот конфликт.

Во истражувачката постапка се земени сите написи од тогашниот најтиражен дневен весник „Дневник" кои се поврзани со активностите, идеите и иницијативите на претставниците на меѓународната заедница во однос на вооружениот конфликт, односно во периодот од еден месец пред почнување на вооружениот конфликт, во текот на неговото времетраење и еден месец по неговото завршување, со донесувањето на Охридскиот рамковен договор.

Освен тоа, истражувачката постапка подразбира и реализација на полуструктурирано длабинско интервју со уредници од десетина поголеми медиуми во државата што објавуваат дневни вести и информации.

**Научната** цел на истражувањето е да се разберат и објаснат начините на кои медиумите може да известуваат во услови на конфликт и со самото тоа да влијаат врз неговиот тек. Целта е да се согледаат и начините на претставување на мировните активности на меѓународната заедница, како актер во решавањето на конфликтот, во тогашниот најтиражен печатен медиум и со тоа да се дојде до научни сознанија за поврзаноста меѓу начинот на известување со (не)почитувањето на стандардите на мировното новинарство.

**Практичната** цел на истражувањето е од добиените сознанија од истражувањето да се влијае во практиката на новинарството во Република Македонија за пообјективно информирање во јавноста за конфликти и инциденти кои можат да доведат до конфликт по различни основи, како и за придржување кон стандардите на мировното новинарство, односно стандардите за објективно информирање. Во исто време, практична цел на истражувањето е да се укаже на последиците од необјективното информирање во услови на конфликти и влијанието врз погрешните перцепции кај

публиката. Преку ова истражување, исто така, би дошле и до една генерална слика за тоа каков бил уделот на меѓународните актери при определувањето на исходот од вооружениот конфликт.

## 3.2. Задачи на истражувањето

Најпрво, во врска со предметот на истражување ги определуваме следниве, **општи**, задачи за истражување кои се предмет на квантитативно – квалитативна проверка:

- Да се утврди зачестеноста (фреквенцијата) на известување за меѓународните актери и нивните активностите во написите
- Да се испита колкав простор се отстапува за меѓународните актери и нивните активности во написите во конкретниот печатен медиум (големина на написот)
- Да се утврди каков глас му е даден на меѓународниот актер во написот
- Да се утврди каков е фокусот кон актерот и активностите со кои е претставен
- Да се согледа контекстот во кој се сместени дадените актери, односно дали е позитивен/негативен/неутрален.

Во однос на секој напис во горесспоменатиот период во кој се споменуваат меѓународните актери кои интервенирале/искажале став или презеле други активности во однос на конфликтот во Македонија ќе се проверуваат стандардите на мировното новинарство формулирани во следниве, **посебни**, задачи на истражувањето:

- Да се утврди дали во написот се наведени целите на меѓународните актери како една од страните инволвирани во решавање на конфликтот
- Да се утврди дали е даден историјат околу интервенцијата/ангажираноста на меѓународните актери во решавањето на конфликтот
- Да се согледа дали и каков вид на идеи даваат актерите околу други, можни, исходи, а особено нови, креативни, идеи за решавање на конфликтот
- Да се утврди кој дава иницијатива за реконструкција, помирување и решение

- Да се согледа дали на конфликтот се гледа како на проблем или на одредена страна во конфликтот (преку пренесување на ставовите на меѓународните актери)
- Да се утврди дали при претставувањето на меѓународните актери се споменуваат невидливите ефекти на насилството (траума и слава, штети врз системот/културата)
- Да се утврдат ставовите на уредниците во неколку поголеми медиуми во однос на новинарското претставување на мировните активности на меѓународната заедница во 2001 година и препознатливоста и применливоста на концептот на мировно новинарство од денешна перспектива.

Добиените одговори на овие прашања ќе помогнат да се дојде до сознанието дали и колку весникот известувал урамнотежено и професионално и се придржувал до стандардите на мировното новинарство во известувањето за активностите на меѓународите актери поврзани со вооружениот конфликт во државата. Со самото тоа ќе се согледа дали известувањето ги поддржало перспективите за постигнување мир. Во исто време, ќе се добие одговор и на тоа колку од денешен агол се препознава и применува концептот на мировното новинарство во известувањето на медиумите за конфликтите, тензиите и инцидентите.

### 3.2.1. Дефиниција на поимите и категориите употребени во истражувањето

Предметното одредување на овој труд подразбира и одредени, основни, поими: **конфликт**, **вооружен конфликт**, **меѓународна заедница**, **мировно новинарство**, **воено новинарство** и **објективност во известувањето**.

**Конфликтот** се дефинира како несогласување во кој инволвираните страни гледаат закана за своите потреби, интереси или грижи[95]. Поширока дефиниција за конфликтот е дадена од Институтот Хејделберг за меѓународно истражување на конфликтот (Heidelberg Institute for International Conflict Research), со која конфликтот се дефинира

[95] Academic Leadership Support, About Conflict, достапно на http://www.ohrd.wisc.edu/onlinetraining/resolution/aboutwhatisit.htm

како „судир на интереси (лични разлики) околу националните вредности со определен тек и опсег меѓу најмалку две страни (организирани групи, држави, организации) кои се определени да се залагаат за своите интереси и добивање на своите случаи"[96].

**Вооружениот конфликт** е оспорена некомпатибилност, која се однесува на владата и/или територијата каде што се применува вооружена сила меѓу две страни, од кои најмалку една е владата на државата, а резултира со најмалку 25 загинати на борбено поле[97].

**Меѓународната заедница** е фраза во меѓународните односи што се однесува на поширока група на луѓе и влади во светот. Некои сметаат дека меѓународната заедница, едноставно, не постои. Според други, терминот се однесува на сите држави кога одлучуваат да дејствуваат заеднички. Една дефиниција укажува на тоа дека меѓународната заедница ги опфаќа „сите држави со меѓународно влијание, односно секоја држава чиј идентитет и суверенитет е признаен и која одлучува да учествува во глобалните дикусии и носење одлуки"[98]. Терминот честопати се користи од активисти, политичари и аналитичари, особено во контекст на повиците за дејство против политичката репресија и за заштита на човековите права.

Мировното и военото новинарство се концепти кои веќе се дефинирани во глава 2.1 од овој труд. Во глава 2.5 е дефинирана и објективноста како стандард за професионално известување во новинарството.

Во продолжение се објаснува и системот на категории што се користеше во истражувањето.

Просторот што се отстапува за активностите на меѓународните актери во Дневник се утврдува преку категоријата „**Големина на написот**". Таа ги содржи следниве поткатегории: *многу долг напис* (над 60 новинарски редови), *долг напис* (од 41 до 60 реда), *среден напис* (од 21 до 40 реда), *краток напис* (од 11 до 20 реда) и *многу краток напис* (од 5 до 10 реда).

Категоријата „**Глас на актерот**" ги содржи следниве поткатегории: а) **директно цитиран**, б) **парафразиран**, в) **и цитиран и парафразиран** и г) **само споменат**. Поткатегоријата *само споменат* значи дека актерот, односно неговите активности,

---

[96]Види повеќе на http://www.hiik.de/en/

[97]Uppsala Universitet, Department of Peace and Conflict Research, Definition of Armed Conflict, достапно на http://www.pcr.uu.se/research/ucdp/definitions/definition_of_armed_conflict/

[98]Види повеќе на: http://www.project-syndicate.org/commentary/defining-the-international-community-s-role-and-responsibility-by-michel-rocard#eTcjPOF7zioiEfMZ.99

изјави или ставови се доведуваат во контекст на она што претставува главна тема на написот, при што тие не заземаат доминантен простор.

Од претходната категорија, произлегува и категоријата „**Фокус на актерот**". Таа ги содржи следниве поткатегории: а) *примарен*, б) *секундарен* и в) *споменување во контекст*. Во написот станува збор за *примарен фокус* доколку активностите на меѓународниот актер сочинуваат повеќе од половина од написот во смисла на содржина и значење, надополнето со директното претставување на меѓународниот актер. За *секундарен фокус* се работи тогаш кога меѓународниот актер не е доминантен и е претставен во помалку од половина од написот по содржина и значење. За *споменување во контекст* се работи тогаш кога меѓународниот актер и неговите активности се само споменати, забележани или опфатени, но не се елаборирани на ниту еден начин.

Поткатегориите на категоријата „**Третман на актерот**" се следниве: а) *позитивен*, б) *негативен*, в) *и позитивен и негативен* и г) *неутрален третман*. Третманот на актерот се однесува на тонот и наклонетоста со кои медиумот известува за активностите на анализираните актери поврзани со вооружениот конфликт.

Категоријата „**Цели на актерот**" се анализира преку регистрирање на тоа дали тие се наведени или не (*да* или *не*). Поконкретно, тоа значи да се регистрира дали кога станува збор за одредени активности на меѓународниот актер постои дополнително објаснување околу целите на тие дадени активности. На истиот начин се анализираат и категориите "**Историјат (бекграунд) за активностите на меѓународниот актер**", „**Идеи за можни, алтернативни, исходи од конфликтот**", како и „**Иницијатива за реконструкција и помирување**".

Категоријата „**Извор на проблем**" се анализира преку утврдување на вредностите на нејзините поткатегории: а) *конфликтот* и б) *одредена страна во конфликтот*. Овде е потребно да се потенцира дека, според теоријата на мировното новинарство, доколку во написот се посочи дека извор на проблем претставува конфликтот, а не одредена страна во конфликтот, тогаш известувањето се движи во вистинската насока. Во овој контекст, да напоменеме дека се појавува една етичка дилема. Всушност, станува збор за ситуациите во кои одредена страна во конфликтот се потенцира како извор на проблем, а тоа го прави новинарот преку цитирање/парафразирање на ставовите на одреден актер што се анализира. Притоа, се поставува прашање дали во такви ситуации новинарот вистински и објективно ја завршил својата задача со тоа што информирал за ставовите на меѓународниот актер или, пак, се работи за избор на погрешен пристап во известувањето. Според нормите на професионалното новинарство, ваквата дилема,

сепак, може да се разреши. Во една таква ситуација, новинарот би можел да постигне рамнотежа со тоа што ќе ги наведе ставовите на меѓународните актери, во исто време цитирајќи или парафразирајќи експерти или извори во текстот кои што го потврдуваат она што се препорачува со мировното новинарство, односно да се посочи конфликтот како извор на проблемот, а не одредена страна во конфликтот.

## 3.3. Хипотетичка рамка

Врз основа на теоретската рамка и целта што сакаме да ја постигнеме со истражувањето, формулирана е следнава:

**ГЕНЕРАЛНА ХИПОТЕЗА**: Колку помалку новинарското известување се придружува до стандардите за мировно новинарство во информирањето за мировните активности на меѓународните актери, толку повеќе нивното информирање е необјективно или пристрасно.

Тргнувајќи од оваа хипотеза и од претходно поставените цели ги поставуваме следниве посебни хипотези:

- Непочитувањето на стандардите за мировно новинарство во написите на најтиражниот дневен весник доведе до големи разлики во видот и обемот на претставување на мировните активности на меѓународните актери во различните фази опфатени со истражувањето;
- Познавањето и примената на меѓународните стандарди на мировното новинарство и на начините на професионално информирање од страна на уредниците и новинарите влијае врз објективно претставување на конфликтите, тензиите и инцидентите и контролата на нивниот интензитет.

## 3.4. Методи на истражување

Од методолошка гледна точка, ова истражување има интегрален (квалитативен и кванитативен пристап). Методот на **анализа на содржина** ќе има клучна улога во рамките на ова истражување.

Анализата на содржина се дефинира како методолошки „приод кон анализата на документи и текстови (печатени или визуелни), чија цел е да се квантифицира нивната содржина од аспект на претходно утврдени категории, на систематичен и повторлив начин“[99]. Според оваа дефиниција, таа е комбиниран приод што се фокусира и на квалитативни и на квантитативни аспекти на медиумските прилози/текстови. Овој метод ќе го примениме и како квалитативна и како квантитативна анализа на содржина.

[99]Bryman, A. (2004) 2nd ed. Social Research Methods, OUP Oxford

Притоа, за единици за анализа се земаат сите написи (извештаите како информативни жанрови) во дадениот дневен весник каде што се споменуваат активностите/интервенциите на меѓународните актери поврзани со вооружениот конфликт во државата. Анализата на текстуалниот сегмент ја подразбира и насловната конструкција.

Со **квантитативната анализа на содржина** се утврдуваше зачестеноста на јавување, односно броењето дали нешто се јавува или не и, ако се јавува, колку често (на пример, опременост на написот со графички/фотографски приказ, бројот на инволвираните страни што се споменуваат во дадениот напис), како и растојанието (колку простор се отстапува за активностите на меѓународните актери во написот преку мерење на неговата големина со броење на новинарските колони).

**Квалитативната анализа на содржина** опфати операционализација на истражувачките прашања во систем на категории и рамка за кодирање (определување на фокусот кон активностите на меѓународните актери, третан кон меѓународниот актер, вид на општествен контекст во кој е претставен, итн.). Освен тоа, системот на категории се заснова и на стандардите на мировното новинарство што ги опишува Јохан Галтунг. Развиени се одделни категории и во однос на самите активности на меѓународните актери, како и за идеите за исходи од вооружениот конфликт во 2001 година понудени од самите меѓународни актери.

За секој аспект од текстот кој ги задоволува/не ги задоволува стандардите на мировното новинарство и објективност се развиени одделни категории кои се сеопфатни и не се поклопуваат меѓусебно.

Инаку, за целите на ова истражување ќе се обидеме меѓународните актери што на своевиден начин директно или индиректно интервенираа (предлагаа решенија, сугестии, искажуваа ставови) во врска со вооружениот конфликт во државата да ги поделиме на две групи: **субјекти** и **организирани форми на дејствување, односно** меѓународни меѓувладини и меѓународни непрофитни и невладини организации.

Во истражувањето е применето и **длабинското полуструктурирано интервју**, како метод за квалитативно истражување. Реализирано е со десетина уредници на поголеми медиуми во државата. Притоа се користи листа на конкретни прашања како насоки за интервјуто, а на испитаниците им се остави доволно простор во одговарањето на прашањата. Прашањата се однесуваат на нивните ставови околу претставувањето на мировните активности на меѓународните актери во 2001 година и разбирањето и примената на концептот на мировно новинарство. Освен тоа, со уредниците се

разговараше и за нивните ставови и гледишта во врска со начините на кои медиумите известувале за вооружениот конфликт во 2001 година, особено со фокус на известувањето за активностите на меѓународната заедница.

Во разработката на магистерскиот труд се примени и анализа на податоците добиени од други истражувања или собрани на друг начин, односно **секундарна анализа на податоците**. Разгледани се различни документи како извори на секундарни податоци, како на пример текстови објавени во медиумите кои се однесуваат на концептот на мировното новинарство, документи за стандардите на професионално информирање, релевантни истражувања во областа и слично.

## 3.5. Примерок на испитување

За да се разработи идејата во истражувачка работа за предмет на анализа се земени примероци од најтиражниот дневно-информативен весник на македонски јазик во анализираниот временски период што ја покриваше целата територија на Република Македонија „Дневник". Во периодот кој што се анализира тиражот на „Дневник" се проценуваше на 75.000 – 85.000 примероци[100]. Беше утврдено дека во Дневник вкупниот број податливи написи за анализа е 741.

За анализа се земени извештаите во сите изданија на весникот од тој период каде што се споменуваат наведените меѓународни актери во контекст на вооружениот конфликт во државата. Коментарите не се анализираат бидејќи тие ги покажуваат субјективните ставови на авторите, како и вестите, бидејќи тие се недоволно податливи како жанр за нашето истражување. Извештајот, всушност, претставува проширена вест. Веста само регистрира, односно го констатира постоењето на еден или повеќе факти, додека извештајот зборува за текот на еден настан, кој во исто време го опишува и според распоредот на фактите го толкува.

Временски предметот е определен еден месец пред започнувањето на вооружениот конфликт во Република Македонија (24 јануари 2001 година), во текот на неговото времетраење до еден месец после неговото официјално окончување (со донесување на Рамковниот договор од Охрид на 13 август 2001 година), односно до 13 септември 2001 година.

[100]Во споредба со останатите четири дневни весници во Република Македонија во тој период (тиражот на Вест изнесуваше од 20.000 до 30.000, на Вечер од 10.000-14.000, на Нова Македонија 1.500-2.500 и Македонија денес од 2.500 до 3.000) тиражот на Дневник доминираше.

# 4. Резултати од истражувањето

## 4.1. Меѓународните актери и фреквенција на известување за нивните активности во анализираните написи

Вкупниот број на написи податливи за анализа во набљудуваниот временски период во Дневник е 741. За анализа земени се предвид вкупниот број написи во кои се споменуваат активностите и ставовите на меѓународните актери поврзани со вооружениот конфликт во државата во 2001 година.

При определувањето на фреквенцијата (зачестеноста) во споменувањето на меѓународните актери во написите беа исклучени оние написи каде што споменувањето на актерите беше надвор од фокусот на нашата анализа, односно доколку тоа не се однесуваше на нивните активности во врска со вооружениот конфликт.

Табелата број 2 подолу нуди детален приказ на фреквенцијата во известувањето за активностите на меѓународните актери во однос на вкупниот број анализирани написи. Според податоците содржани во неа, во графичките прикази на податоците според одделни категории во фокусот ќе бидат ставени 16 од вкупно 23 анализирани меѓународни актери, од причина што фреквенцијата во известувањето е поголема во споредба со останатите.

Притоа, да потсетиме дека анализираните меѓународни актери ќе бидат поделени на следниве три групи:

- Индивидуални лица
- Колективни тела (меѓународни меѓувладини организации и меѓународни невладини организации)
- Дипломатско – конзуларни претставништва во Република Македонија.

Како што се забележува, на листата на анализирани актери се наоѓаат и индивидуални лица кои се јавуваат како носители на функциите во организациите/телата што се наведени под групата колективни тела. Поконкретно, станува збор за Хавиер Солана (Javier Solana), тогашен висок претставник за безбедносна и надворешна политика на ЕУ, Џорџ Робертсон (George Robertson), тогашен генерален секретар на НАТО, Франсоа Леотар (Francois Leotard), тогашен специјален пратеник на ЕУ за решавање на кризата во Македонија, Џејмс Пердју (James

Perdew), тогашен специјален претставник на американскиот Стејд департмент за решавање на кризата во Македонија, Питер Фејт (Peter Feit), тогашен специјален пратеник на НАТО во Република Македонија, Ханс Јорг Ајф(Hansjorg Aif), тогашен цивилен претставник на НАТО во Македонија и Роберт Фровик (Robert Frowick), тогашен амбасадор на ОБСЕ во Македонија.

Во ситуации кога некое од наведените колективни тела се споменува самостојно, односно во негово име не е претставен некој од наведените индивидуални актери, тогаш неговите активности се анализираат одвоено. Од друга страна, целта е и да се утврди кој актер доминира во име на колективното тело, а особено во контекст на учеството во определувањето на исходот од вооружениот конфликт во државата.

Меѓу најчесто споменуваните меѓународни актери (односно нивните активности) во вкупниот број написи (741) се следниве: **НАТО** (38,87%), **ЕУ** (28,07%), **ОБСЕ** (18,76%), **КФОР** (16,46%), **Хавиер Солана** (13,63%), **Џорџ Робертсон** (10,8%), **Франсоа Леотар** (8,50%), **Џејмс Пердју** (7,69%) и **ООН** (6,21%).

Сепак, поради нешто повисокиот процент на известување за нив во споредба со оној за останатите актери, како и за целите на споредбата според дадената категоризација (индивидуални актери, колективни тела и дипломатско – конзуларни претставништва), при претставувањето на податоците за анализираните категории опишани во дел 3.2.1. од овој труд, меѓу доминантните актери во истражувачкиот извештај ќе се најдат и следниве седум актери: **Хашки трибунал** (3,51%), **Амбасада на САД** (3,24%), **Питер Фејт** (2,83%), **Роберт Фровик** (2,7%), **Совет на Европа** (2,43%), **Ханс јорг Ајф** (2,29%)и **Амбасадата на Велика Британија**(2,02%).

Во табела 2 подолу е даден редоследен приказ според зачестеноста на споменувањето на сите анализирани меѓународни актери во написите.

**Табела број 2. Број на написи во кои се споменуваат меѓународните актери**

| АКТЕРИ [redacted] | БРОЈ НА НАПИСИ [redacted] | Споменување во однос на вкупниот број написи (741) |
|---|---|---|
| **1. НАТО** | 288 | 38,87% |
| **2. ЕУ** | 208 | 28,07% |
| **3.ОБСЕ** | 139 | 18,76% |

| | | |
|---|---|---|
| **4. КФОР** | 122 | 16,46% |
| **5. ХАВИЕР СОЛАНА** | 101 | 13,63% |
| **6. ЏОРЏ РОБЕРТСОН** | 80 | 10,8% |
| **7. ФРАНСОА ЛЕОТАР** | 63 | 8,50% |
| **8. ЏЕЈМС ПЕРДЈУ** | 57 | 7,69% |
| **9. ООН** | 46 | 6,21% |
| **10. ХАШКИ ТРИБУНАЛ** | 26 | 3,51% |
| **11. АМБАСАДА НА САД** | 24 | 3,24 % |
| **12. ПИТЕР ФЕЈТ** | 21 | 2,83% |
| **13. РОБЕРТ ФРОВИК** | 20 | 2,7% |
| **14. СОВЕТ НА ЕВРОПА** | 18 | 2,43% |
| **15. ХАНС ЈОРГ АЈФ** | 17 | 2,29% |
| **16. АМБАСАДА НА В.БРИТАНИЈА** | 15 | 2,02% |
| **17. РОБЕРТ БАДЕНТЕР** | 14 | 1,89% |
| **18. ГЕРМАНСКА АМБАСАДА** | 7 | 0,94% |
| **19. ФРАНЦУСКА АМБАСАДА** | 7 | 0,94% |
| **20. БОДО ХОМБАХ** | 5 | 0,67% |
| **21. РУСКА АМБАСАДА** | 2 | 0,27% |
| **22. АВСТРИСКА АМБАСАДА** | 2 | 0,27% |
| **23. ИТАЛИЈАНСКА АМБАСАДА** | 2 | 0,27% |

#### 4.1.1. Фреквенција на известување за активностите на меѓународните актери по месеци

Во продолжение, анализата за известувањето на активностите на меѓународните актери се спроведува на следниве нивоа:

а) Споредба во известувањето меѓу колективните тела, индивидуалните лица и дипломатско – конзуларните претставништва

б) Споредба во рамки на една група на меѓународни актери поединечно.

Од *анализата на споменувањето на меѓународните актери по месеци* се забележува дека единствено колективните тела се споменуваат во јануари, односно непосредно пред започнувањето на вооружениот конфликт во Македонија, а тие се НАТО, ЕУ и КФОР. Индивидуалните лица и дипломатско – конзуларните претставништва не се споменуваат во ниту еден напис во тој период. Истото е случај и во февруари (со вкупно 16 написи), но во овој месец се известува и за активностите/ставовите на Хавиер Солана и Џорџ Робертсон. Кога ќе се земе предвид дека овие двајца актери се претставници на НАТО и ЕУ тогаш е очигледна доминацијата на овие две организации непосредно пред и при самото започнување на вооружениот конфликт во Македонија. Во овој месец, покрај НАТО, ЕУ и КФОР, за првпат се појавува и ООН.

За колективните тела најинтензивно се известува во март (со вкупно 193 написи за сите меѓународни актери во оваа група) и во август (169). За индивидуалните лица најмногу се известува во јули (132).

Анализата покажа дека во текот на сите месеци доминира известувањето за активностите на колективните тела, за разлика од известувањето за индивидуалните лица и дипломатско – конзуларните претставништва. Единствено не постои голема разлика во известувањето во јули, кога за активностите на колективните тела се известува во вкупно 155 написи, а за активностите на индивидуалните лица во 132 написи.

Кога станува збор за известувањето за индивидуалните лица, во март, април, мај и јуни најмногу се пишува за активностите на Хавиер Солана, за разлика од сите други актери што и' припаѓаат на оваа група. Во јули тоа место им припаѓа на Франсоа Леотар и Џејмс Пердју, а исто така и во август, но со помал интензитет.




**Слика 1. Интензитет на известување за активностите на меѓународните актери по месеци (индивидуални лица)**

При известувањето за активностите на колективните тела, КФОР најчесто се споменува во март, за разлика од другите актери во оваа група, што не е случај во ниту еден од другите анализирани месеци. Во април и мај доминира известувањето за ЕУ, а во јуни, јули, август и септември за НАТО, во споредба со другите актери во оваа група. За овој актер најмногу се известува во август (75 написи од вкупно 288), во споредба со другите месеци, а за ЕУ во март.




**Слика 2. Интензитет на известување за активностите на меѓународните актери по месеци (колективни тела)**

Во известувањето за дипломатско – конзуларните претставништва, Амбасадата на САД почнува да се споменува во март, а известувањето во текот на сите месеци е речиси со ист интензитет, без доминација во ниту еден од нив, што е случај и кога станува збор за Амбасадата на Велика Британија. Сепак, во март, април, јули и август повеќе се известува за Амбасадата на САД отколку за Амбасадата на Велика Британија.




**Слика 3. Интензитет на известување за активностите на меѓународните актери по месеци (дипломатско-конзуларни претставништва)**

Да напоменеме дека бројките што се споменуваат веднаш до името на меѓународниот актер, всушност, го претставуваат бројот на написите во кои станува збор за активностите на дадениот актер. Со поединечното наведување на бројот на написите по месеци за секој актер поединечно се добива прецизна слика за интензитетот со кој се известува за нив во дадениот период.

## 4.2. Големина на написите за активностите на меѓународните актери

Кога станува збор за големината на написите за активностите на меѓународните актери, интересно е да се забележи дека за нив се известува претежно во поткатегориите многу долги написи, долги и средни написи, додека кратките и многу кратките написи се застапени многу помалку.




**Слика 4. Големина на написите за активностите на меѓународните актери**

Од вкупно 264 написи посветени на групата **индивидуални лица** во кои е мерена категоријата Големина на написот, 51,1% од нив (135 написи) се многу долги написи**,** а 20,8% (55) се **долги написи**. Кај групата **колективни тела** многу долгите написи сочинуваат 49,8% од вкупниот број написи (462) во кои се мери оваа категорија, а долгите написи 21,86% (101 напис). Од 28 написи во кои се известува за активностите на дипломатско – конзуларните претставништва, а во кои се мери оваа категорија, во поткатегоријата многу долги написи се наоѓаат седум написи, а во долги 13.

Во поткатегоријата "многу долг напис" кај **колективните тела** најдоминантно место заземаат активностите на НАТО (19,05%) и ЕУ (15,15%) од вкупниот број написи кај оваа група актери (462). Кај **индивидуалните актери** тоа е случај со Џорџ Робертсон (29,5%) и Хавиер Солана (15,15%), што не' упатува на заклучокот дека НАТО и ЕУ и нивните претставници Солана и Робертсон се актерите на кои им се посветува најмногу простор во весникот.

Интересно е што кај групата индивидуални лица, Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Питер Фејт и Ханс јорг Ајф ниту еднаш не се претставени во многу кратки написи кои,

со исклучок на Франсоа Леотар и Џејмс Пердју, ја сочинуваат целата група на индивидуални актери. Кај **дипломатско – конзуларните претставништва** за активностите на амбасадата на САД повеќе се известува во долги написи (во 11 од вкупно 28).

## 4.3. Глас на актерот

Како што е опишано претходно во делот 3.2.1 од овој труд, категоријата "**Глас на актерот**" ги содржи следниве поткатегории: а) *директно цитиран*, б) *парафразиран*, в) *и цитиран и парафразиран* и г) *само споменат.*

Кога станува збор за категоријата „Глас на актерот", поткатегориите што преовладуваат се „директно цитиран" и „споменат". Тоа, на извесен начин, ги претставува двете крајни вредности, односно давањето можност на меѓународниот актер директно да се претстави во написот преку цитирање на неговиот исказ или, пак, тој да се спомене во написот, односно да се доведе во контекст на останатиот текст. Општ заклучок е дека меѓународните актери многу почесто се споменуваат отколку што им се дава можност за претставување преку директно цитирање на нивните искази.




**Слика 5. Глас на актерот**

Во групата индивидуални лица во 37,6% од написите директно се цитираат исказите на меѓународните актери, додека кај колективните тела тој процент изнесува 20,3%. Актерите кои најчесто се цитираат во групата индивидуални лица се Џорџ Робертсон (44 написи или 12,3%) и Хавиер Солана (42 написи или 11,7%), односно НАТО и ЕУ кај колективните тела.

Во групата дипломатско – конзуларни претставништва најчесто директно се цитира Амбасадата на САД, односно нејзин претставник (во 16 од 39 написи за оваа група актери).

Кога станува збор за поткатегоријата „споменување" на меѓународниот актер, интересно е да се забележи дека колективните тела се многу почесто споменувани (во 5% од написите), отколку групата индивидуални актери (во 44% од написите).

## 4.4. Фокус на актерот

За потсетување, да повториме дека категоријата „**Фокус на актерот**" ги содржи следниве поткатегории: 1) *примарен*; 2) *секундарен* и 3) *споменување во контекст.*




**Слика 6. Фокус на актерот**

Индивидуалните лица со примарен фокус се споменати во 40,7% од написите (во 146 од вкупно 359 за оваа група актери), додека колективните тела во 33,4% (283 од вкупно 847 написи). Во 12 од вкупно 39 написи посветени на групата дипломатско – конзуларни претставништва фокусот во написите е примарен. Колективните тела, пак, се многу почесто споменати во даден контекст, односно во 41% (или 347) од вкупниот број написи за оваа група, додека индивидуалните актери се споменати во контекст во 29,5% (или 106) од написите. И дипломатско – конзуларните претставништва се почесто споменати отколку што се претставени со примарен и секундарен фокус.

Индивидуални лица кои најчесто се претставени со примарен фокус се Хавиер Солана, Џорџ Робертсон и Франсоа Леотар, додека од колективните тела тоа се НАТО, ЕУ и КФОР.

Кај дипломатско – конзуларните претставништва интересно е тоа што Амбасадата на САД многу повеќе се претставува во примарен фокус, отколку Амбасадата на Велика Британија (11 наспроти 1 напис).

Јануари, февруари и април се месеци во кои послабо се известува за активностите на меѓународните актери со примарен фокус.

За Хавиер Солана од групата индивидуални лица март е месец во кој најчесто се известува за неговите активности, односно на самиот почеток од вооружениот конфликт во државата. Во март почесто се известува и за активностите на Џорџ Робертсон од оваа група. Хавиер Солана е доста често присутен во написите и во текот на јуни. Интересно е да се забележи дека јули е клучен месец во известувањето за активностите на Франсоа Леотар со примарен фокус и Џејмс Пердју, што не е случај во ниту еден друг месец.

Март, јуни и август се месеците во кои најчесто се известува за НАТО (од групата колективни тела), со тоа што во август се известува најмногу за овој актер. Во март најчесто се известува и за ЕУ, КФОР и ООН.

## 4.5. Третман на актерот

Третманот на актерот се однесува на тонот и наклонетоста со кои медиумот известува за активностите на анализираните актери поврзани со вооружениот

конфликт. Поткатегориите на категоријата „**Третман на актерот**" се следниве: а) *позитивен*, б)*негативен*, в) *и позитивен и негативен* и г) *неутрален третман.*

Индивидуалните лица во анализираните написи најчесто се третираат на неутрален начин (164 написи или 45,7%), а потоа на позитивен (130 или 36,2%). За разлика од нив, колективните тела почесто се третираат позитивно, односно во 336 или 39,7% од анализираните написи што се однесуваат на оваа група актери. Сепак, разликата не е голема во однос на неутралниот третман, кој се однесува на 328 или 38,7% од написите. Неутралниот третман преовладува и кај дипломатско – конзуларните претставништва, во 23 написи од вкупно 39 посветени на оваа група меѓународни актери.

Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Франсоа Леотар и Џејмс Пердју се претставниците на групата индивидуални лица кои најчесто се третираат во позитивен контекст, со тоа што кај Франсоа Леотар и Џејмс Пердју преовладува позитивниот третман за разлика од неутралниот.

Забележливо е дека активностите на Џорџ Робертсон се доминантно неутрално третирани (во 41 напис), а потоа следува позитивниот третман (во 30 написи).

Кај НАТО, ЕУ, КФОР и ООН од групата колективни тела преовладува известувањето со позитивен третман, наспроти неутралниот. Кај ОБСЕ и Хашкиот трибунал преовладува известувањето со неутрален наспроти позитивен третман, а во групата дипломатски – конзуларни претставништва тоа е случај со Амбасадата на САД.

Интересно е што кон ниту еден од анализираните меѓународни актери третманот во написот не е доминантно негативен, за разлика од другите видови на третман. Третманот кон НАТО, покрај доминантно позитивен, е во добар дел и неутрален (98), што е случај и со КФОР (34), ООН (18), а од групата индивидуални лица тоа се забележува во известувањето за Хавиер Солана (84).

Целосен преглед околу третманот на активностите на актерот е даден во слика 7 во продолжение.




**Слика 7. Третман на актерот**

Во март со позитивен третман најчесто се известува за ЕУ (во 24 написи), КФОР (23) и ООН (10). Во јуни тоа е случај со известувањето за активностите на НАТО (21), ЕУ (16), Хавиер Солана (14) и Џорџ Робертсон (12). За активностите на Џејмс Перлдју (20), Франсоа Леотар (20), НАТО (17) и ОБСЕ (11), исто така, најчесто се известува со позитивен третман во јули. Во август само кај НАТО доминира известувањето со позитивен третман (19).

## 4.6. Преглед на почитувањето на стандардите на мировното новинарство во анализираните написи

Во вкупниот број анализирани написи, степенот на почитувањето на стандардите на мировното известување, како што посочува слика 8 подолу, е по

следниов редослед: Идеи за исходи (188 пати), Цели на актери (180 пати) и Историјат за активностите (127 пати).[101]

Она што е забележливо е што кога станува збор за стандардот **Извор на проблемот,** многупочесто се споменува одредена страна во конфликтот отколку самиот конфликт како извор на проблемот, што укажува на висок степен на непридржување кон овој стандард за мировното известување.




**Слика 8. Почитување на стандардите на мировното новинарство во вкупниот број анализирани написи**

Анализата покажа дека во известувањето кај групата индивидуални лица најчесто се почитува стандардот „Идеи за исходи“ (86 или 24%), а веднаш по него „Цели на актерот“ (58 или 16,2%).

„Целите на актерот“ е стандардот кој најчесто се почитува кај групата колективни тела (120 или 14,2%), а потоа наведувањето „Идеи за исходи“ (96 или 11,3%).

Потоа, следува стандардот „Историјат за активностите на меѓународниот актер“ во 87 или 10,3% од написите за оваа група актери. И кај двете групи актери

[101]При мерењето на степенот на почитување на стандардите на мировното новинарство се тргнува токму од секој поединечен актер во дадените групи. Да напоменеме, анализата се однесува на доминантните 16 актери наведени во табелата 4 погоре.

„конфликтот“ помалку се посочува како извор на проблем за разлика од „одредена страна во конфликтот“.

Кај групата дипломатско – конзуларни претставништва, од вкупниот број написи за оваа група актери, најчесто се почитува стандардот „Идеи за исходи“, а потоа „Иницијатива за помирување“.

Целите на актерот најчесто се наведуваат кога станува збор за активностите на Хавиер Солана и Џорџ Робертсон во групата индивидуални лица, а кај колективните кај НАТО и ЕУ. Историјатот на активности најчесто е наведен кај Франсоа Леотар и НАТО. Во насока на давањето идеи за исходи од конфликтот најчесто се споменуваат Солана и Робертсон, односно ЕУ и НАТО. И Амбасадата на САД најчесто се споменува во контекст на давањето идеи за исходи од конфликтот. Солана и Робертсон доминираат и кога станува збор за давањето идеи за помирување, а истото се однесува и за ЕУ и ОБСЕ во групата колективни тела и Амбасадата на САД во дипломатско – конзуларните претставништва.

Евидентна е разликата кога станува збор за групата колективни тела. Овде во 296 од вкупно 847 пати споменување во анализираните написи (34,9%) се почитувале стандардите на мирновото новинарство земени во целина. Кај групата дипломатско – конзуларни претставништва, во 16 од вкупно 39 споменувања (41%) се почитувале стандардите на мировното новинарство.

### 4.6.1. Идеи за исходи дадени од страна на анализираните актери

**Хавиер Солана** најчесто предлага конфликтот да се реши по политички пат и да се промени Уставот на Република Македонија. Конфликтот да се реши по политички пат е и најчеста идеја на **Џорџ Робертсон**. Тој, меѓу другото, се залага и за демилитаризација на екстремистите, а со тоа се согласуваат и **Ханс јорг Ајф и Роберт Фровик**.

За **Франсоа Леотар и Џејмс Перджу** е клучно да се потпише Рамковниот договор од Охрид, што всушност и ги одразува нивните улоги како промотори на идејата за успех на Договорот од Охрид.

**Роберт Фровик**, освен што генерално се залага за решавање на конфликтот по политички пат, јасно ја изнесува и идејата за промена на Уставот на Република Македонија.

**НАТО** се залага конфликтот да се реши по политички пат, став зад кој што најчесто се појавува Џорџ Робертсон, како претставник на оваа организација. Северноатлантската алијанса, исто така, најчесто се залага и за изолација на екстремистите на воен и дипломатски начин. И **ЕУ** најчесто стои зад идејата конфликтот да се реши по политички пат, но ова колективно тело честопати се јавува и со идејата за консолидирање на мултиетничкото општество, што всушност претставува навлегување во доменот на граѓанското општество. Како надоврзување на ова, Унијата честопати ја изнесува и идејата обичното население да покаже трпеливост и воздржаност. Конфликтот да се реши по политички пат е најчеста идеја за исход од конфликтот и за ОБСЕ, а на листата на најприсутни идеи за исходи е и засилување на контролата на границата.

Дијалогот меѓу легитимните страни е најчеста идеја за исход на ООН, а Советот на Европа се свртува кон граѓанското општество, односно се залага обичното население да покаже трпеливост и воздржаност.

Интересно е што само **Европската унија** се појавува со повеќе оригинални исходи од воениот конфликт во државата. Овој актер, покрај насочувањето на своите идеи за исходи кон политичката елита во државата го зафаќа и доменот на граѓанското општество. ЕУ е единствениот актер кој во написите е претставен со идејата политичката елита и граѓанското општество заеднички да се организираат. Унијата е и единствениот актер што настапува со идејата за федерализација на Македонија, како и со предлогот за воено присуство на НАТО во државата и спроведувањето на зајакнат процес по примерот на Дејтон. Кон медиумите единствено се осврнува ОБСЕ, притоа предлагајќи тие да се воздржат од говорот на омразата.

### 4.6.2 Активности и цели со кои се претставени меѓународните актери во написите

**НАТО** е најчесто претставен како актер кој обезбедува поддршка за решавање на кризата и помага во разоружувањето на ОНА. Овој актер во написите доминантно го осудува насилството од екстремистите и разоружувањето го условува со прекин на огнот. Во одредени случаи, НАТО се прикажува и во негативно светло, односно дека покажува неуспех и дека е вмешан во сомнителни активности, односно во штитење на терористи на ОНА. И **Советот на Европа** е претставен како актер кој го осудува насилството против екстремистите.

**Европската унија** е, исто така, актер кој е претставен во контекст на обезбедувањето поддршка за решавање на кризата и заштитата на суверенитетот, територијалниот интегритет и стабилноста на Република Македонија. Освен тоа, ЕУ ветува финансиска помош за државата, која ја условува со прекин на огнот, реформи и спроведување на Рамковниот договор од Охрид. Според некои од написите, ЕУ е вмешана во настаните од Арачиново и не постапува добро во справувањето со кризата. Од друга страна, за ЕУ во некои од написите се вели дека сака да игра важна улога во решавањето на кризата.

**ОБСЕ**, пак, е претставена како актер кој обезбедува поддршка за обичното население (придружува конвој на раселени лица/хуманитарен конвој и помага во извлекување на заробени македонски војници). ОБСЕ го осудува насилството од екстремистите, но понекогаш е претставена и како некој што недоволно соработува во обезбедувањето на раселените лица.

**КФОР** најчесто е претставена како мисија која помага во обезбедувањето на границата и спроведува дополнителни мерки за безбедност, преку зајакнување на координацијата со АРМ. Но понекогаш „покажува и неодговорен однос во вооружени инциденти“ и „им помага на терористите“.

Активностите со кои е претставена **ООН** е дека обезбедува поддршка во решавање на кризата и застанува против тероризмот, додека, пак, **Хашкиот трибунал** собира докази за прекршување на меѓународното хуманитарно право.

**Амбасадата на САД** е почесто претставувана како актер што врши притисок врз албанските лидери во Република Македонија, а во истиот контекст е претставена и

Британската амбасада, која освен тоа контактира и соработува со македонските и албанските политичари.

Најголем дел од актерите во написите се претставени со активностите кои се фокусирани на осудување на тероризмот, обезбедувањето поддршка за решавање на кризата, поддршка на обичното население и заложбите за политичко решение на конфликтот. Од групата индивидуални лица со овие активности најчесто се претставени Хавиер Солана, Џорџ Робертсон и Џејмс Пердју. Од колективните тела тоа се НАТО, ЕУ, ОБСЕ, ООН, додека од дипломатско – конзуларните тоа е Амбасадата на САД.

## 4.7. Известување на медиумите во конфликтни ситуации и конфликтот во 2001 година – денешни перспективи

Како резултат на длабинското полуструктурирано интервју со уредниците на десетина поголеми медиуми (печатени, електронски и Интернет портали) добиени се одговори околу улогата на медиумите во известувањето за конфликти од денешна перспектива и ставови за тоа како медиумите известувале за конфликтот во 2001 година.

Кога се известува за конфликти од различен вид, според поголем дел од интервјуираните уредници, тие се претставуваат како судир меѓу две страни. „Во евентуални подоцнежни фази е можно инволвирање и на други засегнати“[102]. Конфликтите се претставуваат како судар меѓу две страни затоа што и работите се гледаат црно-бело. „На пример, тепачките во автобусите, немирите на населбата Ѓорче Петров во Скопје или на Албанците по пресудата за случајот ‘Монструм’ или други на етничка почва. Дури во последно време почнува да се зборува, не за трета или друга страна, туку за страна која стои во позадината на тие судари, односно партија, политика и слично“[103]. Според објаснувањата на дел од уредниците, елементарно е медиумите да ги претстават сите страни во судирот, да ги претстават нивните барања, односно зошто нешто се случува, што е причината и кои можат да бидат последиците. Но најчесто тоа се две спротивставени навивачки приказни.

[102]Цитат од интервјуто со З.И, уредник во национална телевизија, реализирано на 12 јуни 2015 година
[103]Цитат од интервјуто со М.А, поранешен уредник во дневен весник, реализирано на 8 мај 2015 година

Од друга страна, некои од интервјуираните уредници имаат став дека во конфликтите обично се претставува само едната страна. „Новинарите, во зависност од тоа на која етничка група и припаѓаат, подразбираат главно само една страна во конфликтот, а тоа е спротивната – напаѓачот. Оттаму, барем на почетокот на конфликтите, известувањето е субјективно и еднострано“[104]. Притоа се укажува дека на тој начин се прекршува професионалното новинарско правило за известување за сите засегнати страни во конфликтот. „Денешната медиумска реалност вели дека честопати не се земаат аргументите на двете, условно речено, завојувани страни. Туку, спротивно на тоа, најчесто се презема приказната на едната страна, дополнително се “филува“ и се пушта во печат или етер, подготвена да регрутира нови приврзаници на таа страна“[105]. Таквите трендови на фокус кон едната страна во конфликтот, вели уредникот, се забележуваат во различни ситуации, односно независно дали станува збор за демонстрации и судир меѓу демонстранти и полиција, судир меѓу две групи граѓани, судир на навивачки групи и редица други примери.

Во медиумското известување за конфликти се прават и остри разграничувања меѓу „ние“ и „тие“. Така сметаат речиси сите интервјуирани уредници. На тој начин, „наместо фактор на интеграција и меѓуетничка и меѓукултурна кохезија, медиумите стануваат раздорувачи“[106]. Тоа честопати е толку изразено, вели еден од уредниците, а се прави и со тенденција за да се регрутираат нови приврзаници на “нашата“ страна и дополнително да се продлабочат поделбите, со цел атмосферата постојано да биде лесно запаллива. За дел од уредниците, пак, ова е прашање што зависи од карактерот на конфликтот, односно дали станува збор за „внатрешен“ или, пак, еден од актерите во конфликтот е однадвор, односно од друга држава. Понатаму, тие сметаат дека ако се известува за „внатрешен“ конфликт тоа е различно од медиум до медиум и зависи од нивната уредувачка плитика. „Ова е особено видливо при таканаречени етнички конфликти кога, по правило, поделбата на ‘ние’ и ‘тие’ е особено нагласена“[107]. Тоа зависи и од професионалноста и обученоста на известувачот репортер, а и куќата за која известува. „Има примери каде ист известувач од терен прави една приказна за домашниот и сосема друга приказна за странски медиум. Или една приказна – извештај за еден, друга за друг уредник на денот во ист медиум“[108].

---

[104]Цитат од интервју со С.К, уредник во дневен весник, реализирано на 16 јуни 2015 година
[105]Цитат од интервју со З.Ф., поранешен уредник во дневен весник, реализирано на 17 јуни 2015 година
[106]Цитат од интервју со С.Т, уредник во национална телевизија, реализирано на 15 август 2015 година
[107]Цитат од интервјуто со З.И, уредник во национална телевизија, реализирано на 12 јуни 2015 година
[108]Цитат од интрвју со Д.А. уредник на Интернет портал, реализирано на 12 септември 2015 година

За конфликтите најчесто се известува и без обезбедување доволно контекст или историјат за случувањата, односно недоразбирањата. Ова го тврдат повеќето од уредниците, а се смета и дека "за настаните обично само се известува, без да се анализираат факторите и поширокиот општествен контекст, а ако воопшто има некакви анализи тие се еднострани и тоа со партиско-политичко мотивација"[109]. А се случуваат и друг вид на ситуации, при што „може да се случи најавата од студио и извештајот од терен да биде сосем различни. Репортерот да има коректен извештај, а уредникот во студио или во медиумот, со најава или одјава, со наслов и поднаслов да даде друг контекст на случувањето и реланоста"[110]. Некои од уредниците, пак, сметаат дека контекстот најчесто се врамува во зависност од уредувачката политика на медиумот. Оттука, според нивните размислувања, многу ретко некој конфликт или насилство се опишува сеопфатно и во рамките на соодветен контекст. Од друга страна, има размислување дека во медиумите речиси редовно се дава историјат на конфликтот, кој понекогаш се бара и длабоко во минатото. „Контекстот се потенцира, само што не се ретки случаите кога се дава погрешен контекст, со намера случувањата и последиците од нив да добијат друга насока"[111].

За невидливите ефекти од насилството, како на пример траума и психолошка штета, според уредниците, се известува многу ретко или речиси воопшто. А доколку, пак, тоа се прави, „честопати таквите теми се користат за да се држи тензија што подолго"[112]. Или, пак, се прави само во некои истражувачки стории со пренесување на ставови на психолози, психијатри или социолози. Се случува некогаш и да се претставаат таквите штети, но со цел „нашата страна" да биде прикажана како трауматизирана и со последици за цел живот. „Без притоа да се внимава и на заштитата на приватноста на луѓето, кои многу често се манипулирани во име на повисоки цели"[113]. Заклучок на повеќето од уредниците е дека се регистрираат само видливите случувања, а „нус ефектите се третираат откако штетите од тој вид ќе станат видлива последица на причината"[114].

Во теоријата на конфликтите, присутноста на конфликтот се потврдува како судир на интереси и нешто што води до конструктивни или деструктивни последици. Или, поедноставно, „резултатите од конфликтот се конструктивни кога нивниот краен ефект

[109]Цитат од интервју со С.Т, уредник во национална телевизија, реализирано на 15 август 2015 година
[110]Цитат од интрвју со Д.А. уредник на Интернет портал, реализирано на 12 септември 2015 година
[111]Цитат од интервју со З.Ф., поранешен уредник во дневен весник, реализирано на 17 јуни 2015 година
[112]Цитат од интервју со С.К, уредник во дневен весник, реализирано на 16 јуни 2015 година
[113]Цитат од интервју со З.Ф., поранешен уредник во дневен весник, реализирано на 17 јуни 2015 година
[114]Цитат од интервјуто со З.И, уредник во национална телевизија, реализирано на 12 јуни 2015 година

е спорните страни да се доближат една до друга преку ефективно помирување на нивните разлики“[115]. Последиците од конфликтот се деструктивни кога има нарушени односи, уништување и интензивирање на конфликтот.

Во однос на прашањето за тоа дали во известувањето се става фокус на она што ги подвојува страните и на нивните разлики, уредниците се поделени, односно половина од нив одговараат потврдно, а половина велат дека тоа не е случај. „Нашето медиумско искуство упатува дека за време на конфликтот поголем дел од медиумите прво зазема страна, а потоа, по неговото смирување, ги анализираат причините за подвоеностите што довеле до конфликтот“[116]. Тие што одговараат потврдно велат дека речиси секогаш фокусот е врз фактите кои повеќе ја заоструваат ситуацијата. „Притоа мислам на дел од медиумите на македонски јазик, но и на дел од медиумите на албански јазик“[117]. Се изнесуваат и критиките дека вистинската и реална слика за причините и последиците не се прикажува секогаш. „Некогаш знае и да се премолчат тие детали за да се спинува вистината , во име на патриотизмот“[118].

Сите уредници се согласуваат дека во известувањето најчесто се претставува дека „другиот“ почнал прв и е виновен за конфликтот. “Ако не се обвинува директно, конотацијата е таа. Кај ‘другиот’ се бараат причините и мотивите за конфликтите. Секогаш медиумите прстот го насочуваат кон другиот“[119].

Фокусот во известувањето, според најголем дел од уредниците, најчесто е ставен на страдањето, обесправеноста и стравовите на едната страна од конфликтот. Известувањето се оценува најчесто како еднострано, а истиот тренд новинарите го имаат задржано и денес. „На пример во извештаите за тепачките во автобуси и во средните училишта, при судирот на демонстратите со полицијата за случајот ‘Монструм’, насилствата на стадионите...“[120]. Уредниците објаснуваат дека поделеноста по *„линијата“ на конфликтот (верска, етничка, национална, итн.)* по аналогија се рефлектира и во „припадноста“ на медиумот по истите основи и, оттука, во таа насока инклинира и уредувачката политика во чија плтаформа е навивањето за „својата страна“ . Другата страна, вели еден од уредниците, најчесто се игнорира или, пак, се претставуваат само фактите или изјавите кои ја докажуваат хипотезата на

[115] Richard C. Reuben, *The Impact of News Coverage on Conflict: Toward Greater Understanding*, 93 Marq. L. Rev. 45 (2009).
Available at: http://scholarship.law.marquette.edu/mulr/vol93/iss1/8
[116] Цитат од интервјуто со З.И, уредник во национална телевизија, реализирано на 12 јуни 2015 година
[117] Цитат од интервју со С.Т, уредник во национална телевизија, реализирано на 15 август 2015 година
[118] Цитат од интервју со З.Ф., поранешен уредник во дневен весник, реализирано на 17 јуни 2015 година
[119] Цитат од интервју со С.Т, уредник во национална телевизија, реализирано на 15 август 2015 година
[120] Цитат од интервју со С.К, уредник во дневен весник, реализирано на 16 јуни 2015 година

медиумите, која најчесто тргнува од позицијата дека другиот е виновен, без да се гледа комплексната ситуација. Ова се прави речиси редовно за да се прикријат вистинските причини или да се насочи негативниот контекст кон "тие", а „ние" секогаш да бидеме жртви. „Ќе треба да помине долго време за да се согледаат вистинските случувања, трауми, страдања кои биле предизвикани за сите"[121].

Во известувањето на медиумите честопати се користи јазик на виктимизирање, како што се, на пример, зборовите 'немоќни', 'уништени', 'беспомошни', 'патетично', 'трагедија', итн. Или, пак, придавки на демонизирање (брутален, суров) и демонизирачки етикети (екстремисти, фанатици, фундаменталисти). „Можеби затоа што јавниот и политичкиот дискурс е таков, а и медиумскиот дискурс е на ниско ниво, на моменти многу патетичен, се дава акцент на емотивните аспекти и на субјективниот сегмент на чинителите вклучени во конфликтот. Не се користат еуфемизми кои, на некој начин, некои ситуации би ги претставиле поблаго"[122].

Во ситуации на конфликт, тоа е речник кој многу често се користи и максимално експлоатира. Тоа се прави „со цел да се постигне поголем психолошки ефект кај тие што ги гледаат или ги читаат вестите и информациите"[123]. Тоа, меѓу другото, се прави и за работите да бидат претставени поуверливо. Сепак, овој речник, според некои од уредниците, се користи од страна на оние известувачи чиј вокабулар од јавноста е евидентиран како „послободен", „автентичен стил на израз" или дури и како „говор на омраза". Уредниците го анализираа известувањето за конфликтот меѓу младите на Кале во 2012 година и уште неколку, слични, ситуации по конфликтот од 2001 година и истакнуваат дека „се известува само за поединци или групи кои се условно кажано 'други' и притоа се занемаруваат лошите постапки на поединците или медиумите кои се сметаат како 'свои'"[124]. Она што честопати се случува во медиумското известување е „сатанизирање" на едната страна и дополнително товарење на нејзината вина, а неретко се извртува вистината. „Но, да бидеме начисто, во конфликтот, каков и да е, не може да има само еден апсолутно виновен, односно безгрешен"[125].

Според повеќето интервјуирани уредници, од известувањето на медиумите се добива впечаток дека само лидерите треба да сугерираат или нудат решенија за излез од кризата, а притоа се заборава гласот на граѓанското општество. Преовладува ставот

[121]Цитат од интервју со З.Ш., уредник во новинска агенција, реализирано на 15 мај 2015 година
[122]Цитат од интервју со С.Т, уредник во национална телевизија, реализирано на 15 август 2015 година
[123]Цитат од интервју со З.Ф., поранешен уредник во дневен весник, реализирано на 17 јуни 2015 година
[124]Цитат од интервју со С.Т, уредник во национална телевизија, реализирано на 15 август 2015 година
[125]Цитат од интервју со З.Ф., поранешен уредник во дневен весник, реализирано на 17 јуни 2015 година

дека тој пристап како единствено можен и посакуван го наметнуваат центрите на моќ. Освен тоа, овој метод на решавање на конфликтот се оценува како погрешен, кој најчесто ги прави незадоволни и двете страни. Објаснување се наоѓа во „фактот што нашето општество е исполитизирано на екстремно ниво, алтернативите или решенијата се бараат кај политиката и власта, а не меѓу граѓаните... Ова е резултат и на една друга појава. Всушност, за секој конфликт обично се смета дека е фингиран и дека е сценарио на власта за да покрива лоши економски или политички состојби“[126].

Заедничка е оценката на уредниците дека во известувањето на медиумите за вооружениот конфликт од 2001 година меѓународните актери се споменувале како една од инволвираните страни. Се смета дека меѓународната заедница била активен фактор во текот на кризата во 2001 година. Според уредниците, меѓународните актери нагласено се споменувале во медиумите, со тоа што некои од нив биле интензивно претставувани во втората половина од конфликтот, односно пред донесувањето на Рамковниот договор од Охрид. „На почетокот тоа не се спомнуваше, но како што се развиваа работите, во воздухот почна да лебди вмешаноста на странските актери“[127].

Сликата за нив, според дел од интервјуираните уредници, е најчесто пристрасна, односно во функција на заземање страна и поддршка кон ‘другите’ (терористите) и попречување на ‘смелоста и подготвеноста’ на македонските безбедносни сили, на тој начин покривајќи го хаосот и немоќта на организирано спротиставување на оние кои пукаа врз АРМ и МВР“[128].

Уредниците сметаат дека меѓународните актери речиси никогаш не биле претставувани во неутрално светло. Некои сметаат дека тие биле претставувани и позитивно и во негативно светло, во зависност од следниве фактори: ситуацијата на терен, од наклонетоста на медиумите кон една од страните во конфликтот, односно од припадноста на медиумот на едниот или другиот етникум. Оттука произлегува и една од забелешките дека „во медиумите на македонски јазик се претставуваа во негативно светло, а во медиумите на албански јазик во позитивно светло“[129].

Актерите кои најчесто се споменувале во известувањето на медиумите за конфликтот од 2001 година, според најголем дел од уредниците, се ЕУ и НАТО, Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, ОБСЕ, Питер Фејт, Џејмс Перדју и Роберт Фровик. Изнесена е и оценката дека Леотар и Перדју најчесто биле во фокусот во текот на преговорите за

[126]Цитат од интервју со С.Т, уредник во национална телевизија, реализирано на 15 август 2015 година
[127]Цитат од интервјуто со М.А, поранешен уредник во дневен весник, реализирано на 8 мај 2015 година
[128]Цитат од интрвју со Д.А. уредник на Интернет портал, реализирано на 12 септември 2015 година
[129]Цитат од интервју со С.Т, уредник во национална телевизија, реализирано на 15 август 2015 година

донесување на Рамковниот договор од Охрид. За Питер Фејт се смета дека претежно бил претставуван во негативно светло, а Леотар и Пердју ја „имаа улогата на добриот и лошиот полицаец“[130].

Сите уредници се едногласни дека меѓународните актери помогнале за излез од конфликтот. Нивната улога во решавањето на конфликтот се оценува како клучна. „ Да не беа тие, кој знае денес каква Македонија ќе имавме или, пак, ќе имавме граѓанска војна, која ќе имаше далекусежни последици“[131]. Тоа, според нив, во голема мерка било рефлектирано и во известувањето на медиумите од тој период, кога фокусот бил ставен претежно на нивните активности. Во медиумите за нив претежно се известувало за време на преговорите за донесување на Охридскиот рамковен договор, кој се претставува како нивно „чедо“. Но неретко тие се претставени и како пристрасни актери кои „наметнаа решение кое никому не му се допадна и се’ уште не им се допаѓа“[132].

Генерална оценка на уредниците е дека стандардите на мировното новинарство не се доволно познати на редакциите и дека, дури и тоа да е случај, практиката покажува недоследна примена и недоволно придржување кон нив. Илустративно тоа е претставено во табелата број 3 во продолжение.

| **Стандарди за мировно новинарство** | **Одговори на уредниците** |
|---|---|
| Конфликтот се претставува како судар меѓу две страни | Одговорите покажуваат дека уредниците имаат перцепција дека конфликтот е најчесто претставен како судар меѓу две страни. Поконкретно, резулатите покажуваат дека осум од нив сметаат дека во конфликтот има две страни, а двајца сметаат дека тоа зависи од самите околности. |
| Се прават разграничувања меѓу „ние“ и „тие“ | Уредниците се поделени во однос на ова прашање. Петмина од нив одговорија потврдно дека во известувањето на медиумите се практикува пристапот на разграничување меѓу „ние“ и „тие“, а петмина сметаат дека тоа зависи од самите околности. |
| Обезбеден е контекст/заднински | Одговорите покажуваат дека повеќе од |

[130]Цитат од интервју со З.Ф., поранешен уредник во дневен весник, реализирано на 17 јуни 2015 година.
[131]Цитат од интервју со С.Т, уредник во национална телевизија, реализирано на 15 август 2015 година
[132]Цитат од интервју со П.Д, поранешен уредник на дневен весник, реализирано на 11 септември 2015 година

| | |
|---|---|
| информации за конфликтот | половина од уредниците сметаат дека во известувањето на медиумите не се обезбедува контекст ('бекграунд' или заднински информации). Поконкретно, шест од нив велат не, а четири се согласни дека во информирањето новинарите го обезбедуваат контекстот за конфликтот. |
| Се известува за невидливите ефекти од насилството | Само мал дел од уредниците се согласни дека се известува за невидливите ефекти од насилството, додека повеќето, односно седум од нив, велат дека тоа не е случај. |
| Известувањето се фокусира на тоа што ги подвојува страните | Уредниците се поделени во однос на тоа дали известувањето е фокусирано на тоа што ги подвојува страните во конфликтот. Петмина од нив велат дека во известувањето постои фокус на причините за подвојување, а петмина дека тоа не е случај. |
| Се известува дека „другиот почнал прв“ | На ова прашање сите уредници (10) одговориле потврдно. |
| Во известувањето постои фокус само на страдањата, стравовите и обесправеноста на едната страна во конфликтот | Речиси сите уредници се согласни дека медиумите се фокусираат исклучиво на ваквите последиците од конфликтот само за едната страна. Поконкретно, девет уредници одговорија потврдно на ова прашање. |
| Во известувањето се користи јазик на виктимизирање (пр., „немоќни“, „уништени“, „беспомошни“, „патетично“, „трагедија“) или придавки на демонизирање („брутален“, „суров“) и демонизирачки етикети („екстремисти“, „фанатици“, „фундаменталисти“) | Одговорите покажуваат дека речиси сите уредници се согласни дека е користи ваквиот јазик, придавки и етикети во известувањето за конфликтите. Всушност, девет од десет уредници одговориле потврдно на ова прашање. |
| Во известувањето се очекува лидерите да сугерираат или да нудат решенија за излез од кризата | Само тројца од уредниците од вкупно 10 одговориле негативно на ова прашање, додека повеќето сметаат дека нудењето решенија или сугестиите за излез од кризата треба да произлезат од лидерите. |

**Табела бр. 3**: Преглед на перцепциите на уредниците за примената на стандардите на мировното новинарство во медиумите

Табелата погоре го потврдува впечатокот дека и од денешна перспектива стандардите на мировното новинарство не се доволно применливи во известувањето на медиумите за конфликти од различен вид, а особено кога станува збор за инциденти, насилство и тензии.

Несомнено е дека улогата на новинарите во известувањето за конфликти е значителна. Тие, всушност, треба да бидат третирани како еден од клучните актери во рамката за спроведување превенција на конфликти. Според Ланд, превенцијата разликува три фази: почетна фаза, кога превентивната дипломатија е насочена кон решавање на основните извори на спорот; подоцнежна фаза, кога се стреми да го спречи спорот да прерасне во насилство; и многу подоцнежна фаза, кога се труди да го ограничи ширењето на насилството што веќе ескалирало (Lund 1996: 34). Улогата на медиумите е подеднакво важна во секоја од овие фази.

# 5. Дискусија

## 5.1. Општи согледувања

Анализата на известувањето на дневниот весник „Дневник“ за активностите на меѓународните актери поврзани со вооружениот конфликт во Република Македонија во 2001 година ни овозможи да дојдеме до неколку општи заклучоци. Најпрво, се забележа трендот на разноликост во известувањето за анализираните актери, како во однос на обемот на написите во кои станува збор за нив, така и во однос на степенот на почитување на стандардите на мировното известување и други стандарди што се релевантни во рамки на концептот на мировното новинарство.

Она што беше забележано за време на анализата е дека во весникот не доминира претставувањето на активностите на меѓународните актери во споредба со темите поврзани со активностите на домашните актери, како и со развојот на самиот конфликт и случувањата на терен. Тоа може да се согледа како според објавениот број написи, така и според застапеноста на домашните актери на насловните, односно почетните страници од весникот, потоа по должината на написот во кој се застапени активностите на домашните актери, но и во однос на нивната присутност и во написите во кои се зборува за активностите на меѓународните актери.

Сепак, и покрај овој заклучок, тенденциите во известувањето на медиумот укажуваат на една специфична реалност. Всушност, и покрај тоа што елитата од меѓународни актери не зазема приоритетно место во однос на домашните актери, податоците од анализата укажуваат дека тие се секогаш присутни и претставени со своите активности и идеи кога треба да се дефинираат клучните чекори поврзани со безбедносната политика на државата.

Медиумот многу често проговорува со „речникот на странската елита“ и нејзините активности се многу детално претставени. Неретко изјавите и активностите на домашните актери се претставени во знак на поддршка на оние на меѓународните актери. Секако, постојат и негативни критки во однос на меѓународните актери, како што посочивме со добиените резултати од истражувањето, но тие се со многу помал обем.

Она што, во основа, се очекува од меѓународните актери е да имаат голем удел во решавањето на конфликтот, а особено во сузбивањето на терористичките групи и помирувањето на спротивставените страни во конфликтот. Во голема мерка, на овој начин се согледува нивната улога и од денешна перспектива, а тоа го потврдуваат интервјуираните уредници на повеќе медиуми во државата. Особена значајна е нивната улога во однос на донесувањето на Охридскиот рамковен договор. Резултатите од истражувањето укажуваат на тоа дека на меѓународите актери им се дава големо значење како фактор кој може да придонесе кон разрешување на конфликтот во државата. Ова е особено случај со одредени индивидуални актери на кои им се дава голема моќ во влијанието врз текот на настаните, односо претставниците на ЕУ и НАТО.

Во насока на ова, еден од главните заклучоци е дека фокусот континуирано се става врз иста група меѓународни актери, земајќи ги притоа сите аспекти што ги истражуваме, а кои подетално ќе бидат резимирани подолу. Овој заклучок, пак,од своја страна води до сознанието дека токму тие биле претставени како главни актери во определувањето на исходот од вооружениот конфликт во државата.

Друг, важен, аспект во истражувањето беше во насока на утврдување дали и колку се почитувале стандардите за мировно известување при описот на активностите на меѓународните актери. Притоа, дојдовме до сознание дека во анализираните написи мировните стандарди се почитувале до извесен степен, но недоволно за известувањето да се оцени како ориентирано кон решавање на конфликтот.

Токму поради погоре посочените општи заклучоци, дојдовме до констатацијата дека се нарушила неутралноста и непристрасноста во известувањето за меѓународните актери и нивните активности за време на вооружениот конфликт. Во новинарството не мора секогаш да се потенцира што е добро или лошо. Преку изборот на фактите и нивниот распоред или со зачестеното споменување одредени концепти, идеи или решенија, па дури и низ гласот на „другиот“ се успева да се наметне дадена агенда, слика или перцепција кај јавноста. Но и зачестеното истакнување на активностите на една група актери, за сметка на други, е информација која укажува на извесно отстапување од рамнотежата во известувањето. Во контекст на нашата анализа доаѓаме до сознанието дека, преку континуираното претставување на дадена група меѓународни актери, кои честопати се јавуваат на агендата на известување со одредени ставови, активности, тие се „сервираат“ како подобен извор на информирање за прашањата поврзани со вооружениот конфликт во државата. На тој начин, новинарството

практично се става во поддршка на нивните иницијативи, што пак може да ја засегне објективноста и рамнотежата во известувањето.

## 5.2. Дискусија на резултатите од испитуваните прашања

Добиените резултати со истражувачката постапка подолу ги групираме според двете главни групи на истражувачки прашања на кои се обидовме да одговориме, односно општите и посебните задачи на истражувањето.

### а. Општи прашања поврзани со активностите на меѓународните актери

**Најчесто споменуваните меѓународни актери** во анализираните написи во Дневник се НАТО, ЕУ, ОБСЕ, КФОР, Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Франсоа Леотар, Џејмс Пердју и ООН. Кога ќе се земе предвид дека Солана и Леотар доаѓаат во својство на претставници на ЕУ тогаш несомнена е доминацијата на Унијата како еден од клучните актери кои учествувале во определувањето на исходот од вооружениот конфликт, заедно со НАТО.

Интересно е што од групата дипломатско – конзуларни претставништва во Република Македонија доминира претставувањето на Амбасадата на САД, а по неа Амбасадата на Велика Британија. Споменувањето на другите амбасади е значително поретко отколку во случајот со овие два актери.

Во однос на **фреквенцијата на известување** за активностите на меѓународите актери може да се констатира дека непосредно пред избивањето на вооружениот судир во државата забележливо е известувањето за активностите на НАТО и ЕУ, додека другите актери што се анализираат воопшто не се ни споменуваат во контекст што би бил од интерес за нашата анализа. Овие два актери, како што покажува и понатамошната анализа, настапуваат како главни не само во фазата пред да се случи вооружениот судир, туку и во текот на неговото времетраење.

На активностите на колективните тела им се дава поголема предност во однос на оние на индивидуалните лица и дипломатско – конзуларните претставништва, што се покажа со поголемиот број написи за првоспоменатите во текот на сите месеци кои беа опфатени со анализата. Но, во периодот на засилени политички активности околу

определувањето конечен исход од вооружениот конфликт на сцената се речиси подеднакво присутни и индивидуалните лица и колективните тела. Тоа е периодот кога се во тек подготовките околу донесувањето на Рамковниот договор од Охрид, односно во текот на јули.

Сите нивни активности, како заеднички, така и одвоени, јасно ја прикажуваат идејата за усвојување на документот од Охрид како единствен начин за разрешување на кризата. Оттука, весникот јасно покажа тенденција на доминантно фокусирање на овој аспект од нивните активности, недвосмислено отстапувајќи голем простор за предлозите, активностите и сугестиите околу Рамковниот договор од Охрид. Од друга страна, коректното и урамнотежено известување подразбира претставување на различни гледишта, што е доволно за јавноста да донесе свои одлуки кои би се засновале на добра информираност. Токму во овој дел медиумот е под силно влијание на политичката елита од странство, чии активности се нашироко претставувани и опишувани во весникот.

Анализата на **големината на написите** за активностите на меѓународните актери покажа дека за активностите се известува најмногу со многу долги и долги написи. Одвојувањето голем простор во известувањето за меѓународните актери претставува уште една потврда дека улогата на овие актери се смета за значајна во дефинирањето на политичките и безбедносните чекори поврзани со конфликтот во државата. Сите нивни иницијативи, ставови, средби и се' она што е во контекст на определувањето на исходот од конфликтот се прецизно образложени и заземаат значителен простор во весникот. И повторно, НАТО и ЕУ и нивните претставници Солана и Робертсон се актерите за кои се одвојува најмногу простор во известувањето. Кога тоа ќе се поткрепи и со фактот дека за нив најчесто се известува тогаш уште еднаш е очигледно кои се клучните актери на сцена. Со оглед на тоа што и Амбасадата на САД се појавува како доминантен актер во давањето идеи околу исходот од вооружениот конфликт сметаме дека е неопходно уште еднаш да се потенцира дека и нејзините активности, иако во многу помал обем од оние на други актери, честопати се опишуваат во весникот, односно тоа речиси секогаш се прави со долги написи.

Како резултат на анализирањето на категоријата **Глас на актерот** произлезе дека меѓународните актери се претставуваат во две крајности, односно тие или се многу често цитирани во одредени периоди или, пак, се најчесто споменувани во контекст. Како и да е, и двете тенденции укажуваат на неспорно значителното место што им се дава во новинарското известување околу вооружениот конфикт во државата. Робертсон

и Солана, односно НАТО и ЕУ, се актерите кои најчесто се директно цитирни. Ако се има предвид дека првоспоменатите се појавуваат во име на дадените колективни тела, тогаш е јасно дека НАТО и ЕУ се оние што се јавуват како доминантни според обемот на цитирање во новинарските написи.

Анализирајќи го **Фокусот кон актерот** се доаѓа до заклучокот дека индивидуалните лица во новинарските написи најчесто се претставени со примарен фокус. Доминантни претставници во оваа група чии активности се претставени со примарен фокус се Хавиер Солана, Џорџ Робертсон и Франсоа Леотар. За Хавиер Солана со примарен фокус најчесто се известува во март и јуни, односно непосредно по започнувањето на вооружениот конфликт во државата, како и во периодот на интензивните политички активности околу дефинирањето на исходот од кризата во насока на донесување на Рамковниот договор од Охрид. И за Џорџ Робертсон се известува со примарен фокус во март. Интересно е што колективните тела, за разлика од индивидуалните лица, најчесто се претставени со споменување во контекст. НАТО, ЕУ и КФОР се актерите од оваа група кои најчесто се споменуваат со примарен фокус. И на дипломатско – конзуларните претставништва не им е даден примарен фокус во претставувањето и тие најчесто се претставени со споменување во контекст. И во овој случај, кога станува збор за претставувањето со примарен фокус, Амбасадата на САД е онаа чии активности се најчесто претставени во таков контекст. Интересен е податокот дека во периодот на подготовката околу донесувањето на Рамковниот договор од Охрид, односно во јули, со примарен фокус најчесто се известува за Франсоа Леотар и Џејмс Пердју, што не е случај во ниту еден од другите периоди што се анализираат. Во оваа насока, јасна е мисијата на Леотар и Пердју во подготвителните активности околу донесувањето на Охридскиот договор. Примарен фокус на НАТО најчесто му е даван во август, кога, всушност, и се одвива операцијата за разоружување на терористите.

Анализата на третманот на меѓународните актери, накратко, не' доведе до заклучоците дека доминира претставување на актерите во неутрален контекст, и тоа кај сите три групи. Следува позитивниот третман, а негативниот се јавува многу ретко. Во позитивен контекст најчесто се третираат Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Франсоа Леотар и Џејмс Пердју. НАТО, ЕУ, КФОР и ООН се, исто така, доминантно позитивно третирани.

## б. Прашања поврзани со стандардите на мировното новинарство (посебни задачи на истражувањето)

Анализата на почитувањето на мировните стандарди при известувањето за активностите на дадените групи меѓународни актери одговори на неколку прашања. Таа покажа дека постои голема разлика во следењето на тестираните стандарди на мировното известување, односно на:

- цели на меѓународните актери
- историјат на активностите на меѓународните актери
- идеи околу други, можни, исходи, а особено нови креативни идеи за решавање на конфликтот
- иницијатива за реконструкција, помирување и решение
- дали конфликтот се перципира како проблем (а не одредена страна во конфликтот).

Севкупно гледано, во известувањето најчесто се покажува тенденција на почитување на три стандарди, а тоа се Идеи за исходи (188 написи или во 25,4% од анализираните текстови), Цели на актерот (180 написи или во 24,3% од анализираните текстови) и Историјат на активности (127 написи или во 17,1% од анализираните написи). Следењето на стандардот Иницијатива за помирување (71 напис или во 9,6% од написите) значително заостанува во споредба со претходно наведените стандарди. Што се однесува на тоа дали конфликтот се перципира како проблем или одредена страна во него, одговорот до кој се дојде е дека одредена страна вмешана во конфликтот најчесто се смета како извор на проблемот. Тоа, всушност, би значело непочитување на стандардот на конфликтот да се гледа како на проблем, а не на одредена страна во него.

Овие податоци од анализата на следењето на мировните стандарди не' водат до општиот заклучок дека во весникот, во тој период од известувањето, не се поаѓало во голема мера од стандардите на мировното известување. Се претпоставува дека една од можните причини е недоволната запознаеност на новинарите со оваа теорија и практика. Дадените меѓународни актери давале различни идеи за исходи од конфликтот, што подетално е претставено во Прилог 1 на овој труд.

Сепак, кога ќе се доведе во соодност со стандардот Иницијатива за помирување, произлегува дека не толку голем број од идеите за исходи содржеле или биле јасно насочени кон иницијативи за помирување меѓу страните во конфликтот. На ова го надоврзуваме и фактот дека дадена страна во конфликтот многу почесто се посочува како извор на конфликтот, отколку самиот конфликт, според што станува јасно дека известувањето не е непосредно ориентирано кон решавање на конфликтот.

Има и една евидентна разика што е неопходно да ја потенцираме кога станува збор за следењето на стандардите на мировното новинарство. Кога се известува за групата индивидуални лица во многу поголем број написи се почитуваат стандардите на мировното новинарство, за разлика од известувањето за колективните тела.

Од друга страна, кога станува збор за Идеите за исходи, како еден од анализираните стандарди, се покажа дека кога се известува за активностите на индивидуалните лица овој стандард се почитува многу повеќе отколку кога станува збор за колективните тела. И покрај застапеноста на Идеите за исходи и кај колективните тела, се чини дека им се дава „поголем глас" на идеите што доаѓаат од индивидуалните лица.

Кај колективните тела на прво место се појавува стандардот Цели на актерот. Сепак, имајќи го предвид севкупниот процент на следењето на овој стандард кога станува збор за известувањето за колективните тела (14,2%), може да се извлече заклучок дека недоволно се наведуваат нивните цели, а со тоа и овој стандард не се почитува на задоволително ниво.

Целите на актерот во групата индивидуални лица најчесто се наведуваат кај Хавиер Солана и Џорџ Робертсон, што повторно упатува на големата важност што им се дава на активностите на овие актери, а истото се однесува и на колективните тела во чие име дејствуваат, односно ЕУ и НАТО. Водејќи се според ова, не е за изненадување што Солана и Робертон, како и ЕУ и НАТО, се актерите кои што најмногу се претставени со давањето идеи за исход од конфликтот. Овде се вбројува и Амбасадата на САД.

Она што е заедничко во известувањето за активностите на двете групи актери е што 'конфликтот' помалку се посочува како извор на проблем, за разлика од 'одредена страна во конфликтот'. Несомнено, во ваквите ситуации неретко се појавува дилемата дали новинарот треба да ги пренесува ставовите, такви какви што се дадени од соговорниците, или, пак, е потребно да "интервенира" со селекција на соодветните информации со цел да ги зајакне перспективите за мирно решавање на конфликтите или нивно разрешување. И оттука и дилемата дали новинарот да го наведе конфликтот

или одредена страна во конфиктот како извор на проблем, преку пренесување на изјавите и ставовите на изворите на информациите или, во случајов, анализираните меѓународни актери. Сепак, концептот на мировното новинарство подразбира дека улога на новинарот е да ги искористи изјавите и ставовите на актерите на начин што ќе влијае врз намалување на страстите и застанување против конфликтот. Од анализата произлезе дека кога се известувало за активностите на овие меѓународни актери тоа професионално правило не се почитувало на задоволително ниво.

Интересно е што кога станува збор за стандардот Историјат на активностите, тој најчесто се применува кога се опишуваат активностите на Франсоа Леотар, и покрај значително поретката застапеност на овој актер во написите, за разлика од онаа за активностите на НАТО, како многу позастапен актер. И кога се опишуваат активностите на НАТО доста често се обезбедува историјатот на дејствувањето на овој актер или историски преглед на иницијативите.

Активностите на Солана (ЕУ) и Робертсон (НАТО) повторно се ставени во позитивен контекст што произлегува и како резултат на почитувањето на стандардот за давањето идеи за помирување. Од дипломатско – конзуларните претставништва во овој контекст е претставена и Амбасадата на САД.

Незадоволителното ниво на почитување на стандардите на мировното новинарство ја покажа и тенденцијата во написите да доминираат или да се фаворизираат изјави, ставови и видови на активности со кои се пласира агендата на одредени актери и се наметнуваат решенија за одредени проблеми.

Фактот што во написите во многу аспекти доминираат одредени меѓународни актери, како што е случај со Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Европската унија и НАТО укажува на наклонетоста на медиумот кон овие актери и одвојувањето голем простор за известување за нивните активности поврзани со вооружениот конфликт.

Неспорно е дека овие актери биле многу активни за време на вооружениот конфликт, но од друга страна новинарските вештини подразбираат и потрага по начините за да се понуди широк спектар на идеи, решенија и активности, низ гласот на различните извори на информации, кои потоа би послужиле публиката да ги изгради своите ставови, односно да настапи со сопствено критичко расудување. Истражувањето потврди дека, според перцепциите на уредниците, меѓународната заедница била активен фактор во текот на кризата во 2001 година и дека меѓународните актери нагласено се споменувале во медиумите, со тоа што некои од нив биле интензивно

претставувани во втората половина од конфликтот, односно пред донесувањето на Рамковниот договор од Охрид.

Неопходно е да нагласиме дека, и покрај тоа што овие актери не доминираат за сметка на домашните, сепак неспорно е важното место што им се дава во медиумот, пред се' кога се опишуваат настаните во политичкиот и безбедносниот домен во државата. Овие актери, исто така, се застапени и во други сфери на општественото живеење, како, на пример, граѓанското општество, но очекувано е што преовладуваат политичката и безбедносната сфера. Во прилог на ова тврдење е и фактот што непосредно пред избивањето на вооружениот конфликт во државата, Дневник известува за интензивни политички активности на некои од анализираните колективни тела – НАТО, ЕУ и КФОР, како и на индивидуалните Хавиер Солана и Џорџ Робертсон. Потврда дека активностите на овие актери заземаат значително место во медиумот е и големината на написот, при што за сите гореспоменати актери, со исклучок на КФОР, се известува во многу долги написи.

Сепак, вреди да се потенцира и една позитивна димензија во известувањето за меѓународните актери, а тоа е што третманот кон нив во самите написи е доминантно неутрален. И покрај големиот фокус и доминацијата на одредени актери, што се покажа низ анализата на различни аспекти од претставувањето, сепак во самите написи се покажуваат значителни обиди за неутрален третман на актерите. Не изостанува и позитивниот третман, но преовладува неутралниот.

Имајќи предвид дека медиумите играат значителна улога во конфликтите, она што се обидовме да го направиме преку истражувањето е и да покажеме како со врамувањето на сториите низ призмата на вклученоста на одредени меѓународни актери се поставува агендата ('agenda setting') во известувањето. Како последица на доминирањето на одредени актери и нивните активности и идеи за излез од конфликтот, во суштинска смисла се влијае и врз перцепциите на публиката во однос на анализата на конфликтот и перспективите за излез од него. Медиумот, од друга страна, не треба да се „амнестира" од одговорноста да прави рамнотежа во изнесувањето на различните ставови пред јавноста.

Да потсетиме на примерите кои укажуваат на доминацијата на идеи со очекувано значително влијание врз јавното мислење. Ставовите на Хавиер Солана и Роберт Фровик јасно наведуваат кон промена на Уставот на Република Македонија, како исход од вооружениот конфликт во државата. Активностите, пак, на Франсоа Леотар и Џејмс Перду се опишуваат како фокусирани кон потпишување на Рамковниот договор од

Охрид. Единствените актери кои јасно се претставени како промотори на идејата за толерантност и воздржаност на граѓанското општество се Советот на Европа и Европската унија. Потпишувањето на Рамковниот договор и промената на Уставот на Македонија се идеите што најчесто ги дава и Амбасадата на САД.

Во овој контекст би можеле да го извлечеме и заклучокот дека, и покрај тоа што новинарите, на прв поглед, „известуваат само за фактите", сепак тие ја намалуваат својата професионална одговорност преку тоа што отстапиле поголем простор за одредени идеи кои почесто се повторуваат за сметка на други. Тоа, пак, како последица, како што веќе укажавме, води кон креирање на јавното мислење и значително влијае врз активностите што следуваат. На тој начин, се потврдува и дека медиумот повеќе им послужил на потребите на елитите, отколку на потребите на јавноста.

Наместо да ги преиспитаат идеите што ги давале одредени актери или активностите што ги презеле или, пак, зачестеноста на нивната присутност на политичката сцена, новинарите одлучиле да го пренесат тоа што се гледа на прв поглед и на тој начин да отстапат од идејата за едно активно новинарство ориентирано кон воспоставување на мирот. Во овој контекст, уште еднаш да напоменеме дека целта на нашето истражување не беше да ги оценуваме идеите или активностите на дадените групи меѓународни актери, туку да го разгледаме начинот на кој тие биле претставени од страна на новинарите и каква била новинарската улога во трасирањето на патот кон мирот.

Она што е, исто така, забележливо е дека во медиумските извештаи ретко кога се претставуваат сите, односно повеќето, страни инволвирани во конфликтот, притоа имајќи предвид дека и дадените меѓународни актери се сметаат за една од инволвираните страни. На тој начин, повторно се прекршува рамнотежата во известувањето, која подразбира да се пренесат различните перспективи поврзани со конфликтот. Претежно, кога се претставува елитата (што во случајов се дадените меѓународни актери) нема место за обичните луѓе кои директно ги трпат последиците од конфликтот. Новинарите не умееле да се снајдат и во контекст на претставувањето на активностите и идеите на меѓународните актери заа да ги претстават и реакциите и потребите на граѓаните, односно да им се даде глас на „обичните луѓе". Всушност, со ова се потврдуваат тенденциите на пристрасност и фаворизирање на елитите што, пак, во голема мера може да влијаат врз перцепциите на публиката во однос на решенијата за конфликтот.

Вистинската слика за случувањата и конфликтот се менува и со неуспехот да се најде контекст или да се обезбеди историјат за активностите на меѓународните актери во написите, а како што утврдивме, и ова правило не било почитувано во задоволителен обем.

Следејќи го известувањето за меѓународните актери се доаѓа до заклучокот дека не може да се добие јасна претстава околу нивната вистинска улога, начините на кои се аргументира нивното присутво на политичката сцена, историјатот на нивните активности итн, што всушност треба да биде обезбедено со историјатот (или бекграундот) во написот.

Сиве овие заклучоци ја потврдуваат нашата теза дека, поради тоа што новинарите недоволно ги почитувале професионалните стандарди на мировното изветување во написите за активностите на меѓународните актери, значително се нарушува рамнотежата и професионалноста во нивната работа.

Од друга страна, до истото сознание се доаѓа и преку истражувањето на перцепциите на уредниците, како за начинот на кој се известувало за конфликтот во 2001 година, така и за денешниот начин на третирање на конфликтите во медиумите. Поконкретно, ставовите на уредниците потврдуваат дека и денес медиумите најчесто конфликтите ги претставуваат како судар на две спротивставени страни, се прават и остри разграничувања меѓу „ние“ и „тие“, а за конфликтите најчесто се известува и без обезбедување доволно контекст или историјат за случувањата, односно недоразбирањата. Истражувањето потврдува дека и во сегашни услови во медиумите ретко некој конфликт или насилство се опишува сеопфатно и во рамките на соодветен контекст. Многу ретко или речиси воопшто не се зборува и за невидливите ефекти од насилството, како на пример траума и психолошка штета. Фокусот во известувањето, според најголем дел од уредниците, во 2001 година најчесто бил ставен на страдањето, обесправеноста и стравовите на едната страна од конфликтот. Известувањето се оценува најчесто како еднострано, а истиот тренд, според истражуањето, новинарите го имаат задржано и денес. Уредниците сметаат дека и низ призма на денешното известување на медиумите лидерите се тие кои треба да сугерираат или нудат решенија за излез од кризата, а притоа се заборава гласот на граѓанското општество.

И покрај тоа што, како што споменавме и погоре, ова повеќе се должи на недоволна информираност за теоријата на мировното новинарство отколку на свесна тенденција да се заобиколат патиштата до афирмирање на мирот или мирното решавање на

конфликтите, сепак неспорно е дека е потребен поактивен ангажман на новинарите во постигнувањето на вистинската професионалност во таа смисла.

Разгледувајќи го овој концепт на мировно известување и неговите принципи, јасно е дека не станал доминантен пристап во новинарското известување во периодот кој се анализира, односно почнувајќи од 2001, па до денес.

Иако моделот на мировното новинарство доживува теоретски и практични предизвици, сепак тој може да понуди алтернативни начини за известување на конфликтите.

За почеток, можеби да се појде од идејата да се зборува повеќе за начинот на кој се рефлектираат конфликтите врз животот на обичните луѓе, а потоа да се стигне и до елитатата, стручната јавност и повисоките инстанци.

Новинарите низ едукацијата за овој концепт на известување би избегнувале речник на обвинување, демонизирање, виктимизирање и емотивен речник, а би користеле алтернативни зборови и рамки. Во посуштинска смисла, тие би го прошириле спектарот на извори на информации и би научиле да го избегнуваат пристапот на информирање „ние наспроти тие“.

Еден од посуштинските проблеми со кои се соочуваат медиумите е нивната зависност од официјалните извори на информации, што повторно е нешто што не е во духот на мировното новинарство со кое се препорачува проширување на спектарот на изворите на информации за да им се даде глас и на обичните луѓе. Од друга страна, новинарите, особено во услови на конфликт и насилство, немаат доволно време за да стигнат до повеќе извори на информации, да истражуваат и да напишат посеопфатна сторија. Оттука, известувањето според официјални извори на информации е нешто што повеќе се користи за сметка на фокусот на алтернативни гласови, истражување на позадината на конфликтот и можното влијание, што се очекува според концептот на мировното новинарство.

Од друга страна, потребно е да се земе предвид дека со фокусот врз насилството, како и штетните последици од некој конфликт, насилство или инцидент полесно се привлекува вниманието на публиката, што во комерцијална смисла би довело и до поголеми добивки за медиумот.

Сепак, значајно е да се истакне дека со концептот на мировното новинарство новинарите се гледаат како активни чинители во потрагата по информации со кои детално се објаснува конфликтот, причините кои довеле до него, се утврдуваат сите страни во конфликтот, нивните мотиви, начини на ангажираност и вклученост, идеите

за разрешување на конфликтот, итн. Не би било доволно доколку новинарите само даваат хроника на настаните и случувањата во текот на конфликтот, а во контекст на нашата анализа и на активностите на меѓународните актери. Нивното дејствување според концептот на мировното новинарство треба да подразбира и улога на аналитичари кои обезбедуваат продлабочена слика за конфликтот и страните во него.

Всушност, во ситуација на конфликт медиумите честопати не успеваат да одговорат на едно важно и суштинско прашање, а тоа е зошто нешто се случува. Со примената на концептот на мировното новинарство овој јаз може да се надмине, а на граѓаните да им се понуди подобар пристап до коректни и вистинити информации, а со тоа и нивна вклученост во утврдувањето на исходот од конфликтот и влијанието врз политиките на елитите за излез од кризата. Иако мировното новинарство како концепт наидува и на критика дека тоа претставува закана за професионалната објективност и интегритет на новинарите, преку наметнувањето нови критериуми за нив, од научна гледна точка „таквиот став го наметнува прашањето за тоа дали која било форма на новинарство може да биде вистински неутрална vis-à-vis поширокиот политички, економски и идеолошко контекст“[133].

Практиката на мировното новинарство ќе значи и создавање на арена на која конфликтните страни, вклучените актери во решавањето на конфликтот и граѓаните би можеле да соработуваат во изнаоѓањето заедничко решение за излез од кризата. Всушност, мировното новинарство е концепт со кој се предизвикуваат доминантните новинарски вредности и рутини во известувањето за конофликтите и се фокусира на можностите за трансформација на професионалните рутини. Сузан Дент Рос (Susan Dente Ross) смета дека мировното новинарство не е поразлично од современата новинарска практика. „Мировното новинарство се стреми кон бројни суптилни и кумулативни промени во гледањето на вестите, изворите на информации, размислувањето, раскажувањето и финансирањето“[134].

Во насока на практично совладување на концептот на мировното новинарство би била препораката за воведување нови дисциплини во наставните програми во едукацијата на идните новинари, односно запознавањето со теоријата и практиката на мировното известување. Со оваа дисциплина е неопходно да се запознаат и самите

---

[133]Expanding peace journalism: comparative and critical approaches/edited by Ibrahim Seaga Shaw, Jake Lynch, and Robert A. Hackett, published 2011 by Sydney University Press

[134]Richard Lance Keeble, „Journalism as political practice: A new, radical look at media ethics“, available at http://www.ku-eichstaett.de/fileadmin/1303/Downloads/Keeble_Paper.pdf

новинари низ едукација и можности за практично изучување и примена на овој концепт на известување.

### 5.2.1. Препораки за идни истражувања

Секое понатамошно истражување во областа на мировното новинарство би придонело за збогатување на научната мисла, но и за прифаќање на овој концепт на известување, што всушност е дел од рамката за професионално работење на медиумите во услови на конфликт.

Некои од идеите за последователни истражувања би биле да се направи споредба меѓу повеќе медиуми (печатени, електронски и Интернет) околу придржувањето до стандардите на мировното новинарство. Исто така, би можело да се реализира и истражување со кое ќе се спореди известувањето на медиумите на македонски и медиумите на јазиците на немнозинските заедници во Република Македонија.

Од денешна перспектива би било потребно да се реализира истражување околу применливоста на концептот на мировното новинарство во различни околности кои подразбираат тензии, инциденти, несогласувања, особено во сферата на политичкото дејствување.

## 5.3. Резиме

Главна определба при изработката на овој труд беше да се дефинира теоретската рамка на мировното новинарство, како и да се утврди колку дадениот печатен медиум во Република Македонија бил професионален во своето известување за време на вооружениот конфликт од 2001 година низ призма на стандардите на мировното новинарство.

За таа цел, поконкретно се испитуваше како дневниот весник на македонски јазик “Дневник“ информирал за активностите на одредена група меѓународни актери поврзани со вооружениот конфликт во државата, како и дали притоа се почитувале стандардите на мировното известување, а со тоа и дали и колку се почитувала објективноста и рамнотежата во работењето на новинарите.

Истовремено, наша определба беше да се даде и преглед на видот на активности и идеи за исходи од вооружениот конфликт реализирани и дадени од страна на меѓународните актери, кои за целите на ова истражување беа поделени на три групи: индивидуални лица, колективни тела и дипломатско – конзуларни претставништва во Република Македонија.

Критериумот од кој се појде при селекцијата на горенаведените актери беше нивната инволвираност во активности и иницијативи при решавање на вооружени конфликти во државите, како и динамиката на нивната застапеност како меѓународни актери во медиумите во Република Македонија за време на кризниот период.

Со цел да се постигнат горенаведените цели, беше применет методот на анализа на содржина на вкупниот број написи во Дневник во периодот од јануари до септември 2001 година (еден месец пред отпочнување, во текот на вооружениот конфликт и еден месец по неговото завршување) во кои станува збор зза активностите на одредена група меѓународни актери поврзани со конфликтот. Анализата ни овозможи да дојдеме до податоци со чија интерпретација се заклучи дека на новинарите не им биле доволно познати стандардите на мировен начин на новинарско известување.

Од друга страна, цел на истражувањето беше да се утврдат и ставовите на уредниците од денешна перспектива, односно нивните перцепции за начинот на кој се известувало за конфликтот во 2001 година, претставувањето на меѓународните актери, препознатливоста на мировното новинарство, како и неговата примена во околности на

конфликти од различен вид, насилство и инциденти. За таа цел, беа реализирани длабински полуструктурирани интервјуа со десетина уредници на поголеми медиуми во државата.

Весникот со своето известување покажал извесни обиди на почитување на стандардите на мировното известување, но тоа не е на задоволително ниво.

Понатаму, анализата покажа дека во весникот доминирале одредени меѓународни актери, како и активностите што ги презеле и идеите што ги давале за излез од вооружениот конфликт. Новинарството треба да и' служи на публиката преку обезбедување урамнотежена слика за случувањата на терен и преку сопоставување, односно компарирање на различните ставови, активности и идеи за разрешување на конфликтите. Преку овозможувањето одредена група меѓународни актери да доминираат во известувањето, весникот послужил и како инструмент за пласирање одреден тип информации што на соодветен начин го мобилизирале јавното мислење.

Освен тоа, анализата потврди дека концептот на мировното новинарство е недоволно познат и применет и од перспектива на сегашното работење на медиумите, а особено во услови на конфликти, насилство и инциденти.

Сите горенаведени сознанија упатуваат на општиот заклучок дека новинарите мора да бидат целосно професионални во извршувањето на својата професија. Тоа, меѓу другото, го подразбира и она што се содржи како препорака во овој труд, а тоа е добро да се познава и практиката на мировен начин на известување, особено за време на вооружен конфликт, како и доследно и принципиелно почитување на сите правила за објективност и етичност во информирањето.

## БИБЛИОГРАФИЈА

### Books, chapters and articles


Allyn, B., Wilkinson, S. (1995) *Handbook on Ethnic Conflict Management in the Former Soviet Union*, CMG and Institute of Ethnology and Anthropology, Russian Academy of Sciences, 110.

Aukofer F., Lawrence W., (1995) *America's Team - The Odd Couple: A Report on the Relationship Between the Media and the Military*, Arlington, VA, The Freedom Forum First Amendment Center, 6.

Balanova, E. (2007) *Media, Wars and Politics – Comparing the Incomparable in Western and Eastern Europe*, Ashgate Publishing Company.

Bivins, T.H. (2004) *Mixed Media: Moral Distinctions in Advertising, Public Relations and Journalism*, Lawrence Erlbaum Associates, Inc.

Blair P., (2003) Objectivity in Journalism: Real and Imaginary, *Capitalism Magazine*

Bromley M., Sonnenberg U., (ed.) (1998) *Reporting Ethnic Minorities and Ethnic Conflict – Beyond Good or Evil*, Maastricht, European Journalism Centre, 7

Brown, A.C. (2007) *Bodyguard of Lies: The Extraordinary True Story Behind D-Day*, Lyons Press

Bryman, A. (2004) 2nd ed. *Social Research Methods*, OUP Oxford

Cohen – Almagor, R. (2008) The Limits of Objective Reporting, *Journal of Language and Politics*, Vol. 7, No. 1 (2008), pp. 138-157.

Cohen-Almagor,R. (2001) Speech, *Media and Ethics – The Limits of Free Expression*, Palgrave

Drainie, B., (2000) *We Must End the War of Words*, The Globe and Mail

Dusterhoft, I. (2013) The Protection of Journalists in Armed Conflicts, *Mercourious* – volume 29, issue 76, article pp. 04-22, Igitur Publishing

E. Price, Thompson, M. (ed.) (2002) *Forging Peace: Intervention, Human Rights and the Management of Media Space*, Edinburgh University Press, 346

Frohardt,M., Temin J. (2003) *Use and Abuse of Media in Vulnerable Societies, Washington DC*, United States Institute of Peace, Special Report No.110, 2

Frost, C. (2000) *Media Ethics and Self-Regulation*, Pearson

Galtung J., Jacobsen C. and Brand – Jacobsen K., (2002). *Searching for Peace, the Road to Transcend*,2nd ed. London, Pluto Press, 14

Goff P., (ed) (1999) *The Kosovo News and Propaganda War*, Vienna: The International Press Institute, 534-536

Haiman R., (1999) *Best Practices for Newspaper Journalists*, Freedom Forum's Free Press/Fair Press Project, 37

Hanitzsch, Th. (2007) Situating peace journalism in journalism studies: a critical appraisal. *Conflict and Communication*, 6(2): 1–9. [Online]. Available: www.cco.regener-online.de/2007_2/pdf/hanitzsch.pdf Accessed 23 January 2011

Hackett, R.A., (2007), Journalism versus Peace? Notes on a Problematic Relationsip, *Global Media Journal – Mediterannean Edition*, volume 2, number 1 (spring 2007), [Online]. Available: http://www.beyondintractability.org/internal-biblio/10312, Accessed 12 September 2015

Harvey S., (2000) Report on the proceedings of the roundtable consultation on media and war-affected children, Vancouver, *IMPACS*, 9-10

Hattotuwa S., (2002) The Role of the Media in Peace Processes. In: *Proceedings of the 14th World Congress of Environmental Journalists*, Colombo, Sri Lanka Environmental Journalists Forum

Herman E., Chomsky N., (1998) *Manufacturing Consent: The Political Economy of the Mass Media*, New York: Pantheon Books, 1-2

Howard R., (2003) Conflict Sensitive Journalism, Denmark, *IMPACS*, 8-9

IPI Report: *2001 World Press Freedom Review* (2001). International Press Institute, 186

Jensen R., (2000) *Journalists Actually Need Less Objectivity*, Newsday

Keeble, R. L. Journalism as political practice: A new, radical look at media ethics, [Online]. Available: available at http://www.ku-eichstaett.de/fileadmin/1303/Downloads/Keeble_Paper.pdf, Accessed 10 December 2010

Knightley Ph., (2000) (revised ed.),*The First Casualty*, London, Prion Books, 525

Knightley, P., (1975)*The First Casualty, From the Crimea to Vietnam: The War Correspondent as Hero, Propagandist, and Myth Maker,* New York and London: Harcourt Brace Jovanovich, 195

Kurspahic K., (2003) *Zlocin u devetnaest i trideset*, Balkanski mediji u ratu i miru, Sarajevo: Media Centar Sarajevo, SEEMO, 245

Lasswell, H.D. (1971) *Propaganda Technique in World War I* (MIT Studies in Comparative Politics), The MIT Press

Lee P., (2001) *Communication and Reconciliation: Challenges Facing the 21st Century,* WCC Publications, Geneva/London: World Association for Christian Communication, 35

Lynch J., Gilligan (2004) Getting it right, getting it wrong, [Online]. Available: www.reportingtheworld.org.uk, Accessed 13 January 2007

Lynch, J., Galtung, J. (2010) *Reporting conflict: new directions in peace journalism,* St. Lucia: University of Queensland Press

Lynch, J., McGoldrick, A. (2005). *Peace journalism.* Stroud: Hawthorn Press
McGoldrick A., Lynch J. (2001)What is Peace Journalism. *Activate, the quarterly journal of IMPACS,*London, The Institute for Media, Policy and Civil Society

McGoldrick, A., Lynch, J. (2000) *Peace Journalism – What is it, How to do it*, Reporting the World, London

Melone S., Terzis G. and Beleli O. (2002) *Using the Media for Conflict Transformation: The Common Ground Experience*, Berlin, Berghof Research Center for Constructive Conflict Management, 2

Negrine, R., Mancini, P. et al. eds (2007) The Professionalization of Political Communication – Changing Media, *Changing Europe*, volume 3, Bristol, Intellect Limited

Parsons, P. (2008) 2nd ed. Ethics in *Public Relations – A Guide to Best Practice*, Chartered Institute of Public Relations

Pedelty, M. (1995) *War Stories: The Culture of Foreign Correspondents*, Routledge

Reljic D., (1998) *Pisanje smrti*, Dizeldorf, Evropski institut za medije, 103

Rubenstein, R.E., et al (1994) *Frameworks for Interpreting Conflict – A Handbook for Journalists*, Institute for Conflict Analysis and Resolution, George Mason University

Savich K., (expanded edition 2000) *War, Journalism and Propaganda: An Analysis of Media Coverage of the Bosnian and Kosovo conflicts,*[Online]. Available: available at http://www.kosovo.net/sk/rastko-kosovo/istorija/ccsavich-propaganda.html, Accessed 15 June 2015

Schon, D. (1979) Generative Metaphor: a Perspective on Problem Setting in Social Policy." In Andrew Ortony (Ed). Metaphor and Thought. Cambridge: Cambridge University Press

Shaw, I. S., Lynch, J., and Hackett, R.A. (2011)*Expanding peace journalism: comparative and critical approaches*/edited, Sydney University Press

Thompson M., (1999) *Forging War: The Media in Serbia, Croatia, Bosnia and Herzegovina*, Bedfordshire, University of Luton Press, 26

Thussu, D.K., Freedman, D. ed. (2003) *War and the Media*, Sage Publications

Toit, du P, (2014) *Reporting Atrocities – A Toolbox for Journalists Covering Violent Conflict and Atrocities*, Internews

Vesic M., (2003) *Mediji i profesionalizam*, Kakva drzava, takvi novinari, NIN

Young, C. (1991) *The Role of Media in International Conflict*, Canadian Institute for Peace and Security

Young C., (2005) *The Role of Media in International Conflict*, Canadian Institute for Peace and Security

Wolsfeld, G. (2004) *Media and the Path to Peace*, New York, Cambridge University Press

## Документи и извештаи

IPI Report: 2001 World Press Freedom Review (2001). International Press Institute, 186

Viena Declaration on Public Broadcasting, достапно на: www.panosinst.org/resources/guides/journalists/189-vienna.php (пристапено на 21 април 2014)

Кодекс на новинарите на Македонија, достапно на:

http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440

(пристапено на 20 јуни 2015)

Препорака бр. (97)20 на Советот на Европа за говорот на омразата (1997). Достапно на: http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/hrpolicy/other_committees/dh-lgbt_docs/CM_Rec%2897%2920_en.pdf

(пристапено на 14 март 2014)

Препорака бр. (97)20 – за промоцијата на културата на толеранција (1997) Достапно на: http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec(1997)020&expmem_EN.asp

(пристапено на 12 март 2014)

Закон за медиуми, достапно на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/b063254742a44129b8dfe1221762ddb4.pdf

Закон за радиодифузна дејност, достапно на:

http://www.avmu.mk/

(пристапено на 25 декември 2015)

Милениумска декларација на Обединетите Нации, достапно на: http://www.un.org/millennium/declaration/ares552e.htm

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ БР. 1 – ИДЕИ ЗА ИСХОДИ ОД СТРАНА НА АНАЛИЗИРАНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ АКТЕРИ

### А) Најчести идеи за исходи од страна на еден актер

**Индивидуални лица**

**Хавиер Солана**

1) Конфликтот да се реши по политички пат
2) Да се промени Уставот на РМ
3) Обичното население да покаже трпеливост и воздржаност
4) Да се изгради доверба меѓу сите страни
5) Македонската влада да покаже воздржаност.

**Џорџ Робертсон**

1) Конфликтот да се реши по политички пат
2) Да се изврши демилитаризација на екстремистите
3) Република Македонија да биде умерена во воениот одговор
4) Македонската влада да покаже воздржаност.

**Франсоа Леотар**

1) Клучно е да се потпише Рамковниот договор
2) Да се почитува прекинот на огнот
3) Да се заврши политичкиот дијалог.

**Џејмс Пердју**

1) Конфликтот да се реши по политички пат
2) Клучно е да се потпише Рамковниот договор
3) Да се почитува прекинот на огнот.

**Роберт Фровик**

1) Конфликтот да се реши по политички пат
2) Да се промени Уставот на РМ
3) ОНА да се повлече и разоружа.

**Ханс јорг Ајф**

1) ОНА да се повлече и разоружа.

**<u>Колективни тела</u>**

**НАТО**

1) Конфликтот да се реши по политички пат
2) Изолација на екстремистите на воен и дипломатски начин
3) Македонија да одлучи кој ќе и помогне во долгорочната стабилизација.

**ЕУ**

1) Конфликтот да се реши по политички пат
2) Да се консолидира мултиетничкото општество
3) Обичното население да покаже трпеливост и воздржаност
4) Да се спроведат внатрешнополитички реформи
5) ОНА да се повлече и разоружа
6) Да се реализираат обврските од Охридскиот рамковен договор за да се спроведе финансиската помош.

**ОБСЕ**

1) Конфликтот да се реши по политички пат
2) Да се засили контролата на границата
3) ОНА да се повлече и разоружа
4) Обичното население да покаже трпеливост и воздржаност.

**ООН:**

1) Да се одвива дијалог меѓу легитимните страни.

**Совет на Европа**

1) Обичното население да покаже трпеливост и воздржаност

2) Потребен е дијалог и соработка меѓу сите политички партии.

Б) **Исти видови на исходи што ги повторуваат различни меѓународни актери**

- ОНА да се повлече и разоружа: КФОР, НАТО, ЕУ, Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Питер Фејт, Роберт Фровик, ОБСЕ, Ханс јорг Ајф
- Да се почитува прекинот на огнот: КФОР, НАТО, ООН, ЕУ, Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Џејмс Пердју, Ханс јорг Ајф, Франсоа Леотар
- Конфликтот да се реши по политички пат: КФОР, НАТО, Роберт Фровик, ОБСЕ, Џејмс Пердју, ЕУ
- Изолација на екстремистите на воен и дипломатски начин: НАТО, Ханс јорг Ајф, ООН
- Да се распоредат трупи на границата со РМ: НАТО, ООН
- КФОР да преземе контрола на границата: НАТО, ООН
- Да се консолидира мултиетничкото општество: НАТО, ЕУ, Амбасада на САД
- Амнестија на екстремисти: НАТО, Хавиер Солана, Роберт Фровик

- Република Македонија да најде решение што и одговара: НАТО, ООН, ЕУ, Хавиер Солана
- Да се подобри состојбата на албанското малцинство во државата: ЕУ, Хавиер Солана, Питер Фејт, ОБСЕ, НАТО, Совет на Европа
- Да се промени Уставот на РМ: ЕУ, Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Питер Фејт, Роберт Фровик, Совет на Европа, Амбасада на САД, Џејмс Перду, Франсоа Леотар
- Да се формира голема владина коалиција: ЕУ, Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Роберт Фровик, ОБСЕ, Амбасада на САД, Амбасада на Велика Британија
- Да не се воведува воена состојба: ЕУ, Хавиер Солана
- Клучно е да се потпише Рамковниот договор: ЕУ, Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Амбасада на САД, Џејмс Перду, Франсоа Леотар
- Да се поддржи планот на Борис Трајковски за излегување од кризата: ЕУ, Џорџ Робертсон, ОБСЕ, Совет на Европа

**В) Единствени (автентични) исходи што се нудат од страна на еден меѓународен актер**

**Џорџ Робертсон:** 1) Дијаспората да не собира финансии за екстремистите

**Џејмс Перду:** 1) Потребно е проширено меѓународно присуство во РМ (истиот вид на исхог до предлага и Леотар);

**Ханс јорг Ајф:** 1) Да се формира копнена зона по примерот на Србија

**ЕУ**: 1) Федерализација на РМ; 2) Политичката елита и граѓанското општество заеднички да се организираат; 3) Водачите на верските заедници да ја поддржат иницијативата за мир; 4) ОНА да не учествува во преговорите; 5) Да се спроведе зајакнат процес како Дејтон; 5) Потребно е воено присуство на НАТО во РМ.

**ОБСЕ:** 1) Медиумите да се воздржат од говор на омраза

**ООН**: 1) Меѓународната заедница да преземе пожестоки мерки

**Хашки трибунал:** 1) Да се казнат воените злосторства

**Совет на Еврпа:** 1) РМ да се организира како мултиетничка држава

**Амбасада а САД:** 1) РМ да прерасне во унитарна држава; 2) Да се изгради граѓанско општество во државата.

## ПРИЛОГ БР.2 - АКТИВНОСТИ СО КОИ СЕ ПРЕТСТАВЕНИ МЕЃУНАРОДНИТЕ АКТЕРИ

### А) Најчести активности со кои е застапен меѓународниот актер

**Индивидуални лица**

**Хавиер Солана**

- Дава поддршка за решавање на кризата
- Го поддржува дијалогот меѓу легитимните претставници
- Ја поддржува идејата за широка коалиција
- Контактира/соработува со македонски и албански политичари
- Го поддржува суверенитетот, територијалниот интегритет и стабилност на РМ
- Искажува оптимизам во однос на решавање на кризата
- Го осудува насилството од екстремистите
- Го поддржува планот на Борис Трајковски за прекин на огнот

**Џорџ Робертсон**

- Го поддржува дијалогот меѓу легитимните претставници
- Застанува против тероризмот
- Поддржува обично население
- Го поддржува суверенитетот, територијалниот интегритет и стабилност на РМ
- Ја поддржува идејата за широка коалиција
- Го осудува насилството од екстремистите
- Го поддржува планот на Борис Трајковски за прекин на огнот
- Искажува загриженост за стабилноста на државата
- Искажува оптимизам во однос на решавање на кризата

**Франсоа Леотар**

- Ветува помош во политичкиот дијалог
- Го поддржува дијалогот меѓу легитимните претставници

**Џејмс Перџу**

- Дава поддршка за решавање на кризата
- Се залага за политичко решение на конфликтот

**Питер Фејт**

- Посредува во прекин на огнот
- Посредува во разоружувањето на ОНА
- Поддржува обично население

**Роберт Фровик**

- Го осудува насилството од екстремистите
- Носи спорен документ со ПДП
- Се обидува да издејствува амнестија и рехабилитација на терористите на ОНА

**Колективни тела**

**НАТО**

- Дава поддршка за решавање на кризата
- Покажува подготвеност за ангажман во разоружување на ОНА
- Соработува со македонските власти
- Успешно го спроведува разоружувањето на ОНА
- Го поддржува суверенитетот, територијалниот интегритет и стабилност на РМ
- Го зајакнува воеността присуство на граница
- Се залага за политичко решение на кризата
- Обезбедува техничка помош за РМ
- Ќе разоружува терористи ако прекине огнот/се задоволат условите
- Неподготвен е за формирање безбедносна зона
- Нема да биде сила за разграничување
- Го осудува насилството од екстремистите
- Искажува оптимизам во однос на решавање на кризата

- Искажува загриженост за стабилноста на државата
- Смета дека РМ сама може да ја контролира состојбата
- Мисијата на НАТО покажува неуспех
- Покажува недоволна заинтересираност за РМ
- Не обезбедува хуманитарен конвој
- Ги штити терористите на ОНА
- Вмешан во настаните во Арачиново

**ЕУ**

- Застанува против тероризот
- Го поддржува суверенитетот, територијалниот интегритет и стабилност на РМ
- Дава поддршка за решавање на кризата
- Ветува финансиска поддршка
- Посредува во македонско - албанскиот дијалог
- Го поддржува дијалогот меѓу легитимните претставници
- Ќе влегува во кризните подрачја
- Врши притисок врз албански лидери во РМ
- Се залага за политичко решение на конфликтот
- Поддржува обично население
- Вмешана во настаните во Арачиново
- Условува финансиска помош со прекин на оган/реформи/спроведување на Рамковен договор
- Сака да игра важна улога во решавање на кризата
- Ветува придонес за решавање отворени прашања/реформски дијалог
- Искажува оптимизам во однос на решавање на кризата
- Искажува загриженост за стабилноста на државата
- Не постапува добро во справувањето со кризата.

**ОБСЕ**

- Поддржува обично население
- Се залага за политичко решение на конфликтот

- Го осудува насилството од екстремистите
- Придружува конвој на раселени лица/хуманитарен конвој
- Помага во извлекување на заробени македонски војници
- Се стреми кон градење мерки на доверба/мултикултурно општество
- Овозможува стабилна ситуација на терен
- Набљудува операција на извлекување терористи
- Не обезбедува конвој на раселени лица/хуманитарен конвој.

**КФОР**

- Ја обезбедува границата
- Застанува против тероризмот
- Спроведува дополнителни мерки за безбедност
- Ја зајакнува координацијата со АРМ
- Ветува соработка/засилување
- Покажува неодговорен однос во оружени инциденти
- Не ја штити границата
- Им помага на терористите
- Прави провокативни летови над Македонија

**ООН**

- Дава поддршка за решавање на кризата
- Застанува против тероризмот.

**Хашки трибунал**

- Собира докази за прекршување на меѓународното хуманитарно право
- Дава поддршка за решавање на кризата
- Ги истражува финансиските фондови на ОНА.

**Совет на Европа**

- Го осудува насилството од екстремистите

**Дипломатско – конзуларни претставништва**

**Амбасада на САД**

- Врши притисок врз албански лидери во РМ
- Поддржува обично население.

**Британска амбасада**

- Контактира/соработува со македонски и албански политичари
- Врши притисок врз албански лидери во РМ.

**Б) Исти видови на активности со кои се претставени различните меѓународни актери**

- Ја обезбедува границата: КФОР, НАТО
- Застанува против тероризмот: КФОР, НАТО, ООН, ЕУ, Хавиер Солана, Џорџ Робертсон, Роберт Фровик, ОБСЕ, Совет на Европа, Џејмс Пердју
- Поддржува обично население: КФОР, НАТО, ЕУ, Хавиер Солана, Робертсон, Фејт, Фровик, ОБСЕ, Амбасада на САД
- Дава поддршка за решавање на кризата: НАТО, ООН, ЕУ, Солана, Робертсон, ОБСЕ, Совет на Европа, Амбасада на САД, Британска амбасада, Џејмс Пердју
- Ја поддржува идејата за широка коалиција: НАТО, ЕУ, Солана, Робертсон, Фровик, Совет на Европа, британска амбасада
- Врши притисок врз албански лидери во РМ: НАТО, ООН, ЕУ, Солана, Амбасада на САД, Пердју, Франсоа Леотар
- Го поддржува суверенитетот, територијалниот интегритет и стабилност на РМ: НАТО, ЕУ, Солана, Робертсон, ОБСЕ, Совет на Европа, Амбасада на САД, Пердју

- Се залага за политичко решение на конфликтот: НАТО, ООН, ЕУ, Солана, Робертсон, ОБСЕ, Пердју, Ханс јорг Ајф, Леотар
- Посредува во македонско – албанскиот дијалог: ЕУ, Солана, Робертсон, Ханс јорг Ајф, Леотар.

**В) Единствени (автентични) активности со кои е претставен меѓународниот актер**

**Колективни тела**

**КФОР**: Зајакнува координација со АРМ

**НАТО**: Проценува безбедносни потреби на РМ; поддржува воена соработка меѓу РМ и Бугарија; се спротивставува на обидите за менување на границите; го поддржува планот на Роберт Фровик за решавање на кризата; покажува подготвеност за анажман во разоружување на ОНА; планира да воведе безбедносни зони.

**ЕУ:** Има главна улога во решавање на кризата; Прави нов план за политички дијалог; Подготвува мировна конференција за РМ.

**Хашки трибунал:** Собира докази за прекршување на меѓународното хуманитарно право; истражува финансиски фондови на ОНА

**ОБСЕ:** Ќе предложи план за надминување на кризата; би поддржал оружена акција против албанските терористи; помага во враќање на раселени лица.

**Совет на Европа:** Носи резолуција против финансирање на екстремизмот.

**Индивидуални лица**

**Хавиер Солана:** Најде формула за политички дијалог

**Џорџ Робертсон:** Ќе посредува во демилитаризација на ОНА; ќе ја набљудува операцијата за разоружување на ОНА.

**Питер Фејт:** Доаѓа со договор за мир.

**Роберт Фровик:** Го осудува насилството врз муслиманското население

**Џејмс Пердју:** Ќе се вклучи во разговори за Уставот

**Ханс јорг Ајф:** Против вклучување на ОНА во преговори

**Франсоа Леотар:** Прави рамка за разбирање на предлозите на Роберт Бадентер; ќе се вклучи во разговори за Уставот.

## ПРИЛОГ БРОЈ 3 – ПРЕГЛЕД ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ НА МИРОВНОТО НОВИНАРСТВО СПОРЕД ГРУПИ НА АКТЕРИ

| | Актери (бр. на написи) | *Мировни стандарди* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Цели на актерот | Историјат на активности | Идеи за исходи | Иниц. за помирување | Извор на проблем | |
| | | | | | | Конфликт | Одреде на страна |
| Индивидуални лица | Х . Солана (101) | 24 | 5 | 30 | 12 | 5 | 3 |
| | Џ. Робертсон (80) | 12 | 4 | 28 | 12 | 5 | 9 |
| | Ф. Леотар (63) | 9 | 13 | 7 | 2 | 3 | 1 |
| | Џ. Перђју (57) | 7 | 9 | 9 | 4 | 2 | 21 |
| | П. Фејт (21) | 1 | 2 | 2 | 1 | | |
| | Р. Фровик (20) | 2 | 3 | 7 | 3 | | 2 |
| | Х.ј. Ајф (17) | 3 | 3 | 3 | 3 | | 3 |
| Колективни тела | НАТО (288) | 54 | 48 | 19 | 5 | 8 | 12 |
| | ЕУ (208) | 26 | 10 | 41 | 10 | 7 | 15 |
| | ОБСЕ (139) | 14 | 11 | 15 | 8 | 2 | 10 |
| | КФОР (122) | 11 | 9 | 2 | 1 | 1 | 5 |
| | ООН (46) | 6 | 2 | 11 | 2 | 2 | 8 |
| | Х.Трибунал (26) | 7 | 5 | 1 | | 1 | 1 |
| | Совет на Европа (18) | 2 | 2 | 7 | 3 | 2 | 3 |
| Дипл.-конзуларни претставништва | Амб. на САД (24) | 2 | 1 | 5 | 5 | 1 | 1 |
| | Амб. на В.Британија (15) | | | 1 | | 1 | |

## ПРИЛОГ БРОЈ 4 – ПРАШАЊА ЗА ИНТЕРВЈУ СО УРЕДНИЦИТЕ

1. Дали кога се известува за конфликти тие обично се претставуваат како судир меѓу две страни? Се прават ли обиди да се лоцираат повеќе страни во конфликтот?
2. Дали се прават остри разграничувања меѓу „ние“ и „тие“?
3. Дали конфликтот се претставува како нешто што се случува во самиот момент кога се случува насилството? Или се дава и контекстот од претходно?
4. Дали се известува за невидливите ефекти од насилството, како траума и психолошка штета?
5. Дали во известувањето се става фокус на она шти го подвојува страните и на нивните разлики?
6. Дали „другиот“ се обвинува дека почнал прв?
7. Дали постои фокус само на страдањата, стравовите и обесправеноста на една страна?
8. Се користи ли јазик на виктимизирање, како што се на пример зборовите немоќни, уништени, беспомошни, патетично, трагедија, итн? Или, пак, придавки на демонизирање (брутален, суров) и демонизирачки етикети (екстремисти, фанатици, фундаменталисти)
9. Дали постои фокус кон злоупотребата на човековите права, нападите и погрешното однесување само на една од страните во конфликтот? Се наведуваат ли сите кои се однесуваат погрешно?
10. Дали само во лидерите се очекува да сугерираат или да нудат решенија за излез од кризата?
11. Дали кога се известуваше за конфликтот во 2001 година како инволвирана страна се споменуваа и меѓународните актери?
12. Во какво светло најчесто се претставуваа? Позитивно, негативно, неутрално?
13. Кои актери се претставуваа најчесто?
14. Дали тие помогнаа да се излезе од конфликтот?